**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од првото продолжението на Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јуни 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници со почеток во 11,15 часот.

На седницата претседаваше господинот д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со 21-та седница.

Сакам да Ве известам дека пратеникот Нано Ружин од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Исто така, потпретседателот на Владата на Република Македонија Радмила Кипријанова, министерот за одбрана Никола Кљусев, министрите за наука и за правда Мерие Рушани и Владо Камбовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 1 - Информација за односите и соработката на Република Македонија со НАТО.

Информацијата и извештајот на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за внатрешна политика и одбрана Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Јас би му дал збор најнапред на министерот за надворешни работи господинот Александар Димитров.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, денеска расправаме за едно мошне значајно прашање, а тоа е односите и соработката на Република Македонија со НАТО.

Владата на Република Македонија оцени во услови на еден квалитативно нов вид на соработка воспоставена последниве месеци да го запознае Парламентот, да Ве запознае вас пратениците со она што во моментот е најактуелно. Тоа се неколку работи.

Прво, во изминатиот период се одржа Самитот на НАТО во Вашингтон на 24 и 25 април, каде што Македонија за прв пат рамноправно се најде заедно со другите осум земји, значи 9 земји рамноправно се аспиранти за идното членство во НАТО. Тоа резултираше со се она што во последно време се направи во изградувањето на компатибилноста на македонската армија, на системот на одбраната со она што значи стандард, процес и потреба содржан во НАТО правилата и исполнувањето на обврските што Македонија ги имаше во рамките на партнерството за мир.

Втората причина што сакавме и оценивме дека е неопходно пратениците да се запознаат е развојот и актуелните состојби во соработката меѓу Македонија и НАТО е фактот што заврши една од мошне значајните фази во која Македонија ја покажа сета солидарност со меѓународната заедница, во тие рамки и со НАТО во разрешувањето на проблемот на Косово и во изнаоѓањето на политичкото решение за она што се случуваше во Југославија и на Косово.

Во врска со тоа сакам да потсетам дека во Македонија врз основа на постигнатите договори привремено беа лоцирани во еден од периодите 16.000 НАТО војници, а во последно време тоа барање беше зголемено за уште 14.000, или вкупниот 30.000 војника. Тоа беше и дополнителниот мотив да го запознаеме Парламентот со се она што беше направено од страна на Владата во договорното регулирање на престојот на вака големиот број на војници во Македонија. Притоа се појде од фактот што во 1996 година е ратификуван договорот СОФА, кој ги поставува правните рамки на соработката и на лоцирањето на престојот на претставниците на НАТО во Македонија и врз основа на потоа постигнатиот договор од декември месец, со размената на писма со генералниот секретар Солана, се отпочна лоцирањето прво на верификаторите, потоа на снагите за извлекување и конечно на НАТО снагите кои требаше да послужат за имплементација во прво време на мировниот процес од Рамбуе, а сега како што е веќе познато, во имплементацијата на резолуцијата на Советот за безбедност и врз основа на договорот и со Југословенската влада и Југословенската армија овозможи префрлање во рамките на меѓународните цивилни, безбедносни снаги на НАТО единиците во Косово.

Последното барање од страна на НАТО беше проследено со соодветни барања од страна на Република Македонија кои накратко се состоеја во следното:

Прво, изготвување меморандум на согласност во кој на мошне широка рамка и конкретна рамка ќе се воспостават односите меѓу Македонија и НАТО во кој ќе биде содржана потребата и обврската на НАТО да обезбеди одреден контингент на војници и по завршувањето на префрлувањето на НАТО снагите во Косово се до конечното примање на Македонија во членство во Алијансата.

Второ, оставени се можностите да се регулираат видовите на техничка помош, на техничка обука, на логистичка поддршка што треба да и се даде со престојот на НАТО снагите во Македонија и нејзините контакти и соработка со Армијата на Македонија. Потоа, обврската да се плаќа врз економски механизми она што значи фактички трошок и фактичка услуга што ја овозможува Македонија и конечно обврската

добар дел од производите што се потребни за НАТО да се алиментираат од македонското производство.

Третата особено важна работа што се постигна во последниве неколку месеци при доаѓањето на НАТО снагите, беше фактот што од страна на НАТО беа добиени и особено зацврстени безбедносните гаранции на Република Македонија и во случај на можни мерки на реторсија од страна на северниот сосед, а и во случај на било какви други обиди за загрозување и на внатрешната стабилност и на интегритетот на Републиката.

Сега сме исправени пред една нова квалитативна фаза на односи во која по самитот на НАТО во Вашингтон не очекува обврската да ја исполнуваме врз основа на прецизна програма и врз основа на годишно определени рокови, планот за членство, кој ќе значи натамошно оспособување на армијата и на целата држава за да биде што по компатибилна со НАТО стандардите.

Не би сакал повеќе да говорам, би сакал само да заокружам со следното:

Прво, Владата расправајќи за оваа Информација и доставувајќи ја до Парламентот оцени дека од страна на надлежните органи се превземени сите неопходни мерки за да се воспостават договорни и квалитативно нови успешни односи на соработка меѓу Македонија и НАТО.

Второ, што исто така важно Владата оцени дека доследно се почитуваше заклучокот од март месец на Собранието на Република Македонија, да не се дозволи користењето на територијата на Република Македонија за никакви офанзивни активности спрема било кој од соседните земји, што значи спрема северниот сосед, спрема Сојузна Република Југославија.

Трето, сметам дека особено мора да се нагласи значењето што во најновиот развој на односите и соработката со НАТО беа зацврстени и потврдени гаранциите за безбедноста на Република Македонија можеби на највисоко ниво од она што го обезбедува правото и целосното членство на една земја во алијансата.

Конечно, престојот на НАТО снагите во Македонија, соработката на Република Македонија со НАТО овозможија натамошна афирмација на вкупната, и внатрешна и надворешна политика на Република Македонија, ја зацврстија солидарноста на Република Македонија со напорите на меѓународната заедница, ја доближија Македонија до европските и Евро - атланските структури. Тоа е видливо и во нашите настојувања за доближување до Европската Унија и до НАТО алијансата и конечно овозможија или придонесоа за зацврстување на вкупните национални државни интереси на Република Македонија во целина. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Александар Димитров, член на Владата и министер за надворешни работи за воведното излагање.

Продолжуваме со расправата.

Молам, кој друг бара збор?

За збор се јави господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Кон Информацијата јас имам резерви, кои ги искажав и на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, меѓутоа овде ќе ги образложам малку подетално, иако и таму укажав на слабостите на оваа Информација.

Најнапред, Информацијата е премногу техничка, а од друга страна е некомплетна, бидејќи се повлекува на некои документи и акти на некои договори, а ние како пратеници на ова Собрание не знаеме за што станува збор, или пак можеме да дознаеме преку печатот. Мислам дека тоа е вон сите принципи на цивилната контрола, на одбранбените прашања, нешто што е стандард на сите западни демократски држави. Така да ние можеме сега да погодуваме што е договорено, што не е договорено, што содржат тие договори, дури и она што е договарано на почетокот околу верификационата комисија, која ја одобри поранешната Влада, а не е реализирано. На пример, со тој наш договор беше одобрена верификационата мисија да биде стационирана во Куманово, вредноста на објектот да се наплати преку негова реконструкција некаде околу милион долари, а НАТО си презеде обврска да си ги плаќа сите трошоци (вода, струја и т.н.). До ден денес тие трошоци не се наплатени што зборува за еден несериозен однос на Владата и тоа затоа што Владата не побарала, а тие луѓе се спремни да уплатат. Меѓутоа, има и посериозни прашања кои ги нема во Информацијата.

Прво, затоа што таа е многу задоцнета. Идејата за оваа седница мислам дека беше сосема друга, но заради стек на околности испадна да добиеме ваква информација. Ние и до ден денеска не добивме одговор на прашањето на која седница на Владата се одобрени прелетите на НАТО авионите. Не дискутирам за тоа дали е тоа во ред или не е во ред, меѓутоа Владата треба да каже на која седница одлучувала, бидејќи претставниците на НАТО велат дека имало прелети преку Република Македонија. Кажете на таа седница се одлучи од тие причини да се дозволат прелети преку Република Македонија. Особено загрижува тоа што ние се уште немаме информации ниту од НАТО ниту од нашата Влада, особено од нашата Влада, бидејќи сме соседи кои се граничат со ова кризно подрачје, дали е точно дека е користен осиромашен ураниум, во кои количини за да Република Македонија ги преземе сите мерки за

да се заштити од нивното негативно влијание. Покрај другото, според дневниот ред и да ги заштитиме лољаците да не ни бидат озрачени, бидејќи тоа е многу важна точка за овој Парламент.

Исто така, мислам дека се случува прв пат од осамостојувањето на Република Македонија да се прогласи генерал на НАТО за домаќин во Република Македонија, преку изјавата на премиерот на Владата.

Ве молам секоја држава си има сопствен суверенитет кој произлегува од Уставот на државата. Да кажете вие дека генерал на НАТО, без разлика на која функција е, кои квалитети ги има дека е домаќин во Република Македонија такви работи досега слушавме и гледавме само во некои јужноамерикански или така наречени банана републики. Тоа е навредливо за самата Влада, за овој Парламент, за овој народ, а соработката со НАТО е нешто, според консензусот кој го постигнавме, што не зависи од било која Влада или било кој Парламент на Република Македонија, бидејќи тој е стратешки интерес на Република Македонија.

Би сакал да се осврнам на Информацијата во делот кој се однесува на наводниот наш напредок во соработката со НАТО или приближуваше кон НАТО, што не е точно од набројувањата кои се дадени на Вашингтонскиот самит, затоа што во претходниот период во целокупната соработка која се остваруваше меѓу Република Македонија и НАТО, ние бевме во четирите држави, Словенија, Романија, Македонија и Бугарија, со кои во пакет се разговараше за унапредувањето на соработката, за реформите во Армијата, за да после доаѓањето на новата Влада се направи нова ранг листа, во која ние сме спуштени долу и сме единствено пред Република Албанија.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Да не зборувам дека има застој во реформите на Армијата на Република Македонија. Со други зборови оваа Информација не е прифатлива, а можеби е прифатлива само доколку се дополни со овие прашања кои ги поставив. Да не зборувам за фактот дека е недозволиво една Влада домаќин во меѓународната соработка самата да не знае колку сили престојуваат во одреден период што зборува за еден понижувачки однос. Тоа го слушавме од изјавите на членови на Влада, едни спомнуваат една бројка, други спомнуваат друга бројка. Тоа значи дека или ние сме го изгубиле достоинството, или сме не организирани да знаеме колкав број во кој момент престојува во Република Македонија.

Воглавно тоа се забелешките кои сакав да ги кажам во врска со овие Заклучоци кои ни се предложени. Веројатно ќе има и други дискусии. Да заклучам, оваа тема требаше да се постави многу порано за да можеме навистина на некои работи да укажеме како опозиција на Владата за да не направи катастрофални грешки по некои прашања.

Второ, морам да кажам дека во некои елементи НАТО се покажа некоректен спрема Република Македонија, затоа што првите земји што ги раскинаа договорите, стопанските договори со Република Македонија после не спомнувањето на косовската криза беа токму фирми од членките на НАТО. Мислам дека тоа е некоректен однос после се ова што го претрпе Република Македонија со бегалците, односно ако Владата не беше свесна, бидејќи НАТО е машинерија која има големи центри, тој требаше да укаже колку бегалци можат да дојдат во Република Македонија и тој да ја преземе одговорноста за бегалците во Република Македонија. Ако веќе не ја послуша нашата Влада кога ние рековме меѓу 300, 400 и 500 илјади. Бројката е скоро погодена во децимал на бегалци кои ќе поминат или ќе влезат во Република Македонија. НАТО и Владата мораше да инсистира НАТО да преземе поголем дел од одговорноста во врска со бегалците, кои создадоа извонредно тешки проблеми и на Македонската држава, тешки проблеми и за самите луѓе кои беа навистина во една мачна ситуација за гледање што се случуваше на македонска територија.

Исто така, мислам дека Владата мора во оваа Информација, бидејќи се работи за односи со НАТО да укаже на еден проблем, а тоа е проблемот на пост косовскиот период, кој треба да не засега нас во принцип, бидејќи знаете дека западните демократии се ориентираат според некои принципи на човековите права, да укаже дека сега имаме ситуација на Косово да се врши етничко чистење на не албанското население, тоа значи на Срби, на Роми. Ако ние осудуваме етничко чистење на било која националност, на Албанците можен геноцид, сега имаме ситуација практично се врши етничко чистење на Косово од страна на УЧК и дури веста од утрово дека дури се оштетени православните споменици, религиозни споменици 6ез разлика на која нација тие припаѓаат, дали е џамија, или црква. Во случајот е манастир црква и обесчестени се луѓе во таа црква. Не може НАТО да има две лица. Тој веднаш да презема мерки, бидејќи тоа го врзува Резолуцијата на ОН. Мора да има еднаков однос спрема сите учесници на можни етнички судири на Косово. Тоа го зборувам како принцип на Балканот. Не може да се попушта спрема еден национализам, затоа што другиот национализам веднаш добива храна. Пактот за стабилност токму е насочен кон тоа да воспостави принципи на етничка толеранција и смирување на состојбите.

Меѓутоа, со ваквиот однос сега имаме една спротивна тенденција, мислам дека е нешто што треба сите нас да не загрижи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска ние расправаме по Информацијата за односите Република Македонија и НАТО. А НАТО на секого е познато дека претпоставува високо ниво на демократски односи, одговорност, функционализам и почитување на основните правила на комуникација. Ние бараме во НАТО да бидеме физички, односно со тело во НАТО, а со ум во Бангладеж, односно да не кажам некаде на друго место.

Вчерашниот настап, а и денешниот од опозицијата искрено кажано ме запрепасти. Тука изгледа дека станало ненапишано правило, кој е во опозиција има право и тоа морално право да манипулира со националната енергија, односно да манипулира со националните чувства. Никој во светот не може да сфати зошто голема Србија е интерес на Република Македонија како меѓу редови можевме тука да читаме, освен ако не се работи за театар, за задоволување на гледачите кои ќе платат одредена цена за тоа.

Од вчера искрено кажано стекнав впечаток дека ни Србија не се загрижува толку многу за Косово, освен некои пратеници од една политичка партија тука. И тие треба да се запрашаат и сериозно мислам дека треба да се запрашаат, зошто толку многу се загрижуваат за тоа прашање. Но, од друга страна за да бидам искрен ќе кажам дека и сигурен сум дека сегашната опозиција да беше позиција веројатно ќе постапуваше отприлика вака како што сега постапува сегашната позиција, како што сум сигурен дека сегашната позиција да беше во опозиција и таа ќе плачеше по некои фиктивни национални интереси и т.н. Но, да се вратиме на информацијата.

Мое мислење е дека во однос на информацијата би можело да стојат некои поважни елементи, односно Информацијата требаше да биде поопширна и по опсежна за да опфати и други елементи, првенствено за да имаме една реална слика во однос на исполнување на условите кои се барани од страна на механизмите на НАТО. Ние имаме одлука од 1991 година од ова Собрание со поинаков состав за вклучување на Република Македонија во НАТО како полноправно членство. И мислам од формално правен и политички аспект тоа стои без оглед на тоа што суштински мислиме. Тоа е веќе една друга дискусија.

На секого е јасно дека НАТО за Македонија претставува безбедност и осигурување на територијалниот интегритет на Република Македонија. Буквално кажано без НАТО не можеше да постои Република Македонија. Значи тој е витален ако не егзистенцијален интерес за Република Македонија. Но, бидејќи секоја појава, или секој однос, или секој договор е двостран интерес. Ако кажавме дека НАТО е витален, или егзистенцијален интерес на Република Македонија, автоматски се поставува прашањето кој е друг интерес на другата страна, односно кој е против услугата која ја врши другата страна, во конкретниот случај Северно - атлантската алијанса. Но, да почнеме со една хронологија.

Прво, сегашната коалиција за време на предизборната кампања излегуваше пред луѓето кажувајќи дека е многу штетно во Република Македонија да престојуваат странски војници, за да еволуира веднаш после изборите дека ние ќе прифатиме толкав број на војници, односно колку обврски беа прифатени од страна на минатата, односно бившата власт и понатаму се да тече како што воопшто е познато. Понатамошната комуникација во релација НАТО и главни претставници на Република Македонија претежно се засновуваше врз уцени, уценувања, условувања и т.н., барање гаранции и не само усни, туку и писмени, со дополнителни механизми и т.н.

Второ, папагалско вртење на ставовите, или изјавите дека овие сили што се во Република Македонија во никој случај нема да се употребат спрема било кој сосед, сигурно се мислеше на северниот сосед. Со тоа според мое убедување се прекршил договорот за Партнерство за мир, со кое е поврзана Република Македонија.

Трето, службените изјави во однос на интервенцијата на НАТО на Косово и тоа не само ставови како партија, партиски ставови, туку ставови на Влада. Вториот човек на Македонската Влада изјави и кажа дека бранот на бегалци што доаѓа во Република Македонија е резултат на бомбардирањето на НАТО.

Четврто, потоа излегување од такт од главните претставници на Македонската Влада со изјави дека не сме рамнодушни со тоа што прави НАТО на Косово, или пак нека се расправи сам НАТО со бегалците, бидејќи тие се негови резултати и т.н.

Петто, Блаце е посебна приказна за себе, трагична приказна за себе и со тоа ние до крај ја девалвиравме државата и сега се лутиме што механизмите на западните држави преземаат рестриктивни мерки во однос на нашите финансиски аранжмани и т.н.

Шесто, изјавите дека Република Македонија нема економски потенцијал да издржи толкав број на бегалци. Мене не ми е познато како материјално Македонија помагала од тој аспект, освен организационо. Ако се работи за здравствени услуги тие веќе беа дебело наплатени. Дволичните настапи на претставниците на Владата, а и опозицијата за некои постапки на НАТО. И тие беа воглавно од една крајност до друга крајност. И така ние пред НАТО, а и Меѓународната заедница потврдивме дека не поседуваме зрелост

за основна комуникација, да не кажам за други поважни работи, не поседуваме дури ни одговорност за нашите долгорочни интереси.

И на крајот не поседуваме сериозитет за такви обврски кои ги бара НАТО. Значи НАТО не е само економска, политичка и техничка структура, или стандардна, НАТО бара пред се стабилни структури од една држава, бара држави кои и кога се во искушение се придржуваат кон принципите и истрајуваат на тие принципи, бараат држави кои знаат што сакаат и знаат тоа што го сакаат како да го бараат. И на крајот бараат држави кои напорно ќе работат во правец на исполнување на условите, кои се стандардни за статус на полноправно членство во оваа организација. Како што сосема е нормално дека позициите ни се такви какви што се. Сосема е нормално дека тешко некој ќе *се* определи да се ожени со некоја која истовремено флертува со повеќе луѓе и на повеќе страни. Друго што сметам дека е важно е прашањето на јавното мислење во однос на оваа организација. Од повеќе нивоа беше констатирано дека за жал присутно е анти НАТО расположение. Тоа кулминира посебно со нападот врз Американската амбасада, каде фактички се покажа дека такво расположение не е само кај едно малцинство, српско малцинство,
туку напротив кај еден поголем број на граѓани од Република Македонија од доминантниот народ. Тука мора да се сложиме дека затаила и безбедноста што потоа резултира со покана на свои луѓе за да ја заштитат амбасадата на САД, така наречени маринци. Но, кои се виновни за тоа? Јас мислам дека не се само одделни медиуми виновни за тоа, туку вината треба да ја бараме и во нашиве настапи, било да се работи за позиција или опозиција. Претежно имаше изјави кои пред месец и нешто беа во правец на тоа дека нападите беа тотално погрешни, дека од ова нема да има ниту победник, ниту губитник, што асоцираше дека НАТО треба да престане со нападите и тоа ќе значеше капитулира пред диктаторскиот белградски режим.

Во информацијата мислам дека требаше да стои нешто друго. Колку ние работиме во правец на демократизација на нашето општество. Секако тоа е процес, меѓутоа, до ко|а фаза и до ков ниво на овој процес сме и кои се нашите ангажирања од тој аспект.

Второ, нивото на корпусот на правата на човекот, било да се работи за индивидуални или пак за колективни права.

Трето, медиумите, односно нивната слобода, или не слобода. Искрено да ви кажам дека многу сум загрижен за одделни информативни куќи, Македонската телевизија која е едно јавно претпријатие од јавен интерес,, јавна организација која се издржува од сите граѓани е претворена во теснопартиска структура. Дури и конференциите за печат не се објавуваат, ниту соопштенијата на партијата.

А во однос на госпоѓицата Валентина Божиновска што прашува тука и господинот Флоровски, нека земат, нека прочитаат, односно интерпелацијата на нашата партија врз директорот на Македонската радио телевизија и заменикот на Македонската радио телевизија. И потоа ќе се уверат во тоа и ако имаат трунка свест и одговорност ќе се сложат со тоа.

Потоа, укинување на закони кои се однесуваат во доменот на јазиците на националностите. Мислам дека уште повеќе ги ослабува нашите позиции за стекнување на условите, за стекнување со полноправно членство во оваа институција.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

На крајот да не се зачудиме што таков третман и позиција имаме на ранг листата за прием во НАТО. Но јас предлагам нешто друго, освен таква информација. Јас предлагам Владата да изготви друга информација, а таа информација треба да се однесува за обврските од акциониот план на членството,кое е предвидено од НАТО, која предвидува дека кандидатот кој претендира за да биде член да изготви годишна национална програма. Тоа е таа обврска за годишна национална програма која треба да се изврши до есента, односно до есента треба да се подготви, каде ќе стои дека секоја држава која претендира да биде член ќе ги исполни петте услови кои стојат во акциониот план.

Јас мислам дека тоа е суштинско што треба да расправа ова Собрание, а најмалку треба да расправа за некои технички работи, средби со претставниците да направи и т.н.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали.

За збор се јави г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани министри, сакав во врска со оваа информација која ни е понудена од страна на Владата да кажам свои размислувања и свои видувања како Владата ги опишува активностите, односно уредувањето на односите со една многу значајна безбедносна организација како што е НАТО.

Однапред ќе го кажам својот став и своето размислување дека овде се работи за еден хронолошки опис на настаните, кои главно се наметнати, а не настани кои ние ги посакувавме или работиме што навистина некои работи така да одат.

Од се ова што се гледа во информацијата многу јасно е дека динамиката на развојот на нештата, односно односите меѓу Република Македонија и НАТО се интензивирани и тоа битно интензивирани после настаните во Косово, што значи дека Република Македонија како општа стратегија, иако декларативно сите политички партии од позицијата или опозицијата се определивме дека иднината на Република Македонија треба да биде во европските структури и НАТО.

Но за жал, ако реално се гледаат сите настапи, начинот на кој ние го направивме ова, ќе се дојде до една многу јасна и лесна констатација дека Република Македонија водеше политика на двоен аршин или поточно ќе не потсети на една политика на еден Маршал Тито, кој на прашањето кон каде оди Југославија тогашна ќе Ви речеше дека даваме жмигавец за Запад, а одиме на Исток. Јас морам да Ви кажам дека битните политички партии во нивните предизборни кампањи и во нивните настапи јасно ставија до знаење, дека искрено не работат за да ја водат Република Македонија кон НАТО.

Иако мојот колега Мерсел Биљали потсети на неколку од тие настапи, јас ќе морам уште еднаш да Ве потсетам дека главната денешна позиција, односно поранешна опозиција токму после ратификацијата на СОФА аранжманот за соработка на Република Македонија со НАТО, излезе со констатација дека Република Македонија треба да води сметка, и тоа многу да води сметка за односите со Русија. Веднаш после тоа минатата опозиција, Либералната партија, при усвојувањето на Буџетот за 1998 година јавно стави до знаење дека, како држава треба да се преиспитаме дали ние навистина ќе треба да издвоиме средства за да се подготви Република Македонија со компатибилно наоружување и компатибилни системи со НАТО. Таа тенденција, за жал, продолжува и понатаму. Република Македонија, по се изгледа, немаше јасна визија што всушност се случува во светот, кои се тенденциите и стратешките определби на НАТО алијансата и каде се движи.

Така, многу јасно беше ставено до знаење дека од стратешки интерес за НАТО е Југоисточна Европа и сите мали држави, како што е Македонија, ако сакаат перспектива, ќе мораат навремено да се ориентираат и приклонуваат кон оваа алијанса. Еден наш лидер кој себеси се смета за добар аналитичар, во такви околности, во околности кога Америка и НАТО стави отворено и јасно до знаење дека од стратешки интерес е Косово, на прашањето поставено на ТВ што за тоа мисли г-динот Тупурковски, ќе Ви каже дека не е вистина дека од стратешки интерес е Југоисточна Европа, туку Далекиот Исток и Кина.

За жал, времето го демантира и покажа дека за НАТО и за Европа е од значеше Косово и Југоисточна Европа. Но дали ние бевме и сме се уште подготвени да фатиме чекор со времето. По ова што го правиме јас мислам дека тоа не го правиме. Цело време ние заостануваме со чекор или два по она што е Европска ориентација, по она што е Европско видување за начинот на решавање на овие проблеми. Однапред стратезите укажаа дека тешко ќе успееме да ги решаваме проблемите во Косово и околу Косово без примена на сила. Можеби бевме единствена држава која до краен момент се спротивстави на таквата идеја, иако сосема јасно ни беше дека стратезите ги имаат проучувано сите можни варијанти и не дојдоа до некое решение, освен за жал до ова последното. Но ние цело време на таа стратегија сакавме да и се спротивставиме. Дали тоа беше под влијание на еден така наречен експерт по стратешки прашања, кој држеше предавања на една локална телевизија и сакаше да го убеди и Македонскиот народ и Македонската држава, демек, Србија ќе биде таа која тие стратешки интереси на НАТО и Европа и Америка ќе ги разруши, со тоа што ќе им застане на пат.

Јас добив впечаток како ние за жал, да потпаднавме под таа пропаганда и никако да сфатиме дека таа сила не може да биде сопрена од еден диктатор кој од сите така е оквалификуван. Сакале ние да признаеме или не, сепак НАТО при анализа за тоа до каде ќе се движи, врши длабоко снимање и информациите ги добива од многу извори, така што не е доволно само нашето јавно прокламирање. Ден денеска, кога сите ние се надеваме на развојот на така наречената Југоисточна Европа, сакаме и мора да фатиме чекор и добро да се позиционираме ако сакаме да ги придобиеме добивките од тој раст.

Дозволете ми да ги кажам моите размислувања како јас го гледам тој мини Маршалов план, Геншеров план или не знам како ќе го наречеме тој план.

Во светот е познат и ефикасен Маршаловиот план, но заборавме притоа да потенцираме дека тој Маршалов план содржи три битни компоненти: политичката, воената и економската, што значи ние ќе мораме да работиме на сите овие три сегменти. Инаку, ќе биде случај на еден друг план, без оглед дали тоа се третира денес во светот, но сосема јасно ние можеме да го наречеме, така наречен "Југославија план" или "Титов план". Поради стратешки причини, да се потсетиме поранешна Југославија црпеше огромни материјални добра од Запад, затоа што имаше констатација дека, таа ќе мора да ја игра таа посредничка улога меѓу Исток и Запад. Показателите покажуваат дека во тоа време додека Југославија ја играше таа улога за време на студената војна во Југославија се прелеаа 149 милијарди долари. Но како заврши сета оваа работа? Сликите ни се јасни. Треба ли да се прашуваме зошто не ги даде очекуваните резултати планот "Маршал Тито", наместо планот во Европа. Поради недостиг на две битни компоненти, а тоа е политичката компонента, затоа што Југославија

не отиде во демократизацијата на односите во самата држава, не отиде во решавањето на внатрешните проблеми, меѓунационални и меѓу републички. Немаше надворешна воена компонента во Југославија и сите тие пари и вложувања завршија како што завршија.

Поучени од ваквото искуство не верувам дека Запад ќе навлезе во еден друг аранжман, во ситуација каква што беше за време на поранешна Југославија. Ние ќе мораме да ги вршиме овие реформи - политичка, што значи пазарно стопанство, правна држава, добро решени меѓунационални односи, добро решени односи со соседите, јасно определена Европска ориентација, јасно определена НАТО ориентација. Секое камуфлирање со тенденција да се прикажуваме дека работиме, ќе ги добиеме бенефициите од планот за обнова на Југоисточна Европа, верувајте нема да ни успеат. Имав можност овие мои видувања да ги кажам и јавно на компетентни личности од НАТО алијансата.

Го кажав моето размислување дека Македонија навистина има можности да биде столб на развојот на Југоисточна Европа, но со исполнување на триглавни обврски, Република Македонија треба да има јасно дефинирана внатрешна политика што се однесува до односите меѓу Албанците и Македонците, пазарно стопанство и правна држава, јасна Европска ориентација и јасна НАТО ориентација. Во спротивно, моите црни видувања се и сега ќе повторам, дека Македонија лесно од столб на развој на Југоисточна Европа може да се претвори во црна дупка.

Ќе морам овде да кажам за прв и единствен добар потег што го направи Владата, а тоа е тенденцијата Владата во сета оваа работа да си фати чекор со времето со признавањето на привремената администрација на Косово. Зошто ова го велам? Ако малку прочешламе по книгите теоријата на дипломатијата, не од наши албански извори, ќе морам да се повикам на еден добар познат политичар во Босна, г-динот Харис Силајџиќ, во својата книга "Албанија и САД у књигама Вашингтона" многу лесно и јасно ќе Ви укаже процесот на признавање на Република Албанија почнува со сознанијата дека во Република Албанија има големи резерви на нафта и тогаш почнува трката од државите од Западна Европа и светот кој попрво ќе ја признае Република Македонија, за да се дојде до концесиите од нафта во Република Македонија.

Ние денес зборуваме за 3 милијарди еки кои треба да влезат во овој регион. Ќе мора Република Македонија да фати чекор и добро да се позиционира ако сака од тие 6 милијарди марки нешто да добие и првиот единствен навреме направен чекор е токму ова што го направи со Тачи. Верувајте, поради овие пари и слично многу други држави ќе го следат овој чекор и ова што некогаш беше апсурд, што некои и денес го осудуваат ќе биде реалност.

Јас би сакал навистина барањето на СДСМ да се постави на дневен ред и вистински отворено да разговараме дали навистина ние опстојуваме на принципите на кои сме се деклариралe: НАТО, Европска унија и соработка и јасно дефинирани внатрешни односи во Република Македонија.

Во спротивно, приемот во НАТО првенствено е политичка одлука. Дали ние ќе бидеме примени или кога ќе бидеме примени, тоа првенствено ќе зависи од нас и како Парламент и како Влада и како граѓани на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани членови на Владата, почитувани колеги, отсекогаш сум се залагал расправата по вака значајни прашања, па и по сите други прашања кои доаѓаат на дневен ред на седниците на Собранието да се води на собраниските тела, каде што знаете дека концентрацијата на пратениците кои имаат посебни афинитети и посебни познавања од проблематиката за која што се формирани тие тела е најголема.

Меѓутоа, немав можност да присуствувам на вчерашната заедничка седница на матичните комисии и затоа чувствувам и потреба и обврска да се искажам по информацијата за која расправаме денес директно на седницата на Собранието.

Во врска со тоа, првата работа која паѓа в очи е тоа дека информацијата за односите на Република Македонија со НАТО почнува со заклучоците на ЕАБС и НАТО од 24 и 25 април годинава, како да нашите односи со НАТО почнуваат токму од тој момент и како да Република Македонија на планот на реализацијата на нејзината стратешка цел, целосна интеграција во Евроатланските структури, досега или до тој момент не направила ништо.

Се поставува прашањето кои се причините во една ваква информација на Владата, за која Владата бара да биде поддржана и усвоена од страна на Собранието, да не се спомене дури ни Декларацијата на Собранието од 21 декември 1993 година за полноправно членство во НАТО, октомври 1993 година, која што беше донесена едногласно во овој Парламент, покрај другите со учество и на пратениците на денес владеачката ВМРО-ДПМНЕ. А да се бара истото ова Собрание да ја поддржи и прифати таквата информација, која ни е понудена денес за расправа.

Се поставува прашањето зошто не се споменува дури ни моментот на отпочнување на односите на Република Македонија со НАТО, а

тоа е приемот на Република Македонија во "Партнерството за мир". Се поставува прашањето кои се причините да не се спомене дека во "Партнерството за мир", заради одредени недоразбирања со еден од нашите соседи, влеговме дури при крајот на 1995 година, со задоцнување во однос на другите земји од речиси две години и дека за исклучително краток временски период успеавме да го надокнадиме тој вакуум, со успешното реализирање на индивидуалните програми кои почнавме да ги работиме од 1996 година, со обуката и образованието на нашите офицери на колеџите и академиите практично во сите земји членки на НАТО, со потпишувањето на договори за соработка со сите земји членки на НАТО и нивна успешна реализација од 1996 година, со формирањето, обуката и образованието на единици за учество во заеднички вежби со силите на "Партнерството за мир" и НАТО за учество во мировни операции и со формирањето на првата мултинационална бригада на земјите од Југоисточна Европа, која се формира во Република Македонија минатата година и на чиј меѓународен акт за прв пат во нашата историја Република Македонија стана депозитар.

Со успешното учество во голем број на вежби на територии на земјите од Партнерството за мир и НАТО, но и со довербата и успешната организација на двете најголеми НАТО еапс вежби на територијата на Македонија.

Со отворањето или успешното функционирање на комисијата на Република Македонија во Брисел. Со успешното одржување на сите политички и експертски досега, до крајот на 1998 година се одржани 3 политички и 3 експертски дијалога и тоа на ниво на премиер на Влада со Комитетот на Северно атлантската алијанса во Брисел. Исто така експертски дијалози на ниво на началници на генералштабови на Република Македонија, со командантот на вооружените сили на НАТО за Европа и тоа како земја кандидат, не како што е кажано овде во Информацијата дека за прв пат Република Македонија добива третман на кандидат за полноправно членство во НАТО затоа што политички и експертски дијалози во НАТО се вршат само со земјите кандидати за полноправно членство.

Понатаму во врска со тоа што беше спомнато во претходните расправи. Во успешната изработка на идејните проекти за реализација на компатибилен комуникациско - информациски систем за реализација на системот за заштита на небото, кој ако беше реализиран и ако се завршеше работата на изведбениот проект, како што тоа беше почнато уште во 1996 година немаше да ни се случи на нашето небо да препознаваме хеликоптери или туѓи авиони, наместо оние авиони што летаа, или немаше да ни се случи да изјавуваме денес дека, навистина што е реално, немаме можност да следиме што се случува над 5.000 метри над нашата територија. Тие два проекти се основни два технички критериуми за полноправно членство во НАТО како што е основен и техничкиот критериум за преструктуирање на вооружените сили спрема стандардите на НАТО што ние успешно го завршивме уште во 1996 година.

Тие односи со НАТО за тоа што зборуваме, за информација насловена како односи на Република Македонија со НАТО се надоградија понатаму, како што е споменато во информацијата, со потпишувањето и ратификацијата на СОФА – договорот, со кој се создадоа правни основи за претстој на наши единици за вежби или учество во мировни операции на територии на земјите членки на Партнерството за мир и НАТО и на нивни единици на нашата територија. Тоа се надогради и со одлуките на Мадридскиот самит, со кој во врска со втората фаза на ширењето на НАТО се промовираше, како што е познато политиката на отворени врати и се најави опфатот на неколку земји од Југоисточна Европа, меѓу кои поединечно беа спомнати само Словенија и Романија, а сите други кандидати од Југоисточна Европа ги задржаа подеднакво шансите за полноправно членство во НАТО.

И конечно тој однос со НАТО се надогради, со по мене и не само по мене, еден од најзначајните документи за полноправното членство на Република Македонија во НАТО, а тоа е американската стратегија за земјите од Југоисточна Европа што ја објави претседателот Клинтон на 10 февруари минатата година и во врска со која, за време на посетата на заменикот државен секретар Сроб Талбот на Република Македонија во јули минатата година, се обнароди акциониот план со кој се формираат 22 заеднички тимови, да се реализира основната цел на таа стратегија, а тоа е забрзување на подготовките за полноправно членство на земјите од Југоисточна Европа меѓу кои, повторувам, влегоа Словенија, Романија, Бугарија и Македонија, во ЕУ и во НАТО. Оваа стратегија, како што можете да видите од информацијата на Владата воопшто не е спомената, иако сите сме добро информирани дека на стратегијата, на реализацијата на нејзините цели, на акционите планови кои што се обнародија по повод обнародувањето на оваа стратегија, во другите три држави опфатени со стратегијата на САД за Југоисточна Европа, Словенија, Романија и Бугарија и ден денес се работи интензивно.

Со овој документ како и со стратегијата на Република Македонија, усвоена од Владата минатата година, ние ја дефиниравме и нашата стратегија и нашата концепција и нашата

програма за се она што треба да го направиме што порано да се оствари стратешката цел на оваа држава, полноправно членство во НАТО.

И веќе минатата година на последниот политички дијалог во НАТО, Брисел беше кажано дека Република Македонија се вбројува помеѓу најсериозните кандидати за полноправно членство во НАТО во некоја од наредните фази: втората, третата или не знам која.

Во денешната информација не само што не се споменува таа стратегија на Република Македонија која што беше презентирана и бранета на тој политички дијалог во НАТО, минатата година во Брисел, не само што не се споменува стратегијата на САД за земјите од Југоисточна Европа, иако како што реков во другите три држави Словенија, Романија и Бугарија интензивно и понатаму се работи на неа.

Во оваа информација не се споменува ништо од тоа што било работа на официјалните органи на оваа држава, на ресорните органи во периодот до 24 и 25 април оваа година, од кога почнува да зборува информацијата за реализацијата на стратешката цел на оваа држава, полноправно членство во НАТО.

Се поставува прашањето, зошто оваа досега утврдена и политика и стратегија на државата од една страна и на НАТО и на САД, посебно од друга страна, која во одредени временски периоди имаше поддршка и на повеќе од 80% од нашите граѓани не се споменува во информацијата. Одговор најверојатно лежи во фактот што дојде до одреден дисконтинуитет на внатрешен и надворешен план во врска со ова прашање, нешто што се потврди и со одлуките на Вашингтонскиот самит.

Имено, таа политика, стратегија и цели целосно се изместија и во најавениот план за стабилност, за земјите од Југоисточна Европа, затоа што во него ниту стратегијата на САД, како што реков, за Македонија, ниту пак стратегијата на Владата на Република Македонија не се споменуваат, не само во целата содржина на фактот за стабилност, дури не се споменуваат ниту во поглавјето каде што се дефинирани обврските на САД во врска со реализацијата на пактот за стабилност. Тоа може да се види и од фактот што Македонија за прв пат е прегрупирана во земјите од така наречениот Западен Балкан, за кој што во Пактот за стабилност се предвидува изработка на, како што се вели во Пактот за стабилност, стратегија за пост воена Југоисточна Европа, во која ние ни по еден основ не припаѓаме.

Значи информацијата тргнува токму од таму, од каде што НАТО кој заради кооперативноста посебно изразена во последните неколку месеци, прво не прогласи за најголем сојузник, а сега го редефинира на некој начин односот спрема нас, како што тоа го направи ЕУ, нудејќи и на Република Македонија, нудејќи ни нам сега некој нов специјален асоцијативен статус кој им одговара само на земјите од, како што е речено, пост воена југоисточна Европа, а не оној вистинскиот кој произлегува од Амстердамскиот договор и од кој Република Македонија можеше да бенифицира подеднакво како што бенифицира на пример Република Бугарија, која го има денес тој асоцијативен статус и за кој бевме блиску и да ги отпочнеме и успешно да ги завршиме потребните преговори.

Затоа информацијата се задржува само на одредена фактографија врзана за односите на Република Македонија по состанокот на ЕАПС и НАТО од 24 и 25 април годинава и на обврските и задачите кои произлегуваат за Република Македонија од неговите заклучоци, а не и за нашата стратегија, планови, програми за полноправно членство во НАТО.

Да завршам, Собранието на Република Македонија уште во октомври 1993 година донесе Декларација за полноправно членство во НАТО. Во изминатиот период сите институции во државата максимално работеа што порано да се исполнат и основните воено - технички критериуми, а и основните под услови за кои некои од моите претходници зборуваа на оваа говорница, како што се демократизација на општеството, човековите права и слободи, заштитата на правата на малцинствата, пазарната економија и т.н.

Собранието на Република Македонија кое ја донесе таа декларација и од каде произлегоа овие обврски, не може да прифати една информација во која за се она што е направено на тој план не се зборува и во која се почнува од моментот кога заседаваше еапс и НАТО на 24 и 25 април оваа година и од она што за Република Македонија произлегува од се уште не потпишаниот Пакт за стабилност на Југоисточна Европа.

Сметам дека оваа информација може целосно, се разбира, со соодветните измени и дополнувања да се вклопи во таквата целосна информација, со која Владата треба да излезе пред Собранието, на која Собранието има и право а и обврска да ја разгледа, да ја видоизмени, да ја дополни и се разбира да ја поддржи. Во ваква форма беспредметно е сега да ги дискутираме предлог – заклучоците, кои не одговараат ниту на реалноста ниту на потребите врзани за прашањето за кое е разговарано.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ханџиски.

За збор се јави г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

На крајот од самата информација, како што е напишано, еден од известителите на самата информација сум јас и затоа најдов засходно со неколку работи околу дискусијата по информацијата да интервенирам.

Она што се случуваше вчера за време на седницата на Комисиите, очекував малку повеќе консензус околу ова прашање, малку повеќе слух, меѓусебен политички слух. Имав чувство дека на комисиите тоа се случуваше. Меѓутоа сега добивам едно друго чувство дека говорницата се, користи за еден дискретен маркетинг и за манифестирање, еве како позицијата и Владата прават такви извештаи, недоволно комплетирани, недоволни, недобри, како односите со НАТО и сл., не се добри. Затоа малку сум изненаден од настапот на опозицијата.

Се кажа на пример дека нема документи релевантни за информацијата и навистина ние вчера имавме консензус околу тоа дека, практика било отсекогаш посебно во минатиот период да не се приложуваат вакви документи до комисиите.

Господинот помошник министер, дали намерно тоа беше испуштено при парањето на документите. Господинот заменик министер за внатрешни работи ја искажа искрената спремност на оваа Влада, тие документи да ги стави на увид на сите пратеници, не само на Комисијата. Дури вчера за време на комисијата тој покажа една поголема ширина, го кажа примерот во Америка каде во сите библиотеки постојат такви значајни документи кои не се доверливи и дека оваа Влада навистина е спремна на таков начин да реагира во контактите не само со пратениците, туку и со граѓаните.

Така да ваквите обвинувања навистина не стојат, бидејќи вчера беше искажана една спремност во иднина за транспарентност, отвореност по однос на сите документи. Дури тие беа изненадени дека тие документи не беа видени од нас, членовите на комисијата и постоеше сомнеж за тоа дали некои се заинтересирале да ги видат тие документи. Така да мислам дека, посебно за г. Китановски што кажа дека не ги видел тие документи, веројатно не ги ни побарал, а тој бил и министер во минатиот период и мислам дека треба да има малку повеќе увид во тие работи.

Не спорно беше вчера на Комисијата, но не само на комисијата туку мислам дека е општ впечаток во државата, што мислам дека е многу важен факт, на структурите на НАТО. Јас не знам колку пати во последните години сите оние црни прогнози на овој регион, во пакет се спомнуваат секогаш Косово и Македонија. Секогаш се зборуваше дека кога ќе почне војната во Косово неминовно ќе почне војната и во Македонија. Ноторен факт е дека војна не се случи во Македонија и за тоа некој е сепак заслужен. Јас мислам дека голема заслуга имаат НАТО - структурите со своето присуство на нашата територија. Тоа неспорно мора да се истакне. И колку и да е истакнато во информацијата ние мораме од овде и од говорницата тоа да го истакнеме и да го потенцираме, бидејќи навистина место во ваква една тешка воена ситуација кога во соседството имаше војна на 17 км. од Скопје, обично во другите држави се мобилизираат мажите, синовите на мајките, сите воено способни сили во земјата и се наоѓаат на границите. Место нас на границите беше некој друг, структурите на НАТО и ние навистина тоа треба да го цениме.

Иако во секоја работа, во секоја воена состојба секогаш не е идеално и тука не треба да се бара нешто идеално. Така да мислам дека и вчера на комисијата и денес треба посебно да се потенцира тој важен факт, дека Македонија не влезе во војна. Македонската Влада и НАТО во соработка успеаја да го зачуваат мирот во Македонија, што треба посебно да се потенцира од оваа говорница. Јас мислам дека многу повеќе помпа се направи кога војната беше на 1.000 км. од тука во Хрватска и кога не напушти ЈНА, тогаш се појавија многу миротворци и оази на мирот, луѓе многу заслужни што имаше мир во Македонија, а тогаш војната беше 1.000 км. далеку од Македонија. Сега на 17 км. од Македонија се одвиваше војна, војна за која сите прогнозираа дека кога ќе се случи таму, ќе се случи и во Македонија, а сега наеднаш нема миротворци, има само некои грешки, има некои незадоволства од НАТО, од Владата.

Јас навистина не го разбирам овој начин на размислување. Навистина имам чувство дека ако во ваква ситуација СДСМ се наоѓаше на позиција и имаше Влада, тие ќе се промовираа на ниво на национални херои, како што го правеа тоа за време на одењето на ЈНА. Тоа беше една спогодба во која Македонија беше губитник, а некој експерти се уште тврдат дека делови од спогодбата кои ги има остварено Македонија, како добивка се препуштени на ЈНА без никаков отпор, мислам вербален отпор и разговор со армијата и тоа беше една голема победа на таа политика, а еве сега ова е мала заслуга да не се случи војната, како многу пати во минатото. Сепак сите балкански војни, се чини, тука почнувале.

Наспроти НАТО, за кој кажав дека е многу заслужен за ова што се случуваше, не можам да не кажам дека Владата во тие моменти, во услови такви какви како што беа се најде на висина на задачата. Голема заслуга има за мирот што се случи. Навистина се случи мир. Владата покажа многу слух за состојбата, иако оваа Влада веднаш на почетокот на мандатот се најде во една таква ситуација, успеа да се искажам така, да плива во тие состојби, да го зачува мирот, да ја зачува стабилноста на Македонија. Секако тоа е за

пофалба. Настапите воглавно беа принципиелни и се манифестираше еден нов стил, невиден во нашата политика. Тоа е еден стил на активно бранење на ставовите на Република Македонија во однос на сите страни, на НАТО на соседите и на сите. Претставниците на оваа Влада настапуваа агресивно за интересите на РМ дури и во однос со НАТО како најголема сила во светот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Така што тука во односот на Владата, на институциите на државата гледам голем дел од заслугите и начинот на кој ја манифестиравме, тоа беше активен и практичен начин на кој ја манифестиравме нашата ориентација кон Евро атлантските структури. Ние покажавме дека можеме да соработуваме со Евро атлантските структури. Но, морам да кажам, бидејќи дискусиите почнаа вака како што се, морам да кажам некој збор за однесувањето за тоа време на опозицијата.

Таа, за целиот свој мандат, декларативно беше за влегување во Евро атлантските структури. Тоа го декларираше, меѓутоа кога дојдоа овие случки, кога се случуваше војната во Македонија неизбежно е чувството дека имаше лицемерност, хушхашки однос и атмосфера и софистицирано делување за време на сите митинзи и манифестирање на анти НАТО расположението. Беше огромно учеството на сите анти НАТО протести на видни членови на СДСМ, кои и сега се активни во нивните претседателства и во главните тела во сите градови. Ова го зборувам со факти. Фактите можам да ги кажам од теренот еве во град Штип, а за друго место веројатно има уште многу примери.

Исто така несомнено тука треба да се спомне стратешки нивниот најголем и најсигурен коалиционен партнер - Социјалистичката партија. Најсигурен партнер за сите години на владеењето работеа со Социјалистичката партија. Социјалистичката партија и ден денеска е тој сеач на анти НАТО расположението во Македонија. И ден денеска со нивната пропаганда, а особено беа евидентни за време на кампањата на НАТО врз Југославија.

Сега, од една страна имаме силна декларативност европска, западно европска, американска, НАТО, во европските структури, а од друга страна се плашиме да не прелетал некој авион на нашата територија, да не бил тој авион на НАТО се плашиме дали можеме авионите на НАТО да ги регистрираме, па господа авионите на НАТО не можеа да ги регистрираат господата од СР Југославија кои го прибраа целото оружје од бивша Југославија кога беше огромна воена сила. Тие не ги регистрираа авионите, па затоа ја изгубија војната и покрај толку војска. Сега вие барате младата македонска војска да ги регистрира. Ниту вие ги регистриравте, ниту ние ќе ги регистрираме, ниту наскоро мислам дека ќе ги регистрираме. Тоа е вистината.

Факт е дека има напредок во интеграцијата кон НАТО и набројувањата, навистина постои набројување во одреден документ, тука мислам на Вашингтонскиот документ на земјите кои ќе влегуваат во НАТО, навистина тоа набројување не е вистинска градација. Тоа е факт дека набројувањето не е градација, градацијата ќе биде следната. Тоа е она на кое сакам да го акцентирам ова мое излегување на говорницата. Тоа е акциониот план за членство. Тоа е критериумот. Дали ќе го исполниме или нема да го исполниме, тоа е иднината. НАТО ни нуди акционен план за членство во НАТО структурите. Акциониот план е врзан со рокови, со дејанија и со одредени области во кои треба да извршиме некои промени во општеството. Тие се јасно дефинирани и тука е насоката во која треба да се движиме.

Значи, војната се случи, НАТО структурите со акциониот план и со роковите кои ни се дадени даваат чиста, искрена шанса на Република Македонија да влезе во НАТО структурите. Како може да се влезе? Може да се влезе со многу работа, дисциплина, вистинска атмосфера во државата, па мислам и со вистинска релација на ниво позиција-опозиција. Дури можам да кажам дека одговорноста и на опозицијата е сега уште поголема во однос на тоа дали Македонија, можеби беше голема за време на војната дали ќе се случи нестабилност на Македонија, меѓутоа се уште продолжува големата одговорност на опозицијата, бидејќи таа треба да помогне Македонија да влезе во НАТО структурите, бидејќи за тоа се изјаснила. Искреноста ќе ја манифестира ако помогне да се создаде една стабилна Македонија, во која ќе може да се реализираат точките кои се спомнати во акциониот план. Значи, конструктивно да се однесува во однос на Владата и состојбите во општеството.

Тука пред се мислам дека мора конструктивно да се однесува кон економијата, тука ќе има оценки за нас, јас не можам да не го манифестирам од говорницата денеска впечатокот со кој одам од средината од која сум избран, тоа е градот Штип, таму се случуваат проблеми со вработените од "Македонка", "Македонка" со години е уништуван капацитет, се уште нема резултати во нејзиното работење, не знам кои се плановите на Владата, меѓутоа навистина таму е тешка ситуацијата, луѓето се излезени на оправдани протести, бидејќи тоа се тешки социјални случаеви, но неволјата која е создавана долго време и која се уште постои заради приликите не треба да се гази и да се подбуцнува, бидејќи има такви индиции.

Во медицината има состојба која се вика реоковалесценција. Тоа е кога пациентот ќе оздрави, кога ќе заврши болеста и почнува закрепнувањето, тогаш тој е најранлив, најчувствителен и повторувањето на болеста е најопасно и најтешко лечливо. Слично е со Македонија во овој момент, заврши военото

дејствие, меѓутоа таа е во рековалесценција, само што завршија односите на НАТО на воен план, сега почнува еден друг период потреба за економско градење, сега навистина Владата треба да настапи на економските проблеми и мислам дека токму сега треба конструктивна и сериозна атмосфера.

Уште еднаш морам да кажам дека Информацијата мора да содржи една општа благодарност кон НАТО структурите за малкуте инциденти, за добрите односи и сите тие забелешки мислам дека повеќе се евтин маркетинг во однос на политичката ситуација во државата.

Како заклучок од оваа информација и од ова мое излагање, би сакал да кажам дека треба да се насочиме кон цитираните индивидуални постигања во извештајот, критериуми кои се вистински, значи индивидуалните постигања за Република Македонија се вистинските критериуми за влез во НАТО. Тука се наброени, да не ги повторувам, економски, политички, одбрана, ресурсите, информатиката и т.н. Значи, тоа се вистинските критериуми за влез во НАТО кои бараат работа, дисциплина, национална култура, по однос на политичките фактори зрел кон состојбите во Македонија.

Вистинските оценки, како што пишува во Информацијата за она што сме го постигнале ќе стигнат на пролет 2000-та година, сите сили треба да се насочат кон таа пролет 2000-та кога оценките за нашите првични резултати ќе дојдат и тогаш ќе треба да покажеме колку сме биле во овој период од сега до тогаш зрели, сериозни и колку сме држава која навистина може да влезе и сака да влезе во Евроатлантските структури.

За опозицијата уште еднаш ќе кажам се уште не ја знае страната за која е определена, декларативно е за НАТО, а во практиката остава многу сомнежи и јас навистина се чудам на одговорот на интервјуто со новинарите на А1 телевизија на Претседателот на државата, кога во еден дел од неговото интервју рече, ние се мислиме дека сме срцето на Балканот, меѓутоа срцето на Балканот е Србија. Зачудувачко. Ние секогаш учевме во нашата историја дека срцето на Балканот е Македонија.

Затоа за крај повикувам на искрен, вистински консензус и политичка зрелост, за да можеме да ги оствариме овие критериуми и овој акционен план и барањата од акциониот план да ги оствариме и затоа на крајот да кажам дека во целост ја поддржувам Информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Златко Стојменов.

Реплика за господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Јас како пратеник и како човек, а исто така и мојата партија секој пат почитувала различити мислења и различити искажувања. Транспарентноста на искажувањето го чини богатството во политиката. Меѓутоа, изнесување на невистини и лаги е многу лоша работа. Социјалистичката партија е анти - воено расположена и таква е создадена и таква ќе остане додека постои. Ние како партија сме осудувале секоја војна, секое насилство, било од кого и било против кого. Спрема тоа ние не можеме да се измениме и да играме улога на некој што сака таква улога да играме.

Ќе завршам со тоа дека сите луѓе ги сакаат полтроните, но никој не ги цени. На НАТО не му треба полтронство. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

За збор се јави господинот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО, Пратеничката група на ДПА ја прифаќа во целост, оти ние како Пратеничка група на ДПА не случајно сме се определиле за НАТО опцијата, од проста причина што на овие простори на најпосреден начин се уште ги чувствуваме последиците на тоталитарните системи, кој целиот Балкан го остави зад европската култура, зад европското богатство и сведоци сме во последно време тој тоталитарен систем скоро го изгоре целиот Балкан.

Но, за жал се уште има такви диктатори кои јазикот на договарањето не го разбираат, па затоа треба на таквите луѓе да им се најде некој учител, односно некоја мајка што и после 50, односно 60 години да им го научи јазикот на договарањето.

Ние на НАТО не гледаме како на една класична воена структура, туку како на една цивилизациска придобивка и соодветен инструмент за рушење на диктаторските системи како што е оној на Милошевиќ.

Се поставува прашањето каде е местото на Македонија на целиот овој балкански лонец на превирања, судири и конфликти, се поставува прашањето дали Македонија со оваа политичка номенклатура го фати последниот воз, за да ги избегне сите мрачни закани по нејзина егзистенција.

По се ова што се случува на Косово треба сите да научиме и да се обидуваме да ги надминеме сите противречности, притоа морам да кажам дека нашата пратеничка група свесно и со далекувидни залагања се определи про натовска и североатланска опција и се повеќе се

потврдува дека оваа определба е без алтернатива.

По сите овие движења несомнено е дека Албанците си го наоѓаат своето место било како партија цврста каква што е ДПА, било како народ, ова значи дека сите ние влегуваме во сочувување на колективната безбедност и принципи што ги обезбедува НАТО.

Како пратеничка група го поддржуваме НАТО, како носител на принципите на западната цивилизација, но не како сојузник на Албанците, како што сакаат да го прикажат некои медиуми, за жал и кај нас "интелектуалци" и политички структури. Затоа сме на мислење дека од нивото на нашата соработка со НАТО, ќе зависи должината на патот кога ќе стасаме до нејзините структури или нејзин полноправен член.

Што се однесува до Албанците во Македонија, во ова нема никаква дилема, тука сме решавајќи ги постојните проблеми да и помогнеме на Македонија да опстои.

Овде господинот Китановски спомна нешто за бегалците, но меѓу другото тој рече дека бегалците создаваат тешки проблеми во Република Македонија. Зарем можеме сите да се лажеме, зарем држи и мислиме дека ќе успееме уште да им фрламе песок во очи на граѓаните на Република Македонија. Ова го кажувам од проста причина што господинот Китановски не најде засходно барем да ги потенцира бомбардирањата на село Јажинце и пограничните зони со Република Косово, од страна на војската на Југославија. Па тој гледа ризик од бегалците.

Во суштина поимот бегалци не држи, а во последно време има место да се употреби поимот бегалци оти еве гледаме во средствата за јавно информирање од телевизијата дека има бегалци, за жал, сега не албанското население на Косово, но тие се бегалци оти никој со зорт не ги тера да го напуштат Косово, па тие се бегалци, а Албанците што дојдоа во Македонија од Косово во Албанија и во други земји тие не се бегалци, туку сите знаеме, сите сме сведоци дека се истерани луѓе.

Како се развива ситуацијата во последно време сме сведоци дека истераните луѓе од Косово се враќаат на своите огништа. Сакам да кажам дека тие истерани луѓе не ја промениле личната карта на Македонија, го кажувам ова, бидејќи беше главната теза на СДСМ и на луѓе на некои од членовите на СДСМ, кои според мене не ја познаваат својата лична карта. Се врши етничко чистење на албанското население од страна на УЧК. Ние сме сведоци дека на Косово сега се меѓународните сили, НАТО силите и никој од тие до сега не рекол дека УЧК врши етничко чистење, геноцид и нешто слично. Тоа значи производ на индивидуата, предрасуди и т.н.

Принципите на Балканот, за жал, односно за наша среќа елементите на тие принципи на Балканот веќе ги поставуваат и последно време е да ги поставуваат интернационалистите, односно тие што имаат јасен концепт, јасна визија за Балканот, за сите народи на Балканот, а не нихилистите и садистите. Значи, тие што се охрабруваат кога другите страдаат. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Билал Љутфии.

Реплика има господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Претходно сум бил спомнат, дали сум ги читал информациите и текстот, тоа не би го коментирал, бидејќи дискутирав на Комисијата, така што испод секоја чест ми е тоа да го дискутирам дали сум читал или не сум читал материјали за седница на Парламентот.

Околу последното мое спомнување две теми беа искажани дека бегалците претставуваат опасност за Република Македонија го тврдам и ден денешен. Секое пореметување на етничкиот баланс на било која балканска држава претставува опасност, а посебно за Република Македонија. Да го потсетам колегата пратеник секоја криза која била на Балканот, било уште едно скратување на етничката карта и територија на Република Македонија. И, тоа сознание постои кај македонскиот народ.

Ние можеме да разговараме за граѓански права, за политички права, за образовни права, за интеграција во системот, меѓутоа, зошто сите балкански држави одбиваа да се направи попис на населението под меѓународна контрола, како што дозволи Република Македонија. Нека се направи и во Република Албанија и во Грција и во Бугарија. Луѓето по своја совест да се искажат на која нација и националност припаѓаат. Зошто Албанија се спротивставува на таа иницијатива, која ние ја дадовме своевремено. Од набљудување на ОБСЕ, како што беше во Република Македонија.

Понатаму, ние тврдиме дека такво пореметување кое се движи до 13% од населението претставува опасност, претставува тешкотија, создава тензија, создава неизвесност, многу проблеми за секоја држава и за било која Влада. Зошто западните држави се изјаснија максимум дека ќе примат, држави кои имаат по 50 милиони жители, 80 милиони жители, се изјаснија дека можат да примат само до 20 илјади максимум. Некои примија по 1000 или 2000 илјади бегалци. Што мислите дека тие не се свесни за проблемот? Тоа е објективен проблем и мораме рационално да го гледаме тој проблем.

Понатаму, самиот премиер на Владата го потврди подоцна ние што тоа го тврдевме дека ваквиот дебаланс претставува сериозен проблем за Република Македонија. Ќе зборуваме ние подоцна колку ќе се вратат од

хуманитарно згрижените, јас го употребив зборот бегалци, колосијално, иако, секогаш го употребувам терминот хумано згрижени лица. Колку ќе се вратат на Косово. Зошто? Затоа што се дозволи евиденцијата на тие лица се препушти на една партија, а не државата да си ја преземе таа грижа. Ние сега, практично, како Влада, како Парламент не знаеме точно колку има такви лица во Република Македонија.

Околу бомбардирањето, да го потсетам г. пратеник дека ние веднаш другиот ден свикавме конференција за печат и беше искажан званичниот став на нашата партија. Меѓутоа, она на што ние укажувавме дека Република Македонија не смее да биде инволвирана на никој начин во косовската криза, бидејќи тоа претставува реална опасност за Република Македонија. Тоа значи да не се дозволи на било какви формации воени или паравоени, на било кој учесник на Косово да дејствува на територијата на Република Македонија дека тоа ќе ја загрози безбедноста на Република Македонија. Тоа го тврдев како министер до сите релевантни фактори, го тврдам и ден денес. Проблемот е што практично Владата крие дека тоа беа борци на УЧК, кои ја користеа Република Македонија за дејствија, за кои владата треба да ни каже какви биле тие дејства. Или, можеби е целта да дојде втората фаза кога беше објавено званични функционери на УЧК, дека постои зона Б и дека е тоа Република Македонија. Зошто за тоа се молчи.

Јас се сложувам да разговараме за малцинските права, да разговараме по повод Уставот со помош на медијатори. А, што е зоната Б? Тоа е сепарација на Република Македонија. Ајде тогаш да одиме по тој принцип со пописи во сите соседни држави, па да одиме на истиот принцип сепарација секаде каде што има малцинства каде што живеат Македонци. Што ќе стане од Балканот? Еден огромен оган, еден огромен пожар.

Затоа, ние рековме дека границите на Балканот не треба да се менуваат. А, дека малцинските права ќе се решаваат во рамките на познатите европски стандарди. Ако некој бара преку леб погача, тогаш сигурно дека ќе се чувствуваат другите загрозени. Зошто секогаш се турка една теза дека во Македонија се чувствуваат загрозени само Албанците. Јас ќе Ви кажам дека се јавуваат граѓани и се чувствуваат загрозени и Македонците. Што е ова во Тетово и во Гостивар. Некои работи не се забораваат. Јавање на бели коњи, извикување на непријатни пароли и одење во кафулиња каде што се собираа, за жал сепарирани Македонци, посебно Албанци за провокација. Полицијата не интервенира, или интервенира кога настанува критичниот момент. Ве молам, сите ние сме одговорни и како луѓе и како пратеници да внимаваме на секој збор и на секое дејствие. Ние да бидеме тие кои што ќе ги спречуваме тие провокации било да се од албанска или од македонска страна.

Денеска сме доведени во таква ситуација Македонците да се срамат да кажат дека не им е пријатно во некои делови на Република Македонија. Јас со тоа не се согласувам. Што беше ова организирање на децата по улиците на Скопје. Злоупотреба која е забранета според сите конвенции. Немој да ми кажете дека никој не знаел од Вашата партија за тоа, дека децата излегуваат на улица. Од кога станаа тие толку образовани, веројатно, тие ги читале овие информации што јас не сум ги прочитал, како што кажа пратеникот. Сите документи ги прочитале за Резолуцијата на ОН, Пактот за стабилност и т.н. Зборот е првото оружје кое најмногу убива, а потоа стигнуваат и другите оружја.

Премногу е сериозна ситуацијата за да може да се извлекуваат тези вон контекст. Задача е на сите да мислиме однапред што може да се случи со секој искажан збор, со секое дејствие, со секое не дејствие. Прашајте ги како се чувствуваат Македонците денеска во Западна Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Китановски ако може пократко, затоа што на вашата реплика и помина времето.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Благодарам и за ова време сосема доволно беше.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам и на Вас.

Господине Билал, Вие директно не бевте спомнати, но во контекстот можеби сте. Сакате реплика.

Само Ве молам, репликите нека бидат до 5 мин., затоа што имаме доста дискутанти пријавено.

Јас ќе ги прочитам после репликата, кои се сите пријавени и каков е редоследот.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Според Вашиот аршин г. Китановски, во врска со бегалците односно истераните и дека од нив Македонија е во опасна ситуација.

Останете Вие на тоа, а стварноста е сосема друго. Зошто пописот беше извршен со меѓународна контрола се знае, тоа го знае и 5-ното дете дека во времето на комунизмот, јас сум убеден дека и колку Македонци имало во Македонија, не можело точно никој да знае. Колку Албанци во Косово, колку Албанци во Македонија, во Србија и во Црна Гора? Се знае кој одлучувал за тоа и кои биле во тие садистички структури. Зошто не Албанија, јас навистина знам дека и вчера и денеска господин Мајко е тука во Македонија и можете да го прашате.

Како се чувствуваат Македонците во Тетово и Гостивар веќе колку држи оваа теза, толку би држела тезата се против Југославија, чистејќи ја сликата на Јосип Броз Тито, ученикот односно наставникот, или служителот беше казнет ако и ова го употребувате, уште држи овој аргумент. Значи, толку наивен е, зашто ние Албанците во Западна Македонија, сега се употребува терминот Западна, Источна, но во Тетово се знае структурата и Македонците во Тетово се обезбедени. Но, само на идните, само кратковидите, само тие што имаат предрасуди, само тие што не можат да се ослободат од тие предрасуди од минатото ја хиперполаризираат оваа теза и леат солзи за Македонците во Тетово. Знаејќи ја сите структурата, обезбедени се и еве во име на Демократската партија на албанците ние се искажувам дека ќе ги обезбедиме, не за тоа што сме поспособни, туку затоа што сме повеќе, но и власт има таму.

Дека многу Ви е жал зошто во општина Тетово, односно во Тетово еден началник во полицијата е Албанец веќе и тоа не држи и тоа е многу лаички аргумент. Оти, можеме овде да се договориме ако има консензус да правиме една друго ротација. Обратно, полицијата колку е националната структура и ќе Ви го дадеме началникот на полицијата нека биде, па макар Вие како сакате.

Ако Вие токму ви пречи тој бел коњ што беше во 1990 година на стадионот во Тетово, зарем не Ви пречи Вас, зарем Вие сакате со белиот коњ да ги скриете Вашите дејствувања во Гостивар, куршумите на автоматите што ги употребувавте во Битпазар и Скопје, во Мала Речица. Зарем можете лично мене да ме убедите 50 часа полицијата на Чокревски ме задржа и кога имав имунитет, иако сум бил убеден дека со таа власт, со тој министер, со тој премиер, никогаш не сум имал имунитет и никогаш не сум рачунал на тој имунитет.

Сум за тоа да внимаваме на зборовите, а токму Вие господа треба да внимавате, затоа што се гледаше целата јавност вчера на конференцијата за печат колку беше нервозен Вашиот претседател на партијата и толку ги хиперболизираше работите, од причина што се сретнал господинот Хашим Тачи со господинот Љубчо Георгиевски. Не земајќи го предвид фактот што Хашим Тачи се сретнал и со Медлин Олбрајт и да не набројувам уште многу други познати личности во светот, а денеска во Скопје ќе се сретне и со Робин Кук.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Билал.

Повторно за реплика се јави г. Китановски.

Ве молам, господине Китановски да бидете малку пократки.

Имате реплика само 3 мин. по Деловникот.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Нема да се задржам на сите прашања за да не изгуби репликата од значење, туку само за она за што разговараме и за што бев повикан.

Околу пописот, зошто беше пописот? Пописот беше затоа што некои политички субјекти во Република Македонија тврдеа дека во Република Македонија живеат 40% Албанска националност. Затоа беше направен пописот, за да се покаже и тоа беше презентирано и лобирано кај многу меѓународни фактори, за да се покаже со пописот дека има 22,9% Албанци и 66,6% Македонци. Затоа беше направен пописот, затоа што се служевте со лаги пред меѓународниот фактор, дека во Македонија живеат 40% Албанци, дека е тоа основа за менување на Уставот, за создавање на двонационална држава во Република Македонија. Ние знаевме која е фактичката ситуација и се сложивме, нема проблем нека повели меѓународниот фактор и се покажа дека има 22,9% Албанска националност и други националности.

Мислам дека води кон сепарација и тоа е аргумент за моја дискусија, не за вашата. Вика, ја знаете структурата на Албанците, Тетово и Гостивар конкретно спомна, ние ќе обезбедиме. Нема Вие што да обезбедувате, треба да обезбеди Македонската држава, министрите кои се во Владата, без разлика дали се Македонци или Албанци, Роми, Турци или зависи каков е составот на Владата.

Трагично е ако секоја партија обезбедува дел од Република Македонија. Тоа е распаѓање на државата. Во која цивилизирана држава партиите обезбедуваат човекови права. Ова прв пат го слушам во ова Собрание на Република Македонија. Државата има закони, има механизми и секој функционер во државата треба да обезбеди сигурност за секој граѓанин, било да е Македонец, било да е Албанец.

Јас не спомнав од која националност е началникот во Тетово, но очигледно не знае да си ја врши работата. Треба да се стави, ако е Албанец, човек кој ќе си ја знае работата и кој ќе спречи вакви можни инциденти. Овие другите не би ги коментирал случувања, затоа што тогаш ќе треба да отвориме нова дискусија.

Само околу Гостивар една работа, зошто Албанците не дозволија ексхумација на жртвите. Зошто не се дозволи експертиза. Тогаш можеби Ќе се видеше која е вистината.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам да се разбереме.

Да не бегаме од главната тема.

Уште една реплика и да одиме понатаму.

Навистина, ве чекаат вашите колеги што сакаат да говорат.

Има збор г. Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Апсолутно не ми оди напамет да се служам со лаги и невистини, но сакам да го потсетам г. Китановски на еден факт. 22,9% според статистиката во Република Македонија има Албанци.

Ве прашувам, оти Вие сте биле тогаш на власт, можеби сте биле и пратеник, не сум сигурен во тоа, дали во Дебар беше извршен попис на населението. Додајте го уште овој број дали е 22,9%, зборувам во принцип, тогаш сум бил координатор на одборниците во општина Тетово и знам во ова време 12 илјади луѓе во Тетово немале државјанство, лични карти и тоа само во моето село. Јас пријавите сум ги пратил во Тетово после пописот 220 нови лични карти дојдоа во моето село, во мојата избирачка единица.

Повторно јас се декларирам дека ќе обезбедиме ние, оти ние сме на власт. Бидејќи Вие имате предрасуди, јас не можам да ве ослободам од тие предрасуди, а што е државата? Па, не е синтетизација на дрва и камења, туку луѓето си раководат, ние сме држава сите овде и во оваа смисла тоа го кажав и апсолутно стојам зад тоа што реков.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љутфии.

Одиме понатаму.

Да Ви ги кажам уште кои пратеници се имаат пријавено и по кој редослед.

Господата Сабриу Иљаз, Бошков Јордан, Попов Стоја, Симев Вангел, Петровски Филип, Митрева Илинка, Сајковски Аце, Положани Азис, Бајрам Амди, Шакири Хисни, и сега Стојан Андов се јави за расправа.

Според тоа, ќе Ве молам ако може да бидеме малку по концизни, за да можеме денеска во разумно време оваа точка да ја завршиме.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги пратеници, мислам дека денеска на дневен ред имаме една многу важна информација и тоа за односите и соработката на Република Македонија со Мисијата на НАТО во Македонија.

Мислам дека во Информацијата, како што беше кажано и напишано се водело сметка да се напишат сите активности на Владата, на Министерството околу работите што беа присутни во минатите месеци и минатите години во Република Македонија.

Веднаш да кажам дека многу работи беа изнесени тука и јас ги прифаќам, но со оглед дека во Информацијата стои "соработка на Република Македонија", мислам дека недостасуваат неколку сегменти во оваа информација, затоа што активности имаше и тоа какви и овој Парламент во врска со НАТО, ние расправавме за една таква информација, активности имаше и претседателот на државата, како и другите надлежни органи кои се задолжени со Уставот да водат надворешна политика на безбедност и одбрана на Република Македонија.

Од тие причини уште во почетокот да кажам дека, информацијата содржи само еден сегмент и добро би било да се дополни со другите сегменти, и тие да бидат опфатени за нивната активност, што направиле, како направиле за да оваа ситуација денеска ја имаме прикажано онака како што ја имавме.

Исто така да кажам дека НАТО алијансата во Република Македонија е присутна уште поодамна, некои дискутанти тоа го кажаа и веројатно се подбори познавачи на таа проблематика, но јас сметам дека првиот договор е потпишан некаде пред три години, околу 1996 година со партнерството за мир, а активности имало многу многу порано, бидејќи ние како независна држава се определивме за западна алијанса, односно за пазарно стопанство, за поттикнување на сите законитости на ова стопанство, а во тие рамки имајќи го предвид безбедносниот карактер на оваа држава, на овој народ се определивме да бидеме членови кога тогаш во западната алијанса. Така да мислам дека во информацијата не се опфатени сите поранешни активности, затоа што и порано имало и Влада и се работело на оваа насока, но не сакам да ги повторувам, бидејќи беа кажани од господинот Ханџиски.

Јас би се задржал на тоа дека, НАТО одигра една многу важна улога во овој период во Република Македонија, со тоа што ние сега можеме да зборуваме во овој Парламент вака смирени, безбедни и т.н., бидејќи се одвиваат во наша близина и во наша средина воени дејствија, или полувоени дејствија. Ние сакале тоа да го познаеме или не тоа е една таква вистина и мислам дека навистина НАТО одигра една многу важна улога во безбедноста на Република Македонија. Да не беше НАТО не знам каде ќе ни беше крајот. Затоа треба да бидеме свесни. И да не беа овие структури кои беа вклучени во соработката со НАТО, мислам дека исто така ќе беше далеку посложена ситуацијата и полоши состојбите отколку што се во Републиката.

Исто така НАТО одигра една многу важна улога што досега можеби ја немало, или која произлезе, според мое мислење од Вашингтонскиот самит кој беше одржан во месец април по повод годишнината од формирањето на НАТО, а тоа е да во принципот на меѓународното право се внесе НАТО да води сметка и да се грижи и за заштита на човековите, малцинските и

националните права таму каде што се загрозени во светот. Тој принцип лично го поддржувам и го прифаќам и мислам дека тоа е придобивка и на овој век, добро беше кажано, оваа не воена сила, туку како демократска алијанса, алијанса на 21-от век, НАТО ќе одигра многу важна улога во сите региони на земјината топка, каде ќе бидат повредени или загрозени човечките, или националните или малцинските права на нашата планета.

Од тие причини, затоа она се определи да интервенира против агресорот на српскиот агресор на Косово. Тука беа кажани многу работи од еден дел од дискутантите и сака да се докаже дека НАТО изврши агресија на Југославија, односно Србија, а не Србија изврши агресија на Косово па мораше НАТО да интервенира за да се спроведе мировниот договор, кој беше потпишан во Рамбуе. Тука мислам дека се разликуваме и со опозицијата, така да кажам македонска, односно СДСМ која инсистира, барем така од нивните дискусии можам јас лично да извлечам заклучок дека на некој начин сака да се створи и се ствара кај обичниот граѓанин едно анти натовско расположение, кое не е добро ние да го имаме тука.

Мислам дека ние во Македонија и Македонскиот и Албанскиот народ и сите други кои живеат имаат однос кон НАТО, со извесни исклучоци со извесни, така да кажам тежок збор, глупости со тие демонстрации, со напади на амбасади, кои даваат многу лоша слика за Република Македонија и за Владата и за сите нас тука. Не можеме ние сега да ја критикуваме и да ја фалиме Владата, кога имаме и такви појави во државата. Ние на некој начин директно или индиректно ги поддржуваме тие работи и затоа во иднина мислам дека треба таквите работи да ги избегнуваме, а воглавно да водиме сметка да ја чуваме безбедноста на Република Македонија. Таа безбедност се чува првенствено со добри меѓунационални односи, му се допаѓало на некого или не му се допаѓа, тоа е клучниот проблем во Република Македонија. Мислам дека ние тој капитал што досега сме го вложиле треба и во иднина да го продолжиме да не дозволуваме некои инциденти на меѓунационален план во Република Македонија, бидејќи тоа може да биде погубно за Македонија. Тоа го кажаа и покажаа нашите соседи, еве што се случуваше на Косово.

Кога сме кај Косово мислам дека и оваа информација и Владата продолжува со тие позитивни чекори и јас ги поддржувам без оглед што мојата партија е во опозиција, јас сум во позиција, но некои работи што се очигледни треба да ги кажеме со отворено лице. Мислам дека последните активности досега што се преземени во соработка со НАТО за расчистување на кризата во Косово, мислам дека Македонија, Владата на Република Македонија одигра една позитивна улога.

Јас мислам дека тоа така треба да продолжи, вклучувајќи ја и вчерашната средба помеѓу двајцата претседатели на Влади, претседателот Љубчо Георгиевски и претседателот на привремената Влада на Косово господинот Хашим Тачи. Мислам дека не ни доликува на нас, имајќи го предвид, се обраќам на тие луѓе кои тие работи ги изнесоа, имајќи ги во предвид структурата на Република Македонија. Тука има еден добар дел, да не се фаќаме за проценти дали се такви или вакви, но еден добар дел на Албанци живеат тука, кои и тоа како се заинтересирани за нивните браќа во Косово што се случуваше и што се случи.

Така да мислам дека тие контакти се за поздравување и треба да продолжат во иднина. Не можеме да речеме дека го признаваме и ќе го признаеме веројатно во иднина независноста на Косово и т.н., зависно тој период колку ќе биде две - три години, пет години, тој меѓународен протекторат, што на некој начин го бара и самиот народ кој живее во Косово, а и меѓународната организација и светските институции на тоа веројатно ќе се определат. Јас барем така мислам, а не ние сега да ја критикуваме Владата зошто дошол тој човек, вчера беше добро кажано, дошол Бил Клинтон, Олбрајт, Кук, денеска ќе се сретне и со Ругова, за да ги средиме работите во регионот, а не ние да гледаме на тие луѓе како непријатели. Мислам дека таа слика од нашите глави треба еднаш засекогаш да биде минато и да учиме за позитивни работи, а не да се враќаме на некои негативности кои на жалост беа присутни и во нашата држава.

Тука беа многу работи кажани, но во информацијата не се содржани, бидејќи веројатно не е и цел на информацијата да ја обработува состојбата со бегалците, но НАТО беше вклучено. Јас мислам дека би требало во начело да стои дека НАТО одигра важна улога во обезбедувањето, во помошта за бегалците односно истераните од Косово и привремено сместени и заштитени овие граѓани, како сакаме да ги викаме, но тие се тие. Многу лесно на некој начин на бегалците, кои доаѓаат, кои се депортирани во Македонија еден дел, еве тука една мала критика на органите за внатрешни работи и на Владата, дека некои луѓе во тие органи гледа исклучиво како на Албанци, а не како луѓе кои што се избркани, кои што се масакрирани, тепани од Косово и да ги примаат, да ги прифатат, да им пружат помош.

Ние бевме сведоци на некој начин на некои лоши слики на настани што се случуваа во Блаце, но тоа беше минато и треба да биде минато, да се залагаме во наредниот период да немаме такви истапи, такви случаи, недај боже во такви ситуации, но имаше и такви работи кои на жалост ние ги гледаме исклучиво како Албанци, а не дека тоа се бегалци. Тука Владата не можеме да ја фалиме, или ние самите да се фалиме, ништо повеќе ние не направивме како Албанци на Македонија, што ги заштитивме нашите браќа или граѓаните на Косово. Тоа се меѓународни конвенции и јас воопшто не се согласувам дека

дошла Америка земала 20.000 или Канада земала 5.000, зошто Македонија прифатила 300.000. Се знае, бегалците бегаат во првите земји, гранични. Недај боже и бегалците од Егејскиот дел на Македонија бегале во Албанија, во Македонија во другите краишта и после тоа биле депортирани така да нема шанса да бега тој на друго место. Истата судбина е и кај егејците од Егејска Македонија, која ги снашла тогаш. Од тие краишта каде што побегнале ги транспортирале во Маџарска, во Полска, во Чешка и т.н., она што ние сега го правиме со авионите и со мостот да ги префрлуваме во прекуокеанските земји и во европските земји.

Мислам дека тие работи што се пропишани и запишани во меѓународните конвенции, ние не можеме да бараме исклучок. Сега велиме дека ние многу направивме за нив. Што направивме? Дојдоа луѓето, ги сместивме во шатори, народот ги прифати, дадовме... да и тоа чини за Македонија, никој не вели дека не чини и дека нема проблеми Македонија со бегалците, но за среќа наша и за среќа на тие бегалци многу брзо НАТО ја изврши својата ефикасна функција, за два - три месеци ја среди и ќе ја среди ситуацијата на Косово и тие бегалци, ја сум убеден нека не се плаши некој дека ќе останат во Македонија.

Сега иако имаме соопштение и укажувања да не брзаат во нивното враќање они секој ден по илјада илјада и нешто се враќаат во Косово, во нивните домови, бидејќи никој не дошол тука да ја промени структурата на населението во Република Македонија. Таквите работи мислам дека се доста опасни и она што се залагаше господинот пратеник, претходен дискутант, тие дошле тука да ја менуваме структурата, дека ќе бидеме вакви такви мислам дека не држи и мислам дека не треба да се кажуваат такви зборови од оваа говорница, бидејќи ние кои се залагаме, а мислам дека и тие се залагаат, Китановски и другите се залагаат за мир во Македонија, па ако кажуваме такви тешки зборови и вруќи зборови на оваа говорница, мислам дека кај народот ќе има негативно влијание и може да предизвикаме некои несакани последици во иднина. Ако ние и сакаме добро на Македонија треба да се откажеме од тие демонстрации, од вакви такви организации со еден контекст, со еден сегмент дека најлесно е да се потпали и да се запали во меѓунационалните односи во Република Македонија.

Затоа ние сме одговорни луѓе и треба одговорно да дискутираме да кажуваме и да се бориме да го сочуваме мирот и безбедноста и сигурноста во Република Македонија.

На крајот, да се вратам на информацијата, мислам дека заклучоците треба да се разработат, бидејќи според мене некако се многу штури и да се прошират. Во рамките на тоа јас би предложил десетте посто да се зголеми, мислам за остатокот на војниците на НАТО во Македонија. Да инсистираме како Парламент и како држава да биде поголем 20%, бидејќи јас ценам дека се уште има потреба и лично сум убеден ако НАТО силите се присутни во Македонија, до средување на односите на Балканот и во овој регион. Да даде господ, а ќе даде изгледа топ фактор на стабилноста, односно Маршаловиот план да ги надминеме границите па не ќе се прашаме кој како има, каде има повеќе каде има помалку, веројатно западот ќе не направи еднаш да се надминеме себеси, да се смириме и да ги гледаме работите од перспектива, да не живееме од историја туку да живееме од иднина.

Само толку би имал да кажам во врска со овие работи иако мислам дека веројатно тоа на некого нема да му одговара, но наш став односно мој став е дека овие работи вака треба да се разберат ако сакаме да имаме. Ако сакаме да растуриме тогаш да се вклучиме сите и да гледаме кој повеќе и што побрзо да ја растуриме државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу.

За реплика се јави господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, се надевам дека нема да ви одземам повеќе од една минута, бидејќи се јавив во врска со толку многу експлоатираното така наречено анти натовско расположение во Република Македонија.

Само да потсетам дека зад определбата на оваа држава за полноправно членство во НАТО застанаа сите политички партии во државата. Имавме и меѓупартиски и меѓуетнички консензус и со оглед на тоа што редовно на три месеци вршевме заеднички анкети во Република Македонија за исклучување на јавното мнение и имавме податоци дека таа поддршка меѓу граѓаните се движеше минимум од 64% до 84%, какви што немало практично во ниедна друга држава кандидат за полноправно членство во НАТО.

Во врска со тоа сакам да укажам на следното. Познато ви е дека пред неколку дена се одржаа изборите за Евро Парламентот во државите членки на НАТО и дека практично скоро сите партии кои што се на власт во тие држави, ги загубија изборите за Евро Парламентот.

Тоа се држави кои што преку партиите на власт, преку нивното учество во власта ги водеа сите активности на НАТО во последно време и на база на резултатите од Евро изборите, каде што тие партии на власт загубија никој не може да зборува дека во една Англија, во Германија, во Франција постои анти Нато расположение. Република Македонија го поднесе најголемиот товар и даде најголем придонес за изнаоѓање на мирното решение на Косово. Ние овде не можеме да ги заменуваме тезите врзани за анти Нато расположението во врска со тоа дали има

определба за полноправно членство на Република Македонија во НАТО и во врска со тоа дали треба да направиме се од некои projави да не се создава анти Нато расположение и да не се губи поддршката за ова стратешка ориентација на државата. Во таа смисла сакам да споменам еден пример, кој што некој можеби ќе го смета за банален, посебно денеска кога расправаме за односите на Република Македонија со НАТО.

Има во Република Македонија оправдани негативни реакции денеска, заради сето она што се случуваше последните десетина дена во Република Македонија, каде што од град се опустошени цели подрачја и каде што до такви големи штети за првпат после десет, дваесет години дојде, само заради тоа што не смее во Република Македонија да се употребува против градобијната заштита. Во таква ситуација кога зборуваме за односи со НАТО, за договорно регулирање на тие односи ние треба во тие договори што ги потпишуваме со НАТО до таа мера добро да ги изрегулираме сите права и обврски на претставниците на НАТО во Република Македонија, заштита на правата на граѓаните на оваа држава за да не доаѓа до вакви несакани, нерасположенија или оштетувања на имотите на граѓаните. Оттука произлегуваат некои незадоволства, а не од тоа што овој народ не е ориентиран и не ја поддржува ориентацијата на оваа држава за целосно членство во НАТО.

Според тоа пре сериозна е проблематиката, пре чувствителна е и не треба да ги извртуваме тезите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Ханџиски.

За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, дами и господа, претставници на Владата. Темата за која ние денеска расправаме и која вчера практично ја отворивме се однесува на главната надворешно - политичка ориентација на нашата дражва. Јас си дозволувам толкава комисија да кажам дека членството во Североатланската алијанса е од приоритетна важност, дури е повисоко рангирана од членството во Европската унија, иако одат рака под рака, затоа што на териториите каде што дојде до распаѓање на поранешниот монистички систем, нараснаа многу конфликти и главниот актер за обезбедување стабилност за иднина е токму НАТО.

Денеска веќе знаеме дека три поранешни земји од Варшавскиот договор се и полноправни членки во Северноатланската алијанса. Република Македонија од своето осамостојување наваму декларативно и недвојбено се обидува да се стекне со тоа членство. Ние во 1993 година при донесување одлука тука во Собранието за учество, т.е. зачленување во НАТО како пратеничка група не бевме во состојба да се произнесеме од едноставна причина, таа точка експресно беше изгласана.

Иако токму нашата група поддржана од Партијата за демократски просперитет беа предлагачи за таа точка. Но, сепак ние иницираме сепак денеска гледаме и некакви ефекти од таа иницијатива. Дали Република Македонија во минативе години стигна доволно далеку, дали Република Македонија наиде на отпори и токму од таа алијанса, или има ли извесни кругови кои се обидуваат и на тој начин т.е. со кочење на нашето учество во НАТО да стават пречки, да стават сопки во чекорењето на нашата држава. Јас велам дека тоа постои. Ние не можеме да пренабрегнеме дека нашиот идентитет и натаму е оспоруван. Ние не можеме да се залажуваме дека Република Македонија наидува на сериозни тешкотии во приближувањето до посакуваните асоцијации.

Но исто така Република Македонија во овие години добива и помош, поддршка. И тука треба да сме донекаде прецизни кој ни помага. Барем тоа да можеме да го лоцираме. Ако имаме некаква стегнатост за тоа да кажеме кој е против нас, но треба да ни биде јасно од каде доаѓа примарно поддршката. Таа поддршка сега не е веќе во сомнеж. Ние ја добиваме од САД. Ние таа поддршка ја добиваме исто така, тоа е мое гледиште од Сојузна Република Германија. И при оваа огромна криза за нас, пак ќе кажам според моите мерила неиздржлива, ние остојавме без сигнификантно нарушување на нашето секојдневие повторно, бидејќи и помошта беше издашна. Јас таа помош не сакам ни да ја преценам, од едноставна причина тоа што виде тукашното население, нашиот народ тоа што видоа луѓето кои беа во бегство, односно бегалците посебно е под достоинството на човекот, барем под стандардите за тоа што ние сметаме дека прилега на европеец, а ние сме меѓу другото и некој од нас декласирани паневропејци. Ние сакаме тие вредности да важат подеднакво за секој жител во територијата на континентот.

И конечно Европа ја сметаме исто така за татковите и не мислиме да бегаме од нејзе. Затоа овие асоцијации за нас имаат огромна важност. Но јас ќе се вратам на мојот почетен збор дека тука приматот го држи зачленувањето во НАТО, заради делотворноста, заради ефектите. Ваков наплив од бегалци да не доведе до растројства во нашата држава, сепак тоа сведочи за огромна доза на способност, на разборитост кај тие што управуваат во државата, но исто така и кај оние кои се занимавале со нашата ситуација или конкретно со ситуацијата во Југоисточна Европа. Тука нијансирано ги гледам останатите фактори. Не сум индиферентен кон сите од нив. Тоа што на пример Комисијата на Европската Унија си допушти таков комодитет на оваа Влада да не и додели финансиски средства, затоа што оправдано или не, приложената документација не била на соодветно ниво, или не било образложението солидно тоа е еден

директен атак врз нас. А што ќе беше ако и НАТО заклучеше дека документацијата од нашата држава не била адекватна и да каже на пример: не пуштаме наши војски, или не пуштаме еден дел од војските. Веројатно многу премрежја ќе минеа преку нашата територија. Бидејќи ние имаме точка на дневен ред каде што разгледуваме релациите на нашата држава со НАТО, јас и на тоа ќе се задржам. Не мислам оваа криза да ја елаборирам или тешкотиите, или недоследностите што и онака кај нас постојат во државниот апарат сега посебно да ги разгледувам.

Јасно е дека Информацијата што Владата ја понуди во пишан вид е кусо срочена и дека во нејзе можат да се направат многу повеќе материјали и во нејзе да се наведат многу повеќе црти и елементи. Ако не друго една брошура за ваква бизарна тема, која е битна за нашиот интерес можеше да ни користи да се покажеме пред НАТО. Во тоа нема никаков сомнеж. Но од друга страна јас мислам со било каква и убава публикација ние не можеме да се.... Тие структури се мошне сериозни, аналитиката кај нив е висока и тие нема да се заведат и поведат по тоа што ние би публицирале. Едноставно тие ги знаат нештата тука. И кога генералот Весли Кларк вели дека Македонија им е потребна, тоа и така е. Но, дека има во таа широка заедница, крупна заедница и други кои не баш го делат ентузијазмот и тоа ни е јасно.

И оттука ние гледаме сега различни сугестии, нови планови и таа нова флоскула за Западен Балкан во суштина не е ни ништо ново. Таа флоскула подразбира граница ако не друго барем на Балканот меѓу исток и запад. А ние пак се обидуваме во овој период да говориме не за Балкан, туку за Југоисточна Европа. Така што самата формулација Југоисточен Балкан и Западен Балкан веќе носи проблеми во иднина. Мора да се опстои на Пан европското гледиште, дека целата територија на Европа нужно треба да биде под суверенитетот на Европа, а да нема веќе делби. Таа граница на Исток и Запад на Балканот во крајна линија најмногу ја погодува Македонија. Причината е многу едноставна. СФРЈ онаа територија што ние ја паметиме, ја знаеме, во која сме пораснале, сме живееле, таа нудеше интегрални територии за мнозина народи, но не нудеше за Македонците. Таа територија исто така опфаќаше и голем дел од албанско население кое не беше поврзано, но може да се каже и по волја на самата матична албанска држава. Со овој проект барем таа граница се надминува околу Западниот Балкан. Останува отворен македонскиот проблем. Затоа Западен Балкан, Источен Балкан не е во наша корист. Тоа можеме на НАТО структурите сериозно да им го укажеме. Впрочем тоа и не произлезе од нив.

Но, да ни биде јасно каде се нашите тешкотии. Засега тие не се во НАТО. И ние добивме во овој период огромна поддршка. Нашата војска колку успеа од тоа да осознае, да добие. Јас гледам дека ред воени единици одат и на обука, дека на високи нивоа посебно во командниот дел комуникацијата е веќе сосема солидна и општењето на нашиот Генерал штаб со соодветните куќи, или управни тела во НАТО ни најмалку не е спорно. Ние можеме да кажеме дека во овие 6, 7 месеци по сила на нештата на случувањата се интезивираше соработката на Република Македонија со НАТО и дека имаме потврдни искази токму од Алијансата.

Така што Република Македонија го минува периодот со многу подобри изгледи. Но на надворешно политички план или во светот се случуваат и понатаму игри. Едните ги дискутиравме, ги кажував околу Балканот нови наслови исто така и во рамките на Европската Унија има извесно продвижување. Јас лично сметам таа понуда што сега за жал не е баш директно со оваа точка, но може да се поврзе од надворешно - политички аспект дека Иницијативата за склучување договори за асоцијација и стабилност, исто така е еден поволен развој. И дека на тој план ние можеме да се обидеме повеќе да издејствуваме односно статусниот белег да го сечеме кон крајот на оваа година.

По однос на предложените заклучоци што комисиите ги понудија, иако не сакам да пледирам за нив како нешто најопстојно и најиздржано, јас стојам зад нив и предлагам Собранието да ги усвои. Во меѓувреме добивме предлог заклучоци и од колегата Никола Поповски. Накратко само би прокоментирал дека тие заклучоци во суштина не се спорни, освен точката 2. Но, мислам дека во точка 4 би требало да се нагласи дека овој утврден престој на НАТО можеби ќе влијае позитивно на натамошната постапка за прием. Иако не сметам дека и тоа ќе биде неминовно начинот како ние можеме да го забрзаме нашето зачленување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас ќе се обидам да бидам максимално концизен и да останам во рамките на точката од дневниот ред, а тоа е Информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО. Морам да кажам дека бев малку и испровоциран да се јавам од господинот Биљали, кога напомна дека ние во Македонија сме дури и повеќе загрижени за состојбите во Косово, отколку самата СРЈ. Би сакал да му објаснам зошто сме загрижени. Прво сме загрижени затоа што, барем што се однесува до мене лично, затоа што мислам дека ја познавам природата и на Македонскиот народ и на Албанскиот народ и т.н. Мислам дека можам слободно да кажам дека навистина на Албанците им верувам на нивниот збор изречен, значи она што ќе го кажат, мислам дека и имаат намера да го остварат, дека стојат зад својот збор кога ќе наумат нешто и кога ќе кажат. Така што во контекст на ова ќе биде и мојата понатамошна дискусија. Ако се веќе

изречени такви ставови цврсти и јасни ставови од една организација која што сее, повеќе добива легитимитет, а тоа е воено - политичка организација како што е и ОВК, дека има јасни претензии територијални во однос на Република Македонија.

Тогаш од тој аспект мислам дека ќе му биде доволно јасно и на господинот Биљали и на сите пратеници зошто доаѓа нашата загриженост поточно, мојата лична загриженост во однос на тоа. Би сакал да останам во доменот на Информацијата.

Прво би сакал да кажам дека за мене е прифатлива. Не би сакал да зборувам сега во еден поширок контекст за се она што беше страотија на војната, страдања и т.н., тоа на сите ни е доволно јасно. Меѓутоа, свесни сме исто така дека разрешницата на Косовскиот конфликт се движи кон еден позитивен расплет. И во тој контекст би сакал да кажам некои конкретни работи и забелешки и сугестии во однос на Информацијата што ни е доставена од Владата. Би рекол дека ја прифаќам, со тоа што би сакал некои работи само да сугерирам.

Во делот 3 каде што пишува: безбедносни односи и соработка, во точката 3 стои многу јасно дека господинот Солана, генералниот секретар на НАТО на средбата во рамките на индивидуалниот политички дијалог со Македонија 1 9 + 1 , на 9 април 1999 година во форма на писмена изјава на генералниот секретар од името на Северноатланскиот совет децидно се вели: "Безбедноста на сите членки на НАТО е нераздвојно поврзана со онаа на сите партнерски земји, особено во оние во кои се стационирани сили на НАТО, а безбедноста на Република Македонија е директна и материјална грижа на Алијансата". Во таа насока во повеќе прилики изјави дека нема да дозволи СРЈ да го загрози територијалниот интегритет, политичката независност и безбедност на Република Македонија.

Од прилика тоа се кажува и во точката 4, само што се повикува на Северноатланскиот совет одржан во Брисел на 12 април 1999 година, а во точката 7 се констатира дека Македонија ги доби највисоките безбедносни гаранции, кои што посредно можат да се подведат под член 6 од Вашингтонскиот договор.

Мене ме радува дека сето ова е така, меѓутоа би сакал во оваа насока да изнесам некои свои размислувања и сугестии што уште би можела Република Македонија да побара во смисла на одредени гаранции Алијансата.

Прво, би сакал да кажам дека во целите на Албанците во Косово за демократизација на земјата и добивање на сите човекови права и слободи, кои би требале да резултираат во широка автономија или целосна автономија во покраината, што е и цврста определба на меѓународната заедница мислам дека тука нема ништо спорно.

Спорно е тоа што по сопствено кажување на албанските политички субјекти во Косово и надвор од него, значи во Албанија и делумно во Македонија целите не завршуваат таму, туку се многу пошироки и поголеми. Тие водат кон етничко национално обединување на сите Албанци во една држава со отворени и со јасни територијални претензии кон Македонија.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Низ изострена македонска диоптрија логично се наметнува прашањето дали косовското сценарио на големо албанските сепаратистички идеи може да се пресели од Косово во Македонија и кој ќе биде третманот на Меѓународната заедница и НАТО по прашањето за кое веќе изградиле став врз основа на косовскиот конфликт, затоа што многу добро се сеќаваме и на еволутивните американски ставови во однос на ОВК од пред една година, сега и т.н., добро се сеќаваме и на дејствувањето на ОВК во Косово, каде што покрај амблемот на ОВК, беше ставено и Американското знаме, што лично не можев да го разберам како доза на толерантност на НАТО спрема една друга воено - политичка структура и би поставил едно прашање: како во тој случај би била третирана ОВК, значи ако такви претензии се јават на територијата на Македонија во една трансформирана форма или во една институција, наместо ОВК - ОВИ, Ослободителна војска на Илирите и дали во тој случај организацијата ОВК ќе биде третирана како ослободителна воена формација или како терористичка, за тоа што на Македонија не може да и се префрли за прекин или за застој во демократскиот развој, не може да стане збор за укинување на човековите права и слободи, ниту за непочитување на малцинските и националните колективни права, спрема најизострени меѓународни стандарди.

Затоа мислам дека сме добиле без број признанија на тој план и Меѓународната заедница и политичката меѓународна сцена е многу добро запозната со нивото на демократскиот развој во Македонија. Така, во тој случај мислам дека ваквите најавувани и посакувани аспирации мора да бидат толкувани само како сепаратистички и иредентистички. Во тој случај тие би биле директно кршење на Повелбата на Обединетите Нации за неповредливоста на суверенитетот и интегритетот на државите. Инаку, како да ги толкуваме, за поткрепа на целата работа, не знам како би ги толкувале се почестите изјави на званичници и функционери на ОВК, дека нивната кауза не завршува со Косово. Како да ги толкуваме извикувањата на ПДП во Македонскиот Парламент во повеќе наврати за Косово - држава, како да ги толкувам изјавите на Пандели Мајко кои после тоа беа на некој начин демантирани, ретерираше во своите ставови и т.н., каде што се очитуваа големо

албански аспирации. Или, изјавата на Рене Андре, претседател на Парламентарната група за Косово, дадена во еден париски весник "Фигаро", но бидејќи ова е цитат би сакал да го кажам како цитат кој потекнува од почетокот на кризата во Косово, дека “ОВК е опасна и сака да создаде муслиманска интегристичка држава во срцето на Европа". Ова е цитат, не е мое мислење.

Од друга страна, се поставува прашањето зошто НАТО отворено ја поддржува ОВК и зошто јасно не ги осуди нејзините аспирации или јасно да го дефинира својот став и дејствувањето во случај на обид за остварување на декларираните намери и желби. Значи, зошто не се побара од страна на Република Македонија да се изготви една декларација или договор меѓу НАТО и воено политичката структура, која се повеќе добива легитимитет, каде што јасно би ги кажале тие своите намери и цели и би отстапиле од отворено изнесените аспирации, иако тоа во затскриени форми многу вешто се успева да се избегне и да се затскрие. Едни тоа го тврдат, други го демантираат и т.н., меѓутоа, од многу званичници тоа е изнесувано и потврдувано.

Во тој контекст, би сакал дури да посочам и релевантни политички личности, меѓу кои и два поранешни државни секретари на САД, како што се господинот Игелбергер и како што е господинот Кисинџер, кои исто укажуваат на опасноста од велико албанските аспирации на ОВК.

Затоа, во таа насока мислам дека токму во насока на еден нов демократски дух на Балканот, за кој се залагаат и новите структури во Косово, токму во духот на една взаемна доверба, зголемување на взаемната доверба и соработка со идните привремени административни управи или управа во Косово, зошто Македонија не побара еден повисок степен на гаранција од НАТО, затоа што ако господинот Хашим Тачи дури може стриктно и изрично да бара од Меѓународната заедница цврсти гаранции, дека ќе биде обезбеден референдум за независност на Косово, зошто тогаш Република Македонија во таа насока не може да побара нешто што е веќе кажано во одредени документи на НАТО, па каде што се вели во таа насока "НАТО во повеќе прилики изјави дека нема да дозволи СРЈ да ги загрози територијалниот интегритет, политичката независност и безбедноста на Република Македонија", да стои меѓу другото дека нема да дозволи СРЈ или било која друга вооружена формација, произлезена од косовскиот конфликт, нема да го загрози територијалниот интегритет, политичката независност и безбедноста на Република Македонија.

Не гледам причина зошто Република Македонија таква работа не би побарала. Ако некој јасно кажува и одредува и со Пактот за стабилност и т.н., дека концептот на мировната мисија и на сите договори во остварување пред се на човечките права, демократски права, национални права и т.н., во рамките на автономија на Косово во СРЈ, не гледам зошто Македонија не би можела да побара едно проширување на гаранцијата од страна на НАТО. Дали тоа ќе биде некој договор, дали тоа ќе биде некоја декларација, каде што јасно ќе кажат дека немаат отворени територијални претензии спрема Република Македонија. Мислам дека тоа може само да ја зголеми нашата меѓусебна доверба, затоа што моето мислење е дека Македонија навистина има фантастична перспектива и дека треба да биде центар на Балканот.

Меѓутоа, без взаемна голема доверба каде што јасно ќе ги кажеме своите стратешки национални интереси, државни интереси, мислам дека не може да се дојде до таков степен на доверба. Значи, сите мораме навистина да се однесуваме како граѓани на Република Македонија и во тој контекст да делуваме и таков вид на гаранција да побараме исто и од страна на НАТО во однос на јасно искажани територијални претензии од страна на ОВК. Тоа би било отприлика мојата сугестија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господинот пратеник искажа свои размислувања во врска со статусот на Косово, како што стои, имаше право однапред да прејудицира кој би бил најдобриот статус на Косово, исто така ние во својот политички став имаме јасно кажано дека ние мислиме дека независно Косово ќе биде гаранција за стабилноста на Балканот. Но во никој случај не можеме да се согласиме и се знае дека ОВК е организирана воена формација, која има свој претставник и има своја Влада.

Колку што знам и колку што видовте и Вие, господинот Хашим Тачи зборуваше за Република Македонија и Република Косово и јасно стави до знаење дека тие веќе ја признале Република Македонија и не покажа никакви територијални претензии кон Република Македонија. Не е добро ние сега да им додаваме додавки дека наводно размислува некој индивидуалец во некоја структура дека имал некој претензии.

Мислам дека не е добро да има такви дезинформации, затоа што тие веќе имаат свој легитимен претставник било политички, било во својата легитимна Влада, така што нивните ставови се битни за нас, а не размислувањата на некој индивидуалец.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално, за збор се јави господинот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Кој е претставник на Владата по оваа точка од дневен ред?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Министерот е тука.

(Во меѓувреме во салата влезе господинот Александар Димитров, минист9р за надворешни работи).

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, очекував дека Информацијата многу брзо ќе се постави на гласање и едноставно ќе биде прифатена, затоа што косовската криза на повидок е решена и сметам дека и во целина е решена.

Во Информацијата требаше да стане збор за односите и соработката на Македонија со НАТО. Добив впечаток дека во оваа Информација се оди до таму што партиите сакаат да извлечат свои поени и да профитираат. Поточно тоа се однесува за две партии. Пратениците од СДСМ и ПДП, со исклучок на поединци, наликуваат на расипана плоча, која имавме можност да ја слушаме осум години и постојано да повторуваат едни исти зборови, штитејќи само свои лични интереси, а не државни интереси.

Барем до сега, имавме можност повеќе пати да слушнеме дека се декларираме дека ќе бидеме конструктивна опозиција, но за жал тоа не може да се забележи барем од досегашните дискусии. Најголемиот број пратеници од наведените партии ги штитат интересите пред се на Косово, тоа се однесува на ПДП, интересите (СДСМ) на Југославија, а најмалку интересите на Македонија.

Господинот Китановски го критикуваше НАТО и покрај тоа што СДСМ е основоположник, ги постави темелите на НАТО, кој ВМРО како опозиција тогаш исто така ја поддржуваше темелната идеја на одењето на НАТО. Зборуваше за геноцидот што се врши од страна на УЧК, го оправдувам, точно е. Но, не кажа исто така за геноцидот што го вршеа српските паравоени формации во Србија. Ние баравме НАТО да дојде во Македонија, НАТО дојде во Македонија. Ние целосно го поддржуваме НАТО.

Исто така, господинот Биљали го прикажа Блаце како најцрна точка во овој период на сместувањето на бегалците. Ни еден момент не најде за потребно да каже колку хумани испаднаа Македонците, прифаќајќи ги бегалците целосно, но затоа што тој голем бран не можеа сигурно да го сместат безболно и за толку кратко време, нормално е да се појават недостатоци. Дури си зема за право да нагласи дека Светската заедница презема рестриктивни економски мерки спрема Македонија, наводно, затоа што во Блаце имало некои недостатоци.

Спомнато е и анти НАТО расположение, конкретно нападот на Американската амбасада, но не кажа дека поддршка во тие демонстрации имаше и нивниот коалиционен партнер, СДСМ.

Ризван Сулејмани ја критикуваше Владата дека игра двојна улога, односно дека гледа кон Запад, а оди кон Исток. Впечаток е дека албанските партии, посебно нагласувам за ПДП, многу повеќе се загрижени за Косово, отколку за Македонија. Ниеднаш не ја спомнаа територијата на Македонија, во ниеден момент не ги спомнуваат интересите на Македонија, во ниеден момент не спомнаа дека тие се граѓани на Македонија, дека се Македонци, но со албанско потекло и сметам дека нивната однос и нивна обврска е да ги штитат интересите на Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО во светлина на дел од вчерашните дискусии, ама и не само на нив, буди особен интерес кај македонската јавност и кај мене исто така, дотолку повеќе што зачленувањето на нашата држава во алијансата, е еден од најголемите предизвици и истовремено приоритет за сите нас.

Гледајќи ја кризата во регионот, особено се она што се случуваше на Косово во изминатиот период во неколкуте месеци наназад, знаејќи ја сета сериозност и тежина на проблемот за нашата комуникација со НАТО, само уште еднаш ни се наметнува потребата јасно да ги истакнеме нашите определби во таа насока, притоа не оставајќи ни најмал простор за никаков сомнеж.

Иднината на нашата држава, ако сакате и судбината, во таа насока не упатуваат, а се чини дека таа насока единствено носи оптимизам и сигурност за сите нас што живееме тука, бидејќи за Македонија не постои друга алтернатива, освен да настојува по секоја цена да биде дел од модерната западна цивилизација, која денес во светот ги поставува нормите за демократијата, но и нормите за безбедно зачувување на системите што функционираат, а за кои ние постојано говориме.

Согласно сето ова што беше претходно кажано, не е тешко да се извлече заклучок дека НАТО, односно влезот во НАТО навистина за Македонија е стратешка

определба и прашање од максимален национален интерес.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Политичките односи и соработката со НАТО што оваа Влада ги има, несомнено отсликуваат нагорна линија, без разлика што опозицијата го тврди спротивното, но по дефиниција, тие веројатно, согласно синдромот Минхаузен, тоа да го прават. Ова не се само голи тврдења, туку тие лесно се поткрепуваат, ако се чита внимателно информацијата што ние ја добивме, односно информацијата што е пред нас.

Ќе си дозволам само да споменам дека Македонија прв пат се вклучува во кругот на кандидати, тоа го најдовме во информацијата, за прием во алијансата, во официјален документ по Самитот на НАТО одржан во Вашингтон на 24 и 25 април оваа година. И тоа не е случајно така туку е последица на драстично променетата политика, што како метод ја донесе оваа Влада, таа политика не е нешто обвиткано со вел на магла, напротив тоа е одлика, тоа е доблест да се собере сила, да се погледне јасно кон националните интереси и најбитно од се тие јасно се истакнат и да се туркаат пред меѓународната заедница. Како беше во времето на СДСМ, кога ниту еднаш не слушнавме од наш политичар јасно и гласно,или ако сакате агресивно да настапи во истакнување во оваа наша значајна определба, ќе му оставиме на народот односно на електоратот сам да процени.

Но, ако сметате дека тој има толку кратко памтење па да успеал да заборави како владееше СДСМ, каков беше стилот и колкава беше ароганцијата, вчера само уште еднаш повторена од некои гласно говорници на СДСМ. Значи да повторам. Ако сметате на елементот колективна амнезија, тогаш можеби и може СДСМ да се надева дека овој народ навистина ќе ја смета таа партија како единствена односно вистински заштитник на правите македонски национални интереси, истовремено и гарнитура која успешно не туркала низ процедурите за влез во НАТО. Само да не заборавиме дека СДСМ имаше 6 години во кој владееше, 6 години во кои требаше да создаде армија која требаше достојно да ја брани оваа држава и без никаков проблем да може да го гарантира суверенитетот. Да не го заборавиме тоа кога во некои дискусии истакнуваме дека СДСМ ја создаде оваа држава, а знаете дека армијата е значајна состојба на секоја држава. Во тој период требаше да се создаде армија која што е компатибилна на стандардите на НАТО и над се способна, уште еднаш ќе повторам, мене не ми пречи, претпоставувам дека нема да Ви пречи и на Вас господо од СДСМ, способна да го брани интегритетот и суверенитетот на оваа, за мене свето парче земја затоа што е моја татковина, место каде што сум се родил и место каде што мислам да останам до крајот на животот. Наместо тоа се успеа по секој основ да се продуцира, ќе си дозволам, бесконечен низ на афери во Министерството за одбрана, за кои се надевам, брзо ќе слушнеме тука во Собранието ние и македонската јавност, кои афери јасно го отсликуваат односот што го имаше претходната гарнитура кон армијата, а со тоа и кон државата. Оној што не ја прави армијата столб на одбраната, не може да си ја сака својата земја. Јас така ги разбирам тие работи.

(Реакција од место на пратеникот Лазар Китановски).

Тоа се мои ставови г-дине Китановски.

Вие вашите ставови ги кажавте и јас вас Ве слушав.

Точно надоврзувајќи се на ова што сега го имам како реакција од Вас, можам да кажам дека се тоа она што го слушнавме и вчера на некој начин што го слушаме и на минатите седници кога дискутираме за таа армија, јас сметам дека е директно поврзана во било каква комуникација со НАТО и било какво наше размислување за членување. Сето тоа што ни се случува, мислам дека е само лицемерие пред јавноста, односно крик за власт која што и те како му е потребна на минатиот естаблишмен, поради самиот него, не поради тоа што ги заштитува македонските интереси. Тоа е едната димензија за која сакав да дискутирам во рамките на информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО и во светлина на појаснување на нашиот национален интерес во тој правец. Сега сакам да додадам уште нешто.

Вчера сите ние бевме сведоци на едно предавање, за тоа кои биле нашите вистински национални интереси според, нормално проценката на СДСМ и на кои точки било извршено големото предавство што ВМРО-ДПМНЕ го извршило како партија, стожер на Владата, па се набројаа Тајван, Косово, Бугарија, платите што треба да се намалат и ред други работи кои се големото предавство што ВМРО-ДПМНЕ го направило во овој краток период од како ја има власта, без воопшто аналитички да се побараат причините за некои од тие односи.

Затоа јас правејќи една мала дигресија ќе кажам. Немојте да мислите дека Тајван беше некоја потреба од екскурзија на Македонија и дека Тајван беше некој нов пристап што Македонија сака да го воведе во светот, диктирајќи некоја надворешна политика која ќе донесе промени во целата светска политичка и гео стратешка положба. Тајван беше потреба на Македонија. Тајван не го прави оваа држава односно не комуницира во таа насока затоа што, уште еднаш повторувам имаме некаков посебен ќеф. Тајван доаѓа како потреба, затоа што Македонија ја затекнавме урнисана, легната на грб и затоа што стопанството е уништено до таа мера што мора да се прават некои потези што Македонија би ја вратиле во некој нормален колосек, барем јас така го разбирам Тајван. И да не правам некоја подолга дигресија, сите останати прашања кои Вие ги истакнувате и за кои што ќе сакате да

подискутирате на Вашиот митинг идната недела. Можете слободно да дискутирате.

И тоа е во рамките на демократијата, ние тој процес го поминавме 8 години наназад. Значи тие состојби што ние ги затекнавме, многу е нормално да се обидеме да им дадеме одговор, отколку да бараме нивна разрешница. Тоа што ние бараме одговор не значи дека ние ја продадовме државата, затоа што претпоставувам и пак ќе се вратам на Тајван, кој толку пати ни го спомнувате.

Претпоставувам дека никој во оваа сала или пак во Владата не дошол до некаква финансиска поткрепа затоа што го признал Тајван, за кој што спомнувате проценти, спомнувате не знам какво офајдување на власта, дури вашиот лидер на партијата вчера тоа го спомна дека, се воведува како механизам кој власта сега ќе го практикува па понатаму ќе го спроведуваме и со други земји. Тоа не е точно. Ниеден од овие пратеници, барем од оние што ги знам јас од ВМРО-ДПМНЕ не влегол во оваа сала за да дојде до финансиски средства заради себе не заради оваа држава.

Затоа настапувам жестоко кога се говори за тоа дали ние сме предавници на македонските национални интереси. Зборот предавство е многу силен збор. Ми се чини и самото спомнување на тој збор веќе создава доволно делби и недоверба меѓу нас, што задира во оној наш интерес што ние долго инсистираме да биде ставен пред сите нас. Тоа е единството, тоа е вградено и во зборот на партијата. Кога гледам отука кон тој збор, а сеќавајќи се на вчерашните дискусии, ми се чини уште долго ќе трагаме по тоа единство. Ако пак не единството е незаобиколив услов за оваа парламентарна демократија да функционира, јас ќе се обидам да го прифатам и да научам да живеам со тоа не единство, веќе поларна спротивставеност.

Само едно не можам да прифатам, дека јас сум предавник на македонските национални интереси, според Вас господо од СДСМ, ми се чини затоа што денес едноставно Вие не сте на власт. Дека не сум предавник апсолутно сум сигурен без никаква и најмала задршка и сакам со индигнација да ги отфрлам зборовите, кои Вашиот претседател на партија вчера ни ги упати дека ние не смееме да излеземе од оваа сала и дека не смееме да комуницираме со луѓето, дека ние сме се оделиле од нив. ВМРО е национална партија која никогаш нема да се оддели од граѓаните и јас можам да Ви кажам никогаш нема да престанам да дискутирам со граѓаните. Или пак затоа што денес седам тука да се плашам да излезам надвор, или дека ми треба некакво обезбедување.

Јас уште еднаш тука ќе го повторам оној апел што го кажа прв пат г-динот Саво Климовски во својот инаугуративен говор, кога рече дека ова Собрание ќе биде отворено, нека дојдат граѓаните. Јас го подржувам тоа. Ако некој го заборавил еве денес да го спомнеме. И не само граѓаните секој што сака да дојде да седи тука со нас нека повели. Да не се форсира една позиција дека ние сме се одделиле од народот, она што Вие го чувствувате како проблем во вашите анализи, зашто ги изгубивте изборите. Тоа не го прифаќам и сакам да го отфрлам.

И на крајот ќе спомнам само уште една работа која што ме тангира кога зборувам за НАТО и за македонските национални интереси во таа насока.

Ве молам, која партија прво говореше за самостојна и независна Македонија, додека тука ми се чини дека била истата собраниска сала само на друг начин уредена, со други грбови и други знамиња. Додека други овде сметале дека ова е утопија, за денес да се китат дека тие ја направиле Македонија. Народот многу добро знае кои беа по секоја цена се да жртвуваат за Македонија, кои се и денес спремни по секоја цена се да жртвуваат. Дали се тие навистина предавници на македонските национални интереси, Едно може да се признае, да, навистина СДСМ та направи Македонија, ама таква кава што пред малку реков да денес и треба и Тајван и скратување на плати, затоа што во период на пред изборите вработија толку и толку луѓе, кои согласно законите кои функционираа во оваа држава не може да бидат отстранети од работа и ние не сакаме да ги отстраниме од работа, но сме свесни дека тоа носи баланс во целиот систем на државата и нормално дека се оптоваруваме во Буџетот.

Со еден збор ако бродот тоне како што потона за време на изборите во минатата година, да се остави што поголема тежина на оваа власт. Тоа на мене ми е јасно и мислам дека и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го гледаат, а мислам дека и македонската јавност го гледа. Што мислите некој од нас сака да ја намали платата на администрацијата, дека на нас ни текнало еве сега нема пари и сега ние ќе правиме акробации со целата државна акробација. Тоа се некои работи кои се наметнуваат кои ние ги наследивме и кои едноставно сакаме да ги решиме, меѓутоа многу малку простор има оставено минатата власт. Ја мислам дека тоа во дискусиите не може никако да се прогласува за национален интерес и никако не може да се прогласува за некакво чување, одговорно и нормално препуштање оваа нова власт на државата.

Да се вратам на информацијата за НАТО, која за мене е прифатлива, како што ја предлага комисијата, а можам да кажам дека апсолутно се не прифатливи предлозите што сега ги добивме од пратеникот Никола Поповски. Јас објаснував досега зошто и нема да се вратам на тоа.

Да завршам. Земајќи ги предвид сите овие работи што ги спомнав, господо од опозицијата бидете доблести па земете ги предвид и Вие овие забелешки па потоа дискутирајте за македонските национални интереси како заштитници, ама некој може да Ви верува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува г-ѓата Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници, министри.

Општо партиската согласност за членство на РМ во НАТО ја има следната разрешница:

По Самитот во Вашингтон, РМ е рангирана на осмото претпоследно место на оние земји кои чекаат за прием во алијансата. Зад неа е само Албанија.

Јас би сакала да ги разгледам причините што доведоа до влошување на позицијата на РМ во чекалната, на оваа за нас исклучително значајна политичка и одбрамбена асоцијација.

Министерот за одбрана на РМ академикот Никола Кљусев ќе извикне "го примивме НАТО во РМ со чувство на внимание“. Морам да кажам дека со чувство на восхит ја доживеав оваа сублимирана и економична дефиниција на односите на Владата на Република Македонија со алијансата или со НАТО силите во Македонија. Навистина на Владата треба да и се одаде признание. Со високо чувство на драматургија го одржуваше нашето внимание до точка на усвитеност. Слушавме, гледавме и не можевме да се изначудиме на дијаметрално спротивните изјави на нејзините клучни изјави, за исто толку клучни прашања, ако се согласуваме дека таква е војната што се водеше во нашето соседство.

Да Ве потсетам, секојдневно се менуваа содржините на информациите што стасуваа до нас од Владата: Бројот на бегалците, од еден извор слушавме еден број од друг извор слушавме друг број и тоа на иста конференција за печат. Капацитетот и начинот на нивното сместување. Затворање, отвораше на границите, еднаш е отворена, друг пат е затворена. Има ли активности на ОВК во Македонија, нема ли активности. Тоа варираше во зависност од изворот од каде доаѓаа информациите. Се користи ли македонското небо за воени дејствија против СР Југославија или не. Летаат ли тоа авиони или тие авионине се авиони, тие авиони се хелихоптери и т.н. Се прашувавме стасува ли хуманитарна помош или не, бидејќи и во врска со тоа имаше различни информации.

Двата челници на Министерството за надворешни работи настапуваа со различни ставови, со две видувања за матичните настани. Да потсетам, министерот Димитров му се извинуваше на Пандели Мајко за Блаце. Од друга страна г-динот Борис Трајковски ја критикуваше меѓународната заедница и тврдеше дека Блаце е последица на отсуството на интерес на меѓународната заедница затоа што се случува таму.

Би можела во недоглед да ги набројувам сите овие контраверзии што стигнуваа од Владата, меѓутоа тоа ќе ми одземе многу време. Сето ова дава јасни докази за конфузијата и не снаоѓањето, за хаотичноста во редоследот на донесувањето на политичките и техничките одлуки, или пак за тотално отсуство во донесување на потребни мерки и тоа тогаш кога беа најпотребни, во една од најтешките ситуации во кои се најде Република Македонија, поради војната на нејзината граница, не компетентноста на Владата. Нејзината немоќ да управува со Македонија во судни моменти, да се справува со последиците од косовската криза, создадоа исклучително лоша слика за Македонија во Меѓународната заедница, меѓутоа овде во РМ исто така создадоа, благодарение на однесувањето на Владата, лоша слика за присуството на НАТО во РМ, симулираа анти Нато чувства, а се разбира кај граѓаните тоа вроди со ситуација на несигурност.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Ако кон ова се додадат последиците од несмасно водената економска политика, порастот на невработеноста, масовните отпуштања и хајки против се што не е од ВМРО-ДПМНЕ или член на владеачката коалиција, тогаш се комплетираат причините што кај нашите луѓе доведоа до егзистенцијален страв и исчекување на најлошото, отсуство на било каква перспектива.

Да се разбереме, ова што го зборувам сега пред вас го знае и Европската Унија и НАТО. Сега кога сме пред расплетот на војната или како би рекол инспирираниот министер за одбрана Кљусев на крајот на овие тревожни мигови, ми се наметнува прашањето помина ли тревогата? Дојде ли крајот на она што го создаваше Владата во отсуство на концепт. Но, паралелно со ова прашање ми се наметнува друго прашање и уште повеќе сакам пред вас да се запрашам беше ли тоа навистина отсуство на концепт на Владата или серија на намерно влечени погрешни потези во функција на нешто што допрва треба да дојде. Се потешко ги голтам доказите за новата слика на Македонија што ни ја нуди коалицијата за промени.

Дозволете ми да ја кажам својата слика. Високи функционери на владината коалиција од партијата ДПА бараат воведување на консензуална демократија во Македонија и се залагаат за статус на народ на Албанците во Македонија. Тоа е сликата што произлегува од Владата. За нас Македонците ги употребуваат референците славјани или ако се добро расположени славо -македонско население. А едновремено за граѓаните од СРЈ, што доаѓаат од Косово велат дека се наши сограѓани.

Во контекст на оваа ратификација со лилјаците која толку често се споменува овие два дена во Собраниево, нели ви се чини дека ако на овој начин продолжи да се гради сликата, наскоро ова Собрание ќе мора да донесе Декларација за заштита на Македонците во Македонија.

Владата на Љубчо Георгиевски зборува за релаксирани и хармонизирани меѓуетнички односи. Навистина е релаксирано и хармонизирано да се гледа како на улиците на нашата татковина се повеќе растат застрашувачки меѓуетнички судири и верувајте тоа го гледаме и ние, но тоа го гледа и НАТО и Европската Унија.

Економскиот процут и идиличната слика за Македонија што ни ја нуди глобтротерот Тупурковски, како Тајван на балканите се сведе на секојдневно мешетарење по нови заеми, што ќе треба да ги враќаме со генерации. Вие, ние, нашите деца. Едновремено македонската економија, производството забрзано се приближуваат кон тотален колапс, со за мене неподнослив цинизам Владата се обидува да не убеди во нешто во што претпоставувам и самата не може да верува. И вели вака: парафразирам. Верувајте сложни сме, имаме визии, пред нас е светла иднина, светло утре, светло аврио. Ние сме криви за тоа што светот не не разбира и што вие граѓаните на Македонија сте неспособни тоа да го разберете. Дали се однесува тоа на нашата неспособност да видиме што се создава пред нашите очи, можеби ние граѓаните на Република Македонија и не можеме да ја видиме таа светла иднина, но затоа секојдневно се соочуваме со фактите на суровата стварност. Што има во таа стварност? Кои се тие елементи што ја дополнуваат сликата? Фиктивни Тајвански милијарди, братска позитивна енергија на затоплување на односите со Бугарија, врз грбот и на сметка на предавање и продавање на националните интереси. Смислена дипломатска и економска деградација на Македонија, низ потезите на владините експерти Александар Димитров и Стојменов. И последните дострели.

Официјален прием од страна на легалниот македонски премиер г. Љубчо Георгиевски на нелегалниот премиер на привремената Влада на Косово г. Тачи. И во оваа прилика морам да признам дека г. Георгиевски се надмина себе си. Отиде подалеку и од ОН, отиде подалеку и од НАТО, отиде подалеку и од ЕУ. Храбро ги исука ножиците и ги открои новите граници во нашето северно соседство, го призна независно Косово. Со Косово Република ќе одиме заедно во градењето на просперитетот на балканскиот народ, сега се создава и нова нација. Господинот Тачи рече дека постои некаков балкански народ, можеби тоа ќе биде предмет на наши дискусии. Заедно со независно Косово ќе ги демократизираме границите. Што ли значи тоа? Ќе отвориме официјални канцеларии и можеби во иднина Владата ќе оди на чајанки во Приштина.

Го знае ли Георгиевски, го знае ли Владата на Георгиевски ставот на НАТО, искажан неодамна од устата на генералниот секретар на НАТО Солана, дека од исклучително значење за стабилноста на Европа е принципот на непроменливост на границите. Тоа можевте да го читате денес и вчера во весниците.

Го слуша ли оваа Влада ехото на реакциите во соседството на сопствениот потег и пред се на она од соседите што ние го сметаме за стратешки партнер, а тоа е Грција, читаше ли, слушаше ли што кажува Грција?

Драги колеги имам чувство дека опасно се приближуваат подобри денови. Се сеќавам на оние времиња кога ВМРО-ДПМНЕ сакаше да ги држи своите конгреси во Солун. Од денешна перспектива тоа ми се чини многу помалку опасно од изјавата на еден член на ВМРО-ДПМНЕ, дека Конгресот во Струмица е последен конгрес на ВМРО-ДПМНЕ што се одржува на територијата на србокомунистичката творба Република Македонија. Се прашувам каде ќе ги држи ВМРО следните конгреси? Го превидува ли фактот дека една сериозна организација како НАТО, кон која сите се стремиме, една таква сериозна организација прифаќа само суверени држави, а не територии како што е кажано во дискусијата на вашиот член.

Затоа не можам, а да не се прашам повторно каде ја водите Република Македонија. Повторно ли ќе бидеме сведоци на морбидната љубов за употреба на ножиците во кроење на иднината на Балканот, а пред се во кроење на иднината на Македонија. И тоа го знае НАТО и тоа го знае ЕУ.

Изминатите шест месеци се доказ за едно владеење, што за основна цел ја имаше потребата од задоволување на личните фрустрации, комплекси и омрази. Размислете како ќе одите понатаму. Не се владее со страв и застрашувања. Ако ви е потребно, пак да го цитирам г. Кљусев, да доживеете некаква катарза, напишете една колективна книга за олеснување и на духот и на совеста, на името на умот, како што вели министерот Димитар Димитров.

Но, овој пат наместо теми розови и влажни, од разбирливи причини не можам комплетно да ја цитирам поезијата на г. Георгиевски, значи наместо розови и влажни зборувајте за сушата и црнилата што ги оставате зад вас. Ве молам да се утешите, утешете се ако сте не успешни во поезијата, како што сте неуспешни во власта, а тоа го знае и НАТО и ЕУ, Македонскиот народ ќе ве опее успешно. Нема да му биде прв пат на нашиот Македонски народ да им прави опело на оние што се поигруваат со судбината на Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кратка реплика, затоа што беше спомната ВМРО-ДПМНЕ.

Не сум заменик координатор, не си ја преземам таа улога.

Прво, да разјасниме некои работи, долго време се манипулира дека официјални претставници на првиот Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ спомнаа, тоа беше во Прилеп, дека Конгресот ќе го одржуваме во Солун, што апсолутно не е точно, тоа беше искажано од еден македонски иселеник во Торонто. Со тоа да расчистиме за да нема дилема.

Дека некој потенцирал дека Македонија е србокомунистичка творба, тоа се ваши зборови извлечени од ваши усти кои отидоа преку етерот и ги прифаќам само како ваш личен став. Ве молам во иднина немојте да ни ампутирате такви работи. Република Македонија е творба на Македонскиот народ и тука апсолутно нема дилема, барем за мене.

Кога говориме за личните фрустрации, ќе ве вратам во период на вашето владеење. Вашата фрустрираност ја покажувавте преку градење на палати како лични домови, лично богатење на одредени ваши функционери, за кои ќе имам прилика овде да говорам како член на Анкетната комисија, па тогаш ќе разјасниме кој беше фрустриран и на кој начин ја лечеше сопствената фрустрација.

Сушата која ја оставаме зад нас е доста интересен термин. Пример сушата во Министерството за одбрана од 82.000.000 ДМ, тоа беа ваши функционери. Трошевте пари на македонските даночници, без да водите сметка до каде ја дотеравте судбината на Македонскиот народ, за жал, треба да прошетате и да видите Македонците почнуваат да буричкаат по канти и контејнери. Тоа е ваше дело. Значи, кога говориме за сушата ќе дојде и тоа како тема на дневен ред, а дека некој си поигрува со македонската државност, апсолутно не е прифатлива за мене.

Сакам лично да ве убедам и уверен сум дека најмалку ВМРО-ДПМНЕ се поигрува со македонската државност и сето она што се прави и ќе се прави во перспектива, сметам дека е во интерес на овој народ.

Етикетирањето дека Владата ја водат, да не кажам тежок збор, а цело време таква квалификација ја давате дека ја водат предавници на овој народ, не сакам да се навраќам на тенката поврзаност ваша како политичка партија со одредени структури надвор од државата и креирање на една заедничка политика.

Сметам дека и тоа ќе биде тема за некои идни дискусии каде ќе ги отвориме картите отворено и јасно овде едноставно поради подобро сознавање на Македонскиот народ, кој го водел во изминатите шест-седум години. Сега за сега толку, се надевам ќе имам прилика да реплицирам ако нормално дојдете на говорницава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-ца Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа од вчерашната седница навистина имам едно горчливо чувство во себе, но тоа пред се се однесува на политичката етика која, за жал, мислам дека ни еден од нас не и се навраќа во оној миг кога е потребно. Вчера на пример имавме едно лошо организирано зло од страна на опозицијата, едни искривоколчени лица на говорницата, која навистина за еден миг ме исплашија и помислив дека практично нивната загуба на изборите е токму заради немањето чувство на одвојување од тоа што е добро, а што е лошо, што е темнина и што е светлина.

Во контекст на ова што го изговори колешката Илинка Митрева би сакала само да напоменам и да ја потсетам на нејзиниот татко почитуваниот Митрев, кој точно има една брилијантна критика и есеј за тоа дека е многу опасно кога живеете во една држава да го потчините духот на народот и на луѓето кои живеат во неа.

Па, затоа во тој контекст да напоменам и апелирам дека Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ се случи во Струмица на територијата на Македонија, во една прекрасна и брилијантна атмосфера, во која се донесоа чудесни резолуции, кои мислам дека се понатаму ќе биде стратегија и водење на нашата партија.

Затоа Ви се обраќам во име на политичката етика дека е многу опасно да се манипулира со такви средства и дека ве запрашувам во вашите прашања лични, индивидуални дали навистина некогаш сте загрижени за националните интереси и дали некогаш го имате вистинскиот точен процент за тоа. Вашите неуспеси и апелот за митингот кој го правите, е всушност блуд кон самите себеси, гревот кој го носите, за жал, па тогаш ве прашувам за потребата и за барањето на националната програма за културата во Македонија, дали не е одговор на тоа што само пред недела и пол дена се случи на Караорман на Локов, каде беше одбележувана Првата Македонска Ослободителна Бригада, дали тој синдром не ви е постојано во главите кое не можете да го одминете и информацијата на почитуваниот премиер дека ние сме биле под доминација на вашингтонската реченица под доминација долги години на Србија, говорот на г. Крсте Црвенковски и присуството на г. Тито Петковски, присуството на г. Лазар Китановски и музиката која вам ви била свирена “почитувани Друже Тито ми ти се кунемо“ и “Са Овчара“.

Тогаш за каква конфузија се работи во вашите глави. Навистина не мислев да говорам и ова веројатно ќе биде еден од последните задршки на она што ме тера некогаш да имам негативно чувство кон оваа говорница, бидејќи сепак мислам дека говорницата и сите оние луѓе кои се во оваа собраниска сала дека би требало да имаат еден точен, ревносен тон кон

политиката и кон речта и кон големиот збор во политиката. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г. Тито Петковски е спомнат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам г. потпретседател, благодарам за зборот и покрај противењето на вашите партиски колеги.

Прво да кажам дека е некоректно да се дозволува реплика, така барем пишува во Деловникот, доколку некој од пратениците не е спомнат. Тоа е прво. Јас бев спомнат овде. Дамата и господинот што пред мене говореа не беа спомнати од нашата колешка Илинка Митрева.

Според тоа јас ве молам да ја водите седницата согласно Деловникот, а бидејќи бев спомнат поименично во еден контекст зошто сум учествувал на една прослава по повод 55-годишнината од Првата Македонска Партизанска Ударна Бригада, јас чувствувам обврска да кажам.

Прво точно е тоа дека г. што го спомна г-цата ги изговори тие зборови, затоа што таму беа собрани борци кои прославуваа 55 години од формирањето на Првата Партизанска Македонска Единица. Ве молам. Според тоа друго е што вие не бевте присутни таму, односно никој од ВМРО-ДПМНЕ. Ве молам секој има можност овде да се произнесе.

Според тоа секој се однесува спрема сопствените критериуми, врз основа на македонската историја. Јас никогаш не сум забележал зошто вие да речеме направивте еден вакум. Еве овој спотов да речеме што беше за ВМРО-ДПМНЕ. Вчера славевте 9 години од постоењето, а во Струмица го одржувавте 11-от Конгрес, единствена партија што има повеќе конгреси од години на постоење. Меѓутоа, тоа го рековте. Тоа вие го рековте во спотот дека овие педесет и неколку години наназад се вакум во македонската историја. Тоа си е вашиот однос кон македонската историја.

Јас сакам и во оваа пригода да кажам дека со чувство на достоинство и на гордост бев во Локов кога се славеше овој датум, затоа што АСНОМ мора да биде датум во колективната меморија на секој Македонец, затоа што првите партизански единици мораат да бидат почитувани со чувство на најголемо достоинство. На нив постојано да се навраќаме.

Ве молам, според тоа, изговорените зборови од господинот Крсте Црвенковски длабоко ги почитувам и се идентификувам, затоа што Македонија, навистина, она што го изрече премиерот во Вашингтон не може да се чувствува дека била 80 години под српско ропство. Затоа што, оваа револуција беше автентична македонска револуција. Тие единици ги формираа Македонци заедно со Албанците, Турците и сите во тоа време што ја чувствуваа Македонија за своја татковина. Друго е тоа што вие не ја чувствувате револуцијата како македонска придобивка, бидејќи тогаш се удрени темелите на современата македонска држава. АСНОМ е светилникот, АСНОМ е Вториот Илинден во македонската историја.

И, затоа, она што некогаш го сонуваа Илинденците Народноослободителната борба тоа го продолжи и го реализира тој сон на Македонците и сите што живееја во Македонија. И, поради тоа, тие датуми мора да бидат светли во македонската историја. Дел од нас мора да бидат. А, зошто вие не бевте таму, тоа објаснете му го на народот. Зошто немаше ниту еден пратеник, немаше ниту еден министер. Министер да прославува таму. Според тоа, а дали некој пеел таму партизански песни, тие луѓе биле партизани. Тоа е, исто така дел од историјата. И, Јосип Броз Тито е дел од македонската историја. Ако тоа не сакате да го признаете и од југословенската, меѓутоа и од македонската и јас не се срамам што носам такво име.

Според тоа, дали и во кој контекст се одржувале тие таму манифестации, тоа не е ваше вие да цените и вие можете само да имате свое мислење, но не апсолутно во функција на она за што денеска разговараме, за нашето битие национално да се негираат такви датуми. Јас така ја сфатив поентата. Ние сме биле присутни, а вие не сте биле присутни. Со какво право јас и уште еден мој партиски другар учествуваме на собир што го организираат борците, замислете. Каков злочин сум направил што сум бил присутен таму. Немам никаква причина да плачам, навистина.

Жалосно е, навистина е жалосно што се отвораат вакви теми и мене ми е многу жал што доаѓаат токму од глава на еден уметник. Уметник што така размислува, па вие имате право да се срамите од Македонската револуција и од Народноослободителната борба. Немате право тоа да го негирате, тоа се факти.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само едно ќе го опоменам господинот Петковски, не е само тој претставник на историјата.

Ако мисли по име, тоа е грешка, ако мисли по настани, да разговараме.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Не се работи за тоа, туку проблемот е што ги извртувате нештата. Не се работи за тоа, јас не го негирам АСНОМ. Се работи за мигот за она дали е вашата потполна загриженост. Она што минатата седница го говоревте, проблемот е што јас вам не ви верувам за загриженоста на она што вие велите. А, тоа е што никој не го оспорува ни АСНОМ, ни придобивките од АСНОМ и т.н.

Сакам да кажам уште нешто што се однесува до тоа што беше спомената книгата на господинот Георгиевски, на премиерот. Колку што помнам таа има многу изданија, излезе 1992 година и тогаш бев се уште студент, работев на Факултетот за драмски уметности и имав прилика

да го прочитам романот Град, бидејќи беше спомната поезијата, беше излезена и поезија, беше излезен и романот, јас им апелирам на сите оние луѓе кои се вљубеници во литературата да ја земат. Таа е преиздадена во книго издаваштвото, да видат дека е тоа навистина еден убав и авангарден роман. А, зошто да не и да се толкува на крајот на краиштата. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Сајковски Аце.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО ја прифаќам, бидејќи е суштинска, а многу дискутанти тоа го откажуваат, затоа што во неа се внесени само бројните активности на Владата, што ги направи за односите со НАТО да бидат на најможно високо ниво и да отворат можности за постојан и динамичен развој во светлината на среќната иднина на Македонија.

Информацијата е прифатлива за мене лично и од фактот што таа констатација ја стекнувам и од сознанијата, како историчар, затоа што ова сега што се случува со Македонија и на Балканот не е ништо изненадувачко, бидејќи тоа можеше да се случи точно пред 210 години, кога буржоаските европски држави ја повикаа Македонија и Македонскиот народ да се вклучат во промените на Европа. Македонија се вклучи во тие промени да им помогне на соседите, меѓутоа, нивната алчност ја изменија намерата на Европа. Наместо ослободување на Македонија, Балканот западна во она што се случуваше долго време.

Меѓутоа, Европа го запамети тоа што се обидуваше да направи со Македонија, да биде центар на Балканот и заедно со Балканот да го издигне животот на луѓето на едно повисоко ниво, достоинствен живот. Но, Европа не го заборави тоа што и должеше на Македонија. Европа се сврте на Македонија да и помогне по паѓањето на Берлинскиот зид, кога Македонија се осамостои и стана независна држава.

Со појавата на ВМРО-ДПМНЕ на политичката сцена, ориентацијата беше гласно јасна дека ние ќе соработуваме со западната демократија. И, во тоа ништо не погрешивме. За овие 8 и 9 години сета, определба на Македонија беше токму на тој план. Европа и запад посакуваат целосно да се измени сликата и состојбата на Балканот. Од тие причини се формира СЕЦИ. СЕЦИ не може до крај да се реализира, додека постојат на Балканот остатоците од минатиот социјалистички систем. Тој систем мора да пропадне и веќе деновиве му се гледа крајот на Милошевиќ. Со тоа завршува еден период од кој натаму Европа ќе живее онака како што посакуваме и ние да бидеме членка на Европската Унија, а НАТО за кого станува збор тука е дел на неа, која ги гарантира безбедноста и сигурноста на државите, а посебно на земјите на Балканот, кои се определија за Европа.

Ваквата определба на Македонија во однос на соработката со НАТО, доаѓа и од фактот што Македонија овој пат треба да стане центар за развојот на економската состојба на државите од овој регион. Тоа мораме да го искористиме до крај. Тоа, јас чувствувам, го разбираат и опозицијата и сите граѓани во Македонија. Едноставно сите размислуваат ВМРО-вски, меѓутоа поради некаков нивни рејтинг нешто кажуваат, со што се губат меѓу граѓаните и меѓу нивните гласачи.

Затоа, верувам дека опозицијата ако посакува да остане опозиција едноставно да се вклучи отворено и да ги поздрави сите овие резултати, што Македонија и македонската Влада ги постигнува на овој план. Во спротивно, како опозиција и како политички конкуренти до крајот на годината можеби и ќе исчезнат, бидејќи од 27 гледаме пет - шестмина и така се намалуваат, а плурализмот бара натпревар на сериозни партии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, од сето она што се изнесе и јас можам да констатирам, можеби не е по мое, но може да се констатира дека без разлика на некои меѓусебни маркетиншки префрлувања и дообјаснувања, сепак, преовладува мислењето дека натовската ориентација на Република Македонија, не може да се доведе под прашање.

Оваа ориентација очигледно дека не е резултат на една единствена политика или една партија, ниту на еден човек, очигледно е дека тоа е резултат на една посериозна политика на сите фактори што дејствуваат во Република Македонија, дури мислам дека тоа почна со минатиот Парламент, па и овој Парламент изгласа неколку такви резолуции и поддржа неколку ставови во врска со ваквата интеграција.

Тоа е така, има и различни мислења, нормално, мислам дека Македонија, како и целиот регион, немаа и друг избор. Се знае глобалната политика во регионот и во целост е таква што и Македонија се наоѓа во центарот на тој интерес, на тие збиднувања. Мислам дека со самата таква ориентација и ние ќе придонесеме да бидеме дел од таа таква глобална политика и да придонесеме и Македонија да биде стабилна, како и регионот да биде стабилен.

Во овој контекст би требало да се разберат и некои контакти меѓу новосоздадените констелации на сили на Балканот, кои не би требало да се толкуваат како катастрофални или како нешто и се употребуваат беспотребно, тешки зборови и неадекватни зборови како нелегални и што ти ја знам не институционални, бидејќи и таквата политика на премиерот ја ценам и последните негови потези мора да се сфатат во контекст на целосната поинаква поставеност на некои стратешки определби, не наши, туку и на таа глобална политика и во регионот. Тоа би сакал да се сфати како придонес на стабилноста на

Република Македонија. Мислам дека има уште многу нешто да се направи во таа смисла и од аспект на надворешната политика и од аспект на надворешната поддршка према нашата политика, но ценам дека, исто така структурите што ќе ја спроведат таквата политика внатре во Македонија се многу важни за истакнување.

Мислам дека и ние од тој аспект имаме што да придонесуваме, затоа што верувам дека крајна цел е што побрз за сите бе биде полноправното членство на Македонија во НАТО алијансата. Тоа е несомнено така. Но, за да се дојде што побрзо до тоа, да повторам, значи и ние сами имаме нешто што да придонесуваме. Во таа смисла би ја истакнал самата главна структура што е носител на НАТО активностите или директниот партнер на НАТО активностите е Министерството за одбрана, кое што со своите структури треба да докаже дека е на ниво на својата задача, дека е на ниво во контекстот на овие промени и дека е спремна да ги прифати сите стандарди кои што и НАТО ги пропагира и ги прифаќа.

Па, така, мислам дека структурирањето во структурата на Министерството за одбрана, значи на воената структура, нарочно на тие потребни елитни единици кои што треба да се воведат во нашата нова доктрина или е веќе воведено, јас не сум толку информиран од тој внатрешен аспект на воената структура, која што ја сочинуваат неколку елитни единици, би требало да претставуваат и адекватен соодност и врз претставувањето на разни национални колективитети во Македонија.

Мислам дека нивното еднонационално или скоро еднонационално екипирање и дооформување не би бил добар придонес кон приближувањето на Македонија и на нас сите кон НАТО. Па, затоа, има простор во ваквото размислување, можеби би напоменал и некои други аспекти, како што е создавањето на по адекватна и по прифатлива клима за кадри официри и од Албанците, Турците и од другите националности што се во Македонија, а не да им се потисне нивното место за тие да се чувствуваат се поволни да го напуштат АРМ, што мислам дека не е во интерес ниту на нас, ниту на ова доближување што го нарековме.

Има и друго место, тоа е начинот и политиката на упис на Факултетот за меѓународна одбрана. Ако така се нарече или Војна академија и мислам дека таму има место за размислување за стандардите и начинот и просторот за адекватното запишување на студенти Албанци, па и други националности од Македонија, како адекватен израз и на популацијата во Македонија. А, тоа вкупно мислам дека многу би придонело од наша страна да направиме се што е подобро да докажеме дека сме многу сериозни во оваа работа и дека сме спремни да демократизираме и воените структури, а придонес кон тоа ќе биде и адекватно парламентарната контрола врз овие структури.

Во овој дух и со адекватните поставувања на Министерството за одбрана врз овие проблеми, мислам дека Информацијата за мене е прифатлива како опортуна, како реална во овие околности.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Азис Положани.

Сега на ред е господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, почитувани министри, денес имаме на дневен ред Информација за односите на соработка меѓу Република Македонија и НАТО. По Информацијата, Информација за соработка на Македонија со НАТО и би сакал околу тоа малку да продискутирам, затоа што повеќе од нас пратениците дискутираа, но најнормално некој дискутира во својство на други работи, некој дискутира за друго, а јас едноставно како припадник од ромската националност и граѓанин на Република Македонија сакам да укажам и сакам да предложам нешто што ќе биде, како ќе биде и како ќе гласам за оваа информација.

Јас лично, сите знаат, претседателот на Собранието знае, имам дадено до Собранието барање и тоа мое барање се одби и околу тоа не би сакал ништо да дискутирам. Но, сакам да кажам нешто друго, сите ние знаеме дека НАТО е присутен во Република Македонија и колку време. НАТО како мировни сили за да иде во Косово, во СР Југославија да расчитува проблеми. Но, сега излегува друга работа, НАТО треба да остане во Република Македонија барем 8 до 10%.

**АМДИ БАЈРАМ:** (Продолжение)

Јас се согласувам да биде НАТО во Република Македонија, но како? Зошто? Сите вие знаете и многу јасно ви е дневниот печат и информациите ги следите, а видовте претседателот на Владата назначен од ОВК на Косово кој изјави ги дава на телевизија. После Косово голема Албанија, па дел од Македонија. Јас се прашувам што значат овие изјави, што треба ние како пратеници, како Влада, сите ние како државјани на Република Македонија што треба да направиме со нашата држава Република Македонија. Значи, унапред се кажува дека Македонија ќе биде поделена на два дела. Значи, Косово завршува почнува Македонија, според нивните изјави.

Јас немам ништо против националностите кои живеат во Република Македонија и немам ништо против албанските партии, но би сакал после мојот говор да се изјаснат двете албански партии дали во Република Македонија, ова што е изјавено во Косово го поддржуваат или не го поддржуваат дека дел од Македонија ќе се спојува со Албанија и Косово. Тоа го сакам од двете политички албански партии, да се изјаснат после мене да кажат.

Сакам јавно на Македонскиот народ и во овој законодавен дом да кажат дали стојат за ОВК кои дадоа изјава дека ќе земат дел од Република Македонија, или ќе застанат од нивна страна и тие што се државјани на Република Македонија и тие што се учесници во власта и тие што се застапници во Парламентот на Република Македонија.

Значи, сакам јасно гласно пред сите и пред цела македонска јавност да се каже за да знае нашите партии кои се регистрирани во Република Македонија од албанската припадност, да се изјаснат дали се за таа работа или не се.

Јас лично сум анти Нато, знаете сите дека учествував на митингот со Србите со другите политички партии вкупно 14 партии, јас сум многу јасен и гласен што сакам и што говорам овде, но сега кога се расчистува една ситуација, кога имаме толку многу бегалци од Косово во Република Македонија, без разлика дали се Роми, Албанци, Срби или други националности. Со тоа сакам да укажам кога веќе НАТО влезе таму и НАТО треба да ја расчисти работата, а други преку разни медиуми се изјаснуваат и кажуваат дека дела од Македонија ќе оди, мене тоа многу ме тангира, мислам дека и Вас Ве тангира како граѓани, а мислам дека и политичките партии на Албанците не би го поддржале тоа за што се изјаснуваат Албанците од ОВК, господинот така речиси потпремиер на Косово.

Значи, јас сум анти Нато но се согласувам НАТО да биде 10%. И 20% да биде, но да биде на граничниот појас меѓу Македонија и моменталната граница со Југославија. Јас не го признавам Косово. Косово ќе го признам само кога сите меѓународни фактори ќе го признаат Косово и за Косово поддршка тогаш ќе дадам. Сега не давам никаква поддршка. Сега барам заштита меѓу Југословенската граница и Македонската граница. НАТО не 10%, 20% и 30% да не заштити. Од кого? Најнормално од Косово за да не побара во Македонијата, затоа што јас сум сигурен дека нема да се случи и тоа не го бараат нашите партии и нашите Албанци кои живеат во Република Македонија, но тоа е една инјекција, една инфузија од Албанија и од Косово.

Мислам дека тоа ќе треба да се поддржи и да работиме околу тоа, да говориме околу тоа во Парламентот, да ја поддржиме оваа информација за НАТО, но НАТО да биде сместен на граничниот појас за да не може Македонија да биде плен на оние што ги дадоа изјавите.

И друго би кажал, доколку дојде до поделба на Република Македонија на две страни и тоа јасно гласно, дел да се преземе од Република Македонија од Албанците и Македонија јас унапред кажувам, пред сите кажувам каде ќе одиме ние Ромите и што ќе правиме ние Ромите. Од чија страна да застанеме и со кого да се определиме кажете господо пратеници. Можете слободно околу ова да ме демантирате. Кажете каде да одиме и со кого да застанеме. Еве го имате случајот на Косово, го имате случајот со избеглиците, каде ќе одиме и што ќе правиме ние Ромите.

Затоа треба многу добро да размислиме, а не се само Ромите има и други националности. Значи за оваа работа треба големо размислување. Не е веќе шала и не е нешто јас овде кога ќе излезам да се насмееме, ова е многу сериозна работа. Јас ја поддржувам Информацијата, но НАТО да застане таму каде што треба да ја заштити Република Македонија и да си останеме да си живееме сите националности, како што сме си по Уставот на Република Македонија, како што секој има право по Уставот на Република Македонија и како секој што е прогласен, секоја националност и секој граѓанин на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Амди Бајрам.

Има збор г. пратеник Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, господа министри дами и господа пратеници.

Ние како точка на дневен ред на денешната седница имаме Информација за односите и соработката на Република Македонија со НАТО, меѓутоа дискусиите беа и надвор од темата. Повеќе се дискутира за некои прашања кои не се на дневен ред, отколку за односите и соработката на Република Македонија со НАТО Алијансата.

Јас како пратеник на ова Собрание слушнав некои предлози и излагања уште вчера во врска со интересот на Република Македонија. Јас знам една работа. Интерес на Република Македонија, државниот интерес на Република Македонија е соработка со НАТО. Ние знаеме дека улогата на НАТО во овој период беше сосема мировна и таа улога ја играл не само кај нас, во Република Македонија, туку денеска и во Косово.

Секој пратеник, како и секој граѓанин на Република Македонија знае дека не само државниот интерес, туку и економскиот интерес, политичкиот интерес на Република Македонија е дел од НАТО трупите да останат тука. Ова сите го сакаме почнувајќи од институциите на државата, па до нај малолетниот граѓанин на Република Македонија.

Меѓутоа, во овој момент сакам да го кажам и тоа - вчера беше доста дебатирано во врска со предлогот за дневен ред за Дваесет и првата седница околу барањето на лидерот на СДСМ, г. Бранко Црвенковски да се води

расправа за која всушност ние денеска расправаме. Сите знаеме дека се работи за сосема друга точка. Исто така и од многу други пратеници на СДСМ беа кажани некои зборови и некои работи кои воопшто не кореспондираат со вистината. Ние знаеме дека интересот на Република Македонија е да се зачува мирот во регионот. За мирот и стабилноста во Република Македонија не може да придонесат само дел од граѓаните на оваа држава, туку сите граѓани на оваа држава, вклучувајќи ги и Албанците. Ние тоа го кажавме за време на преминот на бегалците. Ние бевме ангажирани дење и ноќе за да ги сместиме бегалците заедно со органите на Министерството за внатрешни работи, само да не дојде до некоја несакана ситуација. Тоа го направивме како граѓани на оваа држава.

Вчера и денеска беше поставена дилема во врска со некои работи, за кои јас сум сигурен и уверен дека пратениците од СДСМ многу подобро ги знаат од нас, особено ете мене ми дојде ред некои работи да ги кажам многу отворено и со тоа да биде запознаена и јавноста. Зошто да не го кажеме и тоа, да не ја малтретираме јавноста со некои работи, дека од некои работи се ризикува Република Македонија. Нема никаков ризик, туку ризикот ние го правиме сами. Со оглед на фактот дека не ни достасуваат аргументи и некои работи за да се спротивставиме на опозицијата, ние се занимаваме со некои работи кои не се во корист на оваа држава. Такви зборови денеска беа искажани многу.

Се отвори дилема дали треба Косово да биде независна држава, или не треба. Па, ние не сме толку способни, па и не сме надлежни за оваа работа па и не сме фактор што можеме да одлучуваме. Тоа треба да го знаеме. Некои други фактори одлучуваат за оваа работа. Пред една година кој мислел дека ќе дојде до ваква ситуација на Балканот. Зошто да не го кажеме и тоа? Какви беа ставовите на политиката на Слободан Милошевиќ, дури и на конференцијата што се одржа во Рамбуе. И ден денеска постојат такви луѓе во Кабинетот на Слободан Милошевиќ и уште сонуваат дека Косово мора да се задржи по секоја цена. Такви луѓе, такви политичари, не политичари го доведоа својот народ во една многу лоша позиција.

Сега некои од нас, од пратениците сакаат да го бранат територијалниот интегритет на СР Југославија. Тоа не може да го прави денеска ни Србија. Ние знаеме многу добро, во почетокот на деведесеттите години Милан Ѓукановиќ беше близок соработник на политиката на Слободан Милошевиќ, а знаеме денеска како се дистанцира самиот Ѓукановиќ од една таква политика, бидејќи цел свет го осудува. Зошто да не го кажеме и тоа, господинот Китаноски зборува за некои работи, дури беше и загрижен каква ќе биде состојбата или позицијата на не албанското население во Косово.

Господине Китаноски нема да се случи тоа што се случи со Албанскиот народ во Косово. Тоа треба да знаеш. Нема да се случи. Јас многу тврдо го кажувам тоа и со голема одговорност. Не знам денес дали ја читавте "Нова Македонија", на прва страница пишува "Масакрирани над 10 илјади лица на Косово". Како може денеска Вие да барате сигурност на тие луѓе кои се учесници во сите овие злосторства. Па не може оној кој ги има окрвавено рацете, мора да одговара. Нив ги бараат и НАТО, па и Хашкиот трибунал. Не можеш ни ти да ги спасиш, ни никој друг. И Милошевиќ не може да ги спаси, а Вие денеска барате каква ќе биде нивната безбедност во Косово.

Исто така, вчера беше многу галама направено особено од дел од пратениците на СДСМ во врска со средбата на г. премиер Љубчо Георгиевски со привремената Влада, со премиерот г. Хашим Тачи. Јас знам една работа. По традиција на сите балкански народи бакшишот ако треба да дојде на свадба ќе дојде од првиот комшија, а ние сме први комшии на Косово. Тука сме и така јас го сфаќам тоа. Верувајте дека средбата помеѓу господинот Георгиевски и Хашим Тачи е во интересот на граѓаните на Република Македонија.

Но, ние тука слушнавме многу квалификации, што воопшто не кореспондираат со вистината, меѓутоа, знам дека кога немаме аргументи за некои други работи, наместо како опозиција да се соочите со проблемите, со економските проблеми во оваа држава, бидејќи тука е националниот интерес исто така, и во овие моменти се користи нешто што не е интерес на оваа држава. Па, зошто да не го кажеме и тоа дека преку нарушувањето на меѓунационалните интереси некој ја гледа својата перспектива. Токму тоа се случи кај поедини пратеници на СДСМ.

Затоа, секој пратеник треба да има одговорност прво пред своите избирачи, па зошто не и пред граѓаните на оваа држава. Многу инвестирал господинот Милошевиќ на една ваква политика како поедини пратеници од СДСМ, што денеска уште и понатаму сигурно ќе инсистираат да инвестираат, меѓутоа, ја упропастиле целата економија, целото стопанство на Србија, а исто така го упропастил и народот на Република Србија.

Исто така, беше поставено прашање дали авионите на НАТО леталe врз небото на Република Македонија. Па, зошто отвараме едно вакво прашање? Сите тука знаеме колку траеше бомбардирањето врз Југославија. 79 дена. Ние знаеме сите. Не само тука, беше како што беше, туку и во многу други земји.

Да Ви кажам една работа. По професија јас сум историчар. Никаде во

историјата не се зборува за една ваква војна каква што беше во Косово. Дури да не кажам дури и пред две илјади години, масовно масакрирање на луѓето. НАТО водеше една хумана војна, 79 дена бомбардирал, цела територија на Србија. Исто така, бомбардирал и на Косово, жртви нема колку што има на Косово. Има масовни гробници господа. Кој ќе ги оправдува тие, а ние денеска сакаме да отвараме некои работи, што не се во интерес на оваа држава. Толку, Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Шаќири Хисни.

За збор се јави господинот Стојан Попов, но господинот Лазар Китаноски бара реплика.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Избегнав повеќе пати да се јавам, бидејќи имаше многу реплики, меѓутоа, ова што беше кажано навистина е пре сериозно. Не знам од каде Вие сте слушнале дека СДСМ ги оправдува етничките чистења.

Ние во повеќе наврати сме кажале, во повеќе изјави, во интервјуа дека етничкото чистење е нешто најстрашно, најголемо зло. Тоа апсолутно неспорно. Секој што учествувал во етничко чистење ќе си сноси одговорност по сите меѓународни норми.

Она за кое јас зборував дека сега се случува на Косово во обратен правец, има обратна насока на збиднување е дека сега Србите бегаат од Косово. Дали е тоа идејата за демократско Косово? Не знам, зборувам каков статус ќе добие. Тоа ли беше идејата на УЧК и на политичките сили на Косово? Така ли ќе се гради демократија на Косово?

Сега првенствена задача на политичките сили на Косово е да покажат дека се подобри од Милошевиќ. Тоа беше мојата поента. Утринава на СИ-ЕН-ЕН имаше директна снимка за обесчестени калугерки, непријатно ми е да кажам и уништена црква, односно манастир и колони на бегалци кои бегаат од Косово. Нема да се смири Балканот ако се продолжи овој процес. Националистичкото клатно е најтешко. Тоа оди еднаш лево, па се враќа десно и пак ќе се врати лево, односно десно и нема крај.

Јас ви поставив едно прашање на кое вие не ми одговоривте. Што значи фаза Б на УЧК? Фаза Б е Македонија. Јас овде не сакам да зборувам, бидејќи имам доста информации кога бев министер за одбрана. Не сакам да ги заострувам односите. Мислите дека ние не знаеме како држава што се случува, кои се плановите на соседните држави, на паравоени формации? Не сме ние толку слаба држава како што се мисли. Проблемот е што сме мала држава, сардисани од многу страни и во подолг период има многу аспиранти на Република Македонија. Јас го поставувам тоа прашање што го поставуваше пратеникот Стојан Попов и многу државници. Која е гаранцијата за Македонија ако продолжат овие тенденции? Голем дел премолчеа. Ние знаеме како УЧК се снабдува и на кој начин. И што ако тој начин се прошири на целиот Балкан со оружје и да не говорам за други работи.

Јас тука сум загрижен, тука е одговорноста на политичките фактори, тука е одговорноста и на НАТО за кое зборував на почетокот на дебатата. Безбедноста не се содржи во декларации и изјави. Безбедноста на една политика е реална безбедност, фактичка безбедност. Не е доволно што ќе се каже дека НАТО ја гарантира безбедноста на Република Македонија, дали новата Влада побарала, односно дали НАТО и доставил информации за тоа дали има УЧК во Република Македонија или нема, ако ја гарантира безбедноста.

Јас знам дека во УЧК има и патриотски елементи, млади луѓе, меѓутоа има многу елементи кои имаат сосема други идеи за албанското прашање на Балканот и оттука е мојата загриженост. А ние можеме да разговараме за демократијата во Македонија, за малцинските права, нема проблем. Проблемот е ако сега не се спречат некои елементи, некои идеи, некои големи идеи. Знаете што ме загрижува? Сите големи идеи на Балканот биле за сметка на Република Македонија, по правило без исклучок. Вие сте историчар, меѓутоа ние Македонците сме по дефиниција историчари, животот така не научил.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Секогаш постоеше дилемата околу мирот и стабилноста во Република Македонија, секогаш некои граѓани па дури и функционери одговорни луѓе на Република Македонија од поранешната Влада ја отворија дилемата каква ќе биде ситуацијата во Република Македонија кога ќе избувне војната во Косово. Војната во Косово е при крај, заврши. Во Република Македонија во овој период преовлада мир и спокојство за сите граѓани на оваа држава. Тоа ние го знаеме. Тоа му припаѓа на минатото и имам право да го кажам. Сега многу вака цврсто и убедливо и околу ова прашање не треба да има дилеми.

Исто така, се отвара прашањето каква ќе биде иднината на Република Македонија? Господа, јас знам една работа, еден факт, историски факт. Македонците и Албанците секогаш имале добри односи. Никогаш барем во оваа наша историја што памети, што знае, не сме имале некои не разрешени работи, не сме војувале. Тоа го кажува историјата досега, а отсега натаму како ќе биде јас не знам.

Меѓутоа, со Србите во 1878 година се случи истото масакрирање на една група Албанци во Моранскиот регион тоа се случи. Исто така во Балканските војни колку Албанци беа масакрирани. А со Македонците никаде нема забележано во историјата дека сме имале проблеми.

И не треба да има таков страв. Меѓутоа јас сум свесен дека тука постои про српски елемент кој сака сите работи да ги ориентира кон сосема друга насока каде што ни е интересот на државата. Си поставувам прашање, исто така ние сите сме против било каков егзодус и етничко чистење.

Господа, не бегаат од Косово чесни луѓе, чесни граѓани, чесни Срби, туку бегаат оние кои треба да одговараат пред Хашкиот трибунал. Тие бараат побезбедно место, а во Косово НАТО-трупи и нив ќе ги гони. Тоа треба да го знаеме.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас би сакал само да објаснам некои работи, затоа што дел од дискусијата на господинот кореспондираше со делот од мојата дискусија.

Прво сакам да нагласам една работа дека мировната мисија и интервенцијата на НАТО која несомнено направи преседан во однос на Повелбата на Обединетите нации, во однос на суверенитетот и интегритетот на државите најде свое оправдување во други високи принципи на Обединетите нации. А тие високи принципи беа човечките слободи и права, малцинските колективни права и т.н. И тука тие најдоа оправдување за таква интервенција на НАТО.

Меѓутоа, јас сум убеден дека и понатаму НАТО не може да ги негира и да не се држи до другите клучни принципи на Обединетите нации и на Повелбата на Обединетите нации и мора да посвети внимание и на другите клучни принципи како што е неповредливоста на интегритетот и суверенитетот на државите. Оттука сакав и укажав дека кога има отворени аспирации на една воено -политичка организација како што е УЧК, а која добива се повеќе и повеќе легитимитет мислам, дека јасно треба да се стави до знаење и на НАТО како наше барање да се зголемат гаранциите во однос на Република Македонија.

Значи по исти принцип онака како што тоа е опфатено за СР Југославија. Значи ако има отворени аспирации и ако некој тоа отворено го кажува и го поддржува, мислам дека ние мораме да бараме поголема гаранција за јасно да бидат или потврдени, или одречени веќе година дена искажуваните јавни ставови и аспирации кон територијалниот интегритет на Република Македонија. Значи тоа мислам дека апсолутно треба да се направи. Овде би сакал исто така само нешто да цитирам.

Сакав да цитирам уште нешто, еве тука гледам некој извештај за посетата на делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија во ИПУ во Лондон Обединето Кралство 25 март каде што меѓу другото имало поставено прашање од нашата делегација до Лордот Ирвин Одлер. Се вели од страна на нашата делегација на Лордот канцелар му беа поставени прашања во врска со улогата на Британија во косовската криза. Во одговорот господинот Ирвин Одлер нагласи дека разликата меѓу западните сојузници и ослободителната војска на Косово, е во тоа што западните сојузници се залагаат за поголема автономија на Косово во рамките на СР Југославија, додека Ослободителната војска на Косово се залага за голема Албанија. Притоа тој истакна дека при евентуалните воздушни напади врз СР Југославија стои опасноста воздушните сили на алијансата да станат воздушни сили на Ослободителната војска на Косово. Може да се маргинализираат одредени работи што постојат и како документи овде. Тоа е официјално и на пактот за стабилност.

Колку што знам до сега не е на меѓународен план не е реферирано, не е сеуште реферирано под ставот кој што се уште предвидува автономија. Во каква форма, дали целосно, широка и т.н., тоа е друго прашање. Значи тоа е едно. Би сакал навистина да нагласам дека преседан за промена на границите ако веќе биде направен дека навистина ќе има големи последици и ќе биде од погубни размери за Република Македонија. Тоа е мој личен став, не го кажувам ова како став на пратеничка група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со ова мислам дека ги завршивме репликите.

Има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Ако ми дозволите јас исто така би сакал да кажам по неколку прашања, па и мои коментари во врска со информацијата за односите и соработката на Република Македонија и НАТО да се произнесам.

Имено, веднаш на почетокот би сакал да кажам дека сепак оваа информација јас повеќе ја разбирам и ја сфаќам како информација за односите и соработката на Република Македонија со НАТО во последните неколку месеци. Таа не е опширна, сеопфатна информација за односите на НАТО сојузот и Република Македонија во еден подолг период, за кој што мислам дека доста исцрпно елаборираше господинот Ханџиски. Мислам дека беше ред барем со неколку реченици да се даде еден осврт на пред историјатот на односите на Република Македонија и НАТО-сојузот. Тоа повеќе не заради потребите како што некој тука сака да спомне за некои пофалби на работата на сегашната опозиција, или претходната власт, туку мислам заради волја на вистината и заради македонската јавност.

Меѓутоа веднаш морам да кажам дека самата информација во секој случај е доста штура, доста е техничка со обид нешто да се даде во вид на некој концепт, за тоа што понатаму и на кој начин ќе се развиваат односите меѓу Република Македонија и НАТО-сојузот. Мислам дека во основа претставува една задоцнета информација, бидејќи вие како што се сеќавате многу добро во неколку наврати барем од страна на опозицијата ваков тип на информација или во нешто сосема друга

димензија се бараше во периодот пред два, три месеци. Бидејќи тогаш беше интересно да се слушне меѓу другото какви се концептите, опциите, така да кажам решенијата кои што треба на некој начин да бидат присутни и запознаена е целокупната македонска јавност, за тоа како Република Македонија односно државните органи, односно Владата ќе ги регулира вкупните односи на НАТО-сојузот со Република Македонија.

Меѓутоа тоа изостана Втората забелешка која што ја имам на информацијата и која што мислам потајно на некој начин ја открива вистинската суштина на одвивањето на процесите на регулирањето на односите меѓу НАТО-сојузот и Република Македонија. Имено ако забележите во почетокот станува збор за единствено, каде што се елаборираат одредени процеси во вид на бројки и цифри како се одвивал процесот на присуството на НАТО-трупите во Република Македонија.

Тоа значи дадена е една хронологија на начинот како и се работело во суштина во Владата на Република Македонија, околу регулирањето на тие односи со НАТО-сојузот. А во вториот дел во поглавјето каде што вели: правни односи во соработка, таму се прави еден обид кои се тие договори или акти кои што претходно Владата на Република Македонија требала да ги донесе, на кое што ние со право како опозиција инсистиравме уште на почетокот.

Значи сакам да кажам несвесно во самото структуирање на самата информација се покажува вистинскиот начин на работењето на Владата во врска со регулирањето на односите меѓу НАТО-сојузот и нашата држава. Тоа значи дека отпосле под притисок на опозицијата што мислам дека треба да се признае, тоа не е нешто страшно, во една таква ситуација е можно на пример човек да биде помалку однесен, или на некој начин замаен од вкупните процеси и од времето и брзината со која што се случуваа настаните да не се подлегне, односно да се пристапи кон изготвување на една цврста правна рамка, за кое што опозицијата на некој начин инсистираше. А ние инсистиравме на такво регулирање на тие односи меѓу другото заради дигнитетот на власта, на државата и на потребата од тоа на македонската јавност да и биде јасно кои се позициите, кој е карактерот, кој е мандатот, кои се целите на присуството на НАТО-мисијата во Република Македонија.

Според тоа мислам сакале или не, сепак мора да се даде една квалификација дека Владата во тој период па и ден денеска до некаде мислам дека се однесувала и трчала по настаните и состојбите кои што се случувале во врска со вкупните односи со НАТО-сојузот.

Јас би сакал во една реченица кое што мислам дека исто така е доста суштинска и за кое што мислам не се обрна доста внимание во дискусијата денешна, за кое што нешто на крајот ќе спомнам.

На страна 7 се вели: со тоа безбедно би се применил клучниот постулат на системот на НАТО, а што не е случај со другите воени системи - демократска контрола над воените структури.

Сега се поставува прашањето, бидејќи и во нашиот Устав, а исто така како што гледаме дека еден од клучните постулати воопшто на филозофијата, на концептот на функционирањето, ако сакате на НАТО структурите и на НАТО системот е во тие членки земји да има демократска контрола над воените структури.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

За мене се поставува едно клучно прашање: каква имавме или треба да имаме демократска контрола над воените структури, над плановите, над правните рамки, над концептот, кога ние во изминативе неколку месеци токму по ова прашање едноставно бевме блокирани од добивање елементарни информации што се случува на релација Влада на Република Македонија и НАТО Алијансата.

Според тоа, мислам дека не ќе можеме да одговориме на барањето на овој клучен постулат, во иднина, во правењето на оваа годишна оперативна програма или друга национална програма во врска со степенастото интегрирање на нашата држава во НАТО структурите, доколку од сега не се прават обиди, исто така да се има контролна функција врз работата на воените структури на државните органи, посебно на Министерството за одбрана, ако тоа на некој начин му се ускратува или му се оневозможува и на самиот Парламент.

Според тоа, мислам дека ваквиот начин очигледно нема да биде само забелешка на опозицијата и на ова Собрание и државните органи, туку е на некој начин забелешка и на НАТО структурите, бидејќи тие сакаат да знаат, да имаат чиста позиција за ставот како на државните органи, така и на опозицијата, меѓутоа и на граѓаните за тоа дали на некој начин се прифаќа концептот или она што се нуди во регулирањето на односите меѓу двете држави.

Понатаму што сакам повеќе во вид на некои прашања да поставам, за кои што мислам дека добив на некој начин шкагфор во денешната дискусија од неколку пратеници - не би сакал да спомнувам имиња за да не ја одолжуваме расправата - каде што меѓу другото се вели дека е договорено. Логично е да се постави прашањето зошто и како е договорено и од кои причини и во натамошниот период да останат 10%, а во дискусијата слушавме и 20% и 30%, од вкупниот потенцијал на НАТО во Република Македонија.

Логично, поставувам прашање од аспект на граѓанин, а не како пратеник на кој што му се појасни работите, меѓутоа граѓанинот сака да му биде јасно што е сега причината, зошто тој процент од 10 ќе останат во Република Македонија, бидејќи овде како што беше спомнато се уште на некој начин не се анулирани

евентуалните опасности по безбедноста на Република Македонија и во наредниот период, па тие 10% би биле еден вид гаранција за безбедноста на Република Македонија. Логично е како граѓанин да поставам прашање, ако постои таква опасност дека е ред да се објасни пред македонската јавност од кого тоа ни се заканува некаква опасност и во наредниот период на Република Македонија, имајќи предвид дека ситуацијата на некој начин финално се димензионира на територијата на Косово и она што се случуваше кај северниот сосед.

Сега се поставува прашањето која голема опасност и се заканува на Република Македонија. Не би сакал да помислам дека тоа е во оној контекст во кој зборуваше пред малку колегата Столе Попов, или е нешто друго зад тие идеи. Сега се поставува клучното прашање, тие 10% кои утре можат да бидат и повеќе со каква цел остануваат во Република Македонија. Мислам дека тоа е должност на Владата на Република Македонија и надлежното министерство да биде објаснето, затоа што од друга страна се поставува прашањето дали тоа значи дека Република Македонија, нејзините државни органи, нивната државна структура - мислам на Армијата, безбедносните органи и т.н. - едноставно не се во состојба да ја гарантираат безбедноста на државата во наредниот период во Република Македонија.

Ако е тоа така, тоа е веќе едно тешко признание, за кое јас не верувам дека Владата има такви индиции дека едноставно не е во можност да ја контролира вкупната безбедност во Република Македонија па од тие причини е неопходно натамошно присуство на НАТО војската од 10%, 15% или 20%. Ако одговорот на тие прашања во наредниот период не стаса во јавноста, мислам дека може да се создаде еден впечаток, дека фактички на некој начин сме сведоци на демисионирање на владините институции во поглед на обезбедувањето на безбедноста на Република Македонија.

На крајот би сакал еден совет да дадам, пред се на колегите од позицијата, бидејќи неколкупати веќе се случува да се реагира на еден начин во изнесувањето на предлози, сугестии и дискусии на пратеници од страна на опозицијата. Јас ве убедувам, а сигурно и вие сте убедени дека не може да постои добра опозиција само ако молчи. Вие ако сметате дека е добра опозиција онаа што само молчи, мислам дека се лажете.

Пред извесно време од страна на вашиот премиер беше спомнато за однесувањето на опозицијата во овој период, дури беа кажани и високи оценки за таков однос. Меѓутоа, еднаш кога ќе процени опозицијата дека се случуваат такви настани во државата, за кои е скоро нужно да проговори на начин на кој што сметаме дека тоа е дел и на одговорноста која и опозицијата ја има за вкупните состојби во државата, веднаш да се реагира на еден сатанизирачки начин во изнесувањето на тие предлози.

Меѓутоа и тоа зборува, пред се, затоа е сугестијата дека вие како позиција мислам дека најдобар одговор на она што го бара или го поставува опозицијата за одделни прашања, доколку тоа го направите на еден крајно аргументиран начин, односно давате одговор на тоа што опозиција како прашање го поставува. Инаку, на ниво на паушални оценки и враќање постојано наназад, "а вие што правевте, а вие ова, а вие она", мислам дека од една таква позиција на позицијата во Собранието најмалку ќе има корист Владата на Република Македонија, затоа што таа Влада на Република Македонија е наша односно ваша и на некој начин тешко односно немате можност да ја одбраните.

Мислам дека една таква одбрана на Владата на Република Македонија воопшто нема да и користи, а ќе дозволите, токму заради тоа што и во дискусиите денес и постојано се укажува дека за односите и состојбите во Република Македонија најголема одговорност сносат тие што се на власт, меѓутоа, сносат и тие што се во опозиција. Тогаш ќе дозволите и нема да се лутите што ќе поставуваме и незгодни прашања кои мислиме дека треба да се постават. И во иднина тоа треба да го очекувате.

Затоа, моја сугестија е подобро е да се занимавате со тоа на тие наши прашања да давате соодветни одговори, а во таа смисла би требало да ве подготвува самата Влада на Република Македонија, да не бидете изложувани тука на ситуација да влегувате во некоја апологетска расправа или да не кажам некој потежок збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љупчо Поповски.

Има збор г. Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. претседател, г. министер, почитувани колеги, денес расправаме по едно многу важно прашање и во било кој Парламент, барем во Европа, да се расправа по вакво прашање, да речеме во некоја земја од оние кои сме членки на "Партнерство за мир", а не сме членови на Алијансата, ќе му се посвети најголемо внимание, а особено ако се работи за ваква земја како нашата која е непосреден сосед на подрачјето каде се водеше крвава војна, една разорна војна која уништи многу човечки животи, многу семејства растури, можеби за децении ги уништи перспективите на цели краишта, градови и т.н.

Она што од оваа расправа и од Информацијата што ја даде Владата треба да очекуваме да произлезе, во државата многу работи да станат појасни. Ја следев расправата и би апелирал - сигурно ќе има уште учесници во расправата - да настојуваме, да избегнуваме можност да се остави впечаток дека толку сме поделени што всушност тешко да можеме да

биеме квалификувани како партнер на една ваква силна алијанса. Морам да кажам, тоа ми е и најтешко, и не е тоа некој национализам, во еден период од расправата се создава впечаток дека пратениците Македонци по националност толку сме поделени, како да претставуваме не разни политички опции, туку разни народи. Тоа ќе остави лош впечаток, впечаток дека мнозинскиот народ заради тие поделби има намалена можност да ја игра улогата која мора да ја игра во оваа сложена ситуација во земјата. Но да не се задржуваме сега на тој дел.

Информацијата и излагањето на министерот се задржуваат на односите и соработката на Република Македонија со НАТО во периодот на оваа Влада. Некако е обработено што се случувало од склучувањето на основниот договор, така наречен основен договор, па со некои назнаки во кој правец ќе се развива и соработката и односите со НАТО во наредните непосредни денови или месеци.

Оваа Информација предизвика расправа и многу се зборуваше за тоа кога и како ќе станеме ние членови на НАТО и имам впечаток дека губиме многу време околу тоа. За тоа веројатно треба да се подготви Информација од друг вид и друг вид анализа. Оваа Информација не дава никакви можности околу тоа да погодуваме, ниту ни дава некоја помош да расудуваме за тоа, ниту пак има смисла да се туркаме натаму наваму по тоа прашање. Нема основа овде која ни дава било каков критериум, како ќе оди приемот на Република Македонија во НАТО. Тоа што ние имаме едно чувство и имаме интерес да бидеме примени, па и некои сакаат многу брзо тоа да биде, тоа нема врска со Информацијата. Информацијата го обработува овој период како период и на тоа треба да се задржиме тука. Господинот Поповски имаше право и тој прв од сите учесници го нагласи тоа, каде се остваруваат партнерските односи врз основа на договорот Партнерство за мир, како работел НАТО, како работела нашата Влада т.е. нашата страна. Основа се СОФА договорите што се правени со другите членки и со нас, тоа е ист модел и ќе беше добро да имавме еден проект како во Македонија ќе се постапува во случаите во кои врз основа на тој договор НАТО има право овде да испраќа така наречени мисии, војска и т.н. Таков проект во државата немаме и заради тоа нам ни се случи НАТО да си постапува како ние не знаеме што работиме, а од нашата страна некогаш телефонски, некогаш по дипломатски пат, некогаш така некогаш во разговори се даваа согласности и се случуваа, врз основа на тие согласности, настани овде, а потоа откако се виде дека тоа носи одредени ризици, па се бараат додатни гаранции, па тие гаранции доаѓаа некогаш усмено, некогаш со телеграми, некогаш со писма, некогаш во средбите и т.н., за да потоа дури почне да се прави еден посебен пристап, по сериозен пристап да се вклучуваат двострани права и обврски на двете страни, т.е. да излеземе не како некој кој е чирак, послушник и зависник, туку кој е навистина партнер. Мислам дека тука заради тоа, тоа и се случи на оваа Влада, но не верувам дека немаше да и се случи и друга Влада да беше, факт е дека треба да извлечеме заклучок дека врз основа на договорот Партнерство за мир и главниот договор СОФА треба да се направи добар проект, која институција во државата како ќе постапува во кои случаи што се предвидени во тие договори. Тоа не може да се заснова на моменталните договори што меѓусебе ќе ги направиме или само во Министерството за надворешни работи, или само во Министерството за одбрана или да кажеме во Владата во потесен круг и т.н. Со право пратениците поставуваат прашање што значи оваа и оваа ознака за некое писмо. Тоа е едната работа.

Вториот факт е дека Парламентот од уредувањето на овие односи т.е. од дефинирањето на партнерската позиција на нашата држава со НАТО беше исклучен. Најзначаен исчекор на Парламентот, да ја зајакне позицијата на Македонија беше направен на 24 март кога Парламентот донесе заклучоци и морам да ви кажам, иако главен заклучок тогаш беше Собранието не дозволува од овде да се напаѓа било која земја од соседите, многу се страхуваше дека тоа е антинатовски став, тоа од сите структури на НАТО со почит беше земено како став на легален Парламент, кој има уставно овластување така да кажам.

Сакам само да спомнам дека во земји сега членки на НАТО, да кажеме Унгарија, кога се постави прашањето дека може да се укаже потреба дека преку неа да мине во транзит војска на НАТО за да дојде во Косово, за да извршува обврски по Резолуцијата која е донесена од Советот за безбедност, сосема легална операција, надлежните во Министерството изјавија јавно, за таква согласност, ако тие се членки на НАТО, бидејќи за целата кампања е одлучено пред тоа, потребно е да донесе одлука Парламентот на Унгарија.

Сакам да кажам дека ова има две страни, за две работи е многу значајно.

Прво, за Македонија тоа е многу значајно за да проработи целата државна структура и да се покажеме ние овде, да можеме да си ги согледаме вистинските интереси и до каде ќе одиме во било која согласност, која ќе треба да се бара и договор кој ќе се направи. Ширењето на вести дека ништо не можеме ние, тие ако одлучиле ќе одат и т.н., не треба да подлегнуваме на такви работи.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Сепак ние треба да имаме државен став и треба да имаме начин како се гради и државните институции треба да си ги вршат своите функции, да не бидат заобиколувани и попречувани.

Второ, морам да Ви кажам дека тоа е наша голема проба како партнер за НАТО, дали

овде државата функционира или се се заснова на можноста да се издејствува некоја согласност што ќе го чукнеше некого по рамо, ќе му дадеш некој комплимент, ваков или таков, а он е на такво место и на тоа може да пристане.

Мислам дека впечатокот што тие го имаат дека лесно добиваат согласности без да има процедура во државата, во прв момент може да им ја олеснува работата и да се задоволни во тој момент, но крајниот заклучок им е дека таму нема правно дефинирано доаѓање до државна волја и до државни одлуки и тоа е територија каде и државни и административни одлуки ќе донесе и ќе наметне некој од надвор, па ќе имаме потценета улога. Јас сега морам да Ви кажам, тоа што сега така се случи, да кажеме придонесот на Македонија за разврската на целата оваа кампања што беше и целата криза е многу поголем отколку што сега Македонија може да претендира да добие одредени компензации, токму заради тоа што Македонија во секоја од овие фази не покажуваше јасна државна волја, што многу луѓе беа преплашени, ама ова да не е против НАТО, она да не е така и т.н.

Затоа треба да ни биде поука било како да ги градиме натаму односите, работите да се поставаат точно така како што во државата најмногу може да дојде до израз нејзиниот израз и тоа да го браниме. Сега е завршен периодот на воениот конфликт, но суштинската криза не е завршена. Војниот конфликт заврши.

Сега се почнува од моментот кога е донесена Резолуцијата на Советот за безбедност. Почнат е така наречен мировен процес што воопшто не значи дека мирот таму е обезбеден, туку почнува само мировниот процес. Рамките на мировниот процес се дадени во Резолуцијата на Советот за безбедност за Косово. Таа Резолуција требаше да биде поделена. Затоа јас вчера предлагав, ама немаше спремност, да се стави на дневен ред Резолуцијата на Советот за безбедност и плановите што Македонија ги има и правците на дејствување на Македонија односно на Владата, Парламентот и сите други, во остварувањето на мировниот процес. Ние треба да бидеме активен чинител во тој мировен процес. Тоа е наш интерес.

Многу прашања кои овде се поставуваат во разни форми и предизвикуваат силен емотивен набој, спротивставување, поделби, меѓусебни напади, во Резолуцијата се дадени, имаат свое решение и своја формулација. Основен приод во Резолуцијата е дека таа се потпира на претходни резолуции за Косово што сите тие се за заштита на човековите права, а ги има повеќе, на тоа дека некој не се повикувал на почитувањето на одредбите на тие резолуции и се доаѓа до тоа дека сепак основно е сочувувањето на територијалниот интегритет на Југославија и земјите во регионот. Тоа се однесува и на нас.

Според тоа, тоа е основна рамка на Резолуцијата заради која можеше да се донесе легална рамка да може да се влезе таму, да може да се распореди војска и т.н. Сега за влегување на силите на НАТО и веројатно на Русите, тоа е прашање кое они сега ќе се договорат таму. Тоа е еден од споровите.

Основен проблем сега во воспоставувањето на мирот е како да се избегне безбедносниот вакум и воопшто не е чудно што некој што чул и видел дека сега во безбедносниот вакум пак страдаат Србите, некој да каже оти и тоа се случува и тоа е многу лошо, не значи дека фатил српска страна, туку дека тоа што стои во Резолуцијата држи до таа работа. Човекот мисли дека тој е план што Светската заедница го направила и со што и Југославија се согласила и треба сега да се спроведува.

Во Резолуцијата исто така стои дека сите насилства и кршење на човековите права, злочините кои таму се вршени од сите страни, ќе бидат предмет на прогон од судот во Хаг и воопшто нема основа тврдењето дека сега таму во Србија, во Косово се знае точно кои Срби направиле злочин и тие ќе ги гонат, ОВК или не знам кој. Немаат овластување тоа да го прават, се разбира. Судењето и одговорноста пред Хашкиот трибунал ќе оди по друга линија. Сега треба да се обезбеди мир на сите во Косови и на Албанци и на Срби и на Роми. Во право е господинот Амди кога вика, па 18.000 Роми има избегано од таму. Така да и нивната судбина е многу важна.

Понатаму стои овластување на генералниот секретар да дава и инструкции на специјалниот претставник, кој ќе биде таму да ги уредува односите како ќе дојде до цивилна администрација, привремена администрација и како силите за безбедност да функционираат меѓусебе. Според тоа, никој сега ни од кого од светот не е признат како привремена Влада на Косово, или привремена администрација. Лажно се претставува секој што така настапува. Има акт на Обединетите Нации кој е изгласан од Советот за безбедност и е прифатен исто така од Југославија. Затоа можеме да кажеме дека е политички гаф дека ние такви претставници примаме овде и кога со нив правиме конференции за новинари и им даваме статус на претседатели на привремена Влада или не знам што, или пак дури ќе отвораме претставништва таму и т.н. На никој на памет не му паѓа такво нешто сега во светот. Или сега да кажеме оти ние ќе поддржуваме осамостојување на Црна Гора.

Станува збор за тоа, ако постои документ на ОН, основен интерес на Република Македонија е да работи, затоа што има точка 18 во неа со која обврзани се сите земји да

постапуваат во согласност со таа Резолуција. Тоа и нас не обврзува. Значи да постапуваме во согласност со Резолуцијата, а основна наша грешка и голема штета на државата ќе биде особено ако политички или државни функционери тоа го прават, ако поддржуваат правци на сепаратизам овде на Балканот. Тоа ќе ни се врати на нас. Не може сепаратизмот да биде добар ако го поддржуваме во друга земја, а кога е кај нас е лош. Тоа не оди така. Ние треба да размислиме за тие работи.

Инаку сакам да кажам без оглед на кое етничко потекло припаѓаме, без оглед кој каде има браќа, ние живееме во Македонија и тоа што излеговме на времето, тоа го знаат повеќето од Вас пратеници кои беа и тогаш во овој Парламент. Тогаш да не излезевме, оваа војна ќе не зафатеше и нас. Тогаш е првиот чекор направен да не не зафати и нас војната, бидејќи ќе беше втор град по големина во Југославија, па ќе ја имаше можеби судбината на Нови Сад.

Според тоа сите што дигнаа рака во 1991 година на 17 ноември треба да бидат горди, бидејќи катастрофални штети и судбини можеа да се нанесат на нашата земја и на нашиот народ, ако тогаш тоа не го направевме. Но, и сега со одлуките на Парламентот, заклучоците што ги донесовме и притисокот што народот го вршеше и граѓаните и во тие услови работата на Владата, ние треба да бидеме задоволни заради тоа што Македонија избегна уште една опасност да биде внесена во крвопролевање и во една катастрофална ситуација, која не ќе можеше никогаш веќе да се поправи. Тука интерес и придонес од тоа имаа и нашите овдешни Албанци, кои се државјани на Македонија и Македонците и Ромите.

И Ве молам сите кога зборувате сите, кога зборуваме треба да сфатиме, не треба да зборуваме како лобисти на некое друго тело каде што имаме крвна или не знам каква врска, туку како лобисти на сопствената држава, на оваа држава. На тој начин дури и на вашите браќа, како викате, можевме да помогнеме. Ако не беше оваа Македонија каде ќе одеа овие 300.000. За Македонија кога се зборува од сите Вас да се зборува со многу поголем почит. Немојте само Блаце, Блаце, Блаце. Покрај Блаце Македонија направи гигантски чекори тука, гигантски успеси за да може да ги спаси тие луѓе. Тоа никој не може нам да ни го негира. Друга работа е што некој лобисти таму нашле врски и во светските медиуми малку поинаку да ја прикажат таа работа.

Сега по мое мислење важно е да се направи оваа информација и предлози како да дејствуваме во спроведувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност и што како да правиме натаму во градењето на пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Некои ги мешаат работите. Мислат потпишавме пакт и сега Маршалов план 3 милијарди, 8 милијарди, 20 милијарди и така натаму. Нема ништо. Пактот е потпишан како општ нацрт, ама ниту Маршалов план нема внатре, ниту суми, ниту пари. Умножете го и поделете го да го знаат луѓето. Во пактот најважна одредба е дека ќе се направи посебна студија во која ќе се изградат односите на Европската унија кон Регионот Западен Балкан. Меѓутоа, Западен Балкан не е целиот пакт. Пактот ги зафаќа Словенија, Унгарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија, Македонија, Румунија, Бугарија, Турција, Русија, САД, Европска Унија, ОБСЕ и т.н. Сега Западен Балкан не е тоа. Западен Балкан се петте земји. Значи не вадат од пактот и Европска Унија посебно ќе не набљудува нас Албанија, Југославија, Босна Херцеговина и Хрватска. За сите овие работи потребно е да се подготви државата, да се направат сите потребни анализи, да се направат проекти како ќе си ги тераме работите во едно поле, во друго поле, во трето поле.

Ве молам, ќе се случуваат крупни работи во наредниот период, ние ќе бидеме неспремни. Ние меѓусебе ќе се глоѓаме, еден на друг ќе викаме, ќе си префрламе, ќе биде многу важно кој која песна ја пее и т.н. и тоа ќе биде главна замерка. Многу е важно да се подготви државата за наредниот период.

Уште еднаш предлагам да ги имаме на првата наредна седница, јас мислам дека Владата ги има елементите, ако ги нема, што правиме тогаш. Значи да се подготват тие два документи, да имаме ние овде расправа и да покажеме во кој правец како ќе работиме и како ќе ги тераме работите. Занесувањето околу тоа дека Македонија е центар и тоа само ќе ни падне од небото се илузии. За да бидеш центар треба и многу ум и многу работа и да не правиш грешки. Тоа е потребно и тоа подолг период, да те проверат, па да добијат верба, бидејќи тие што чекаат да им падне од небото никој не ги цени, по нешто ќе му фрлат, ќе го смета малку за добар пријател, ама вака, како што и ние обичните луѓе кога се однесуваме, знаеме како е, тој што мислиш дека е сосема наивен не е спремен да подметне грб.

Затоа да не се занесуваме дека ние светските политички и идеолошки проблеми ќе ги решиме, бидејќи ние ќе одлучиме, имаше и порано некои такви идеи, во некои конфликти меѓу Русија и Америка, меѓу Русија и Кина, Америка и Кина, па ќе не употребат овде онде нешто да забришат и т.н. Ние не треба да дозволиме со тие работ да се занимаваме. Мали сме ние за таа работа. Мали сме, но затоа нашите грижи се големи, а ние имаме, морам да Ви кажам, народ со чувство да процени кога треба да се одупре на опасноста. Нашите граѓани, би рекол, од сите етнички потекла, ако можам така да кажам покажаа голема мудрост и трпение и еве и оваа криза ја

избегнавме. Мој совет е на овој начин да се оди. Никако да не се сфатат овие заклучоци како еве Владата си извршила една општа обврска кон Парламентот малку да го информира и сме ја покриле Владата. По мое мислење тука има барем два договори кои треба да дојдат на ратификација, а кога ќе дојдат на ратификација добро ќе погледнеш, ќе видиш, ќе дадеш некоја сугестија во некој правец каде може уште нешто да се направи.

Слушнав јас господинот Китановски вика околу милион долари е изгубен во Куманово аранжманот. Не ни плаќаат они патарина, а одат по нашите патишта. За тоа секој си води сметка. Домаќини луѓе мора да водат сметка. Но, за тоа би продискутирале тогаш кога ќе дојде материјалот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Андов.

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри на Владата, по однос на Информацијата по која денеска расправаме, според мое мислење важни се особено три точки кои треба да ги имаме предвид, при определување на идните насоки во кои треба да се движат нашите односи со НАТО, а и се разбира самата политика која ќе се води внатре во државата и односите со земјите од Европската Унија и САД, со кои сметам дека Република Македонија е определена да гради посебни односи во свој интерес и пред се на граѓаните кои што живеат во Република Македонија.

Во прв ред јас ќе се задржам на тоа што веројатно е и цел на оваа Информација, да се согледаат безбедносните аспекти кои Република Македонија ги има во одреден момент со присуството на НАТО и со се што се случува во регионот.

Сметам, без поголемо одолговлекување дека сето тоа што се случува при самото присуство на НАТО, добрите односи кои по се изгледа се градат, добрите односи на доверба, и покрај сите забелешки кои се изнесуваат во поглед на правните аспекти на регулирањето на односите околу престојот на НАТО и другите активности што НАТО ги презема во регионот, сепак зборуваат за едни односи на доверба кои во динамични околности и во една динамика на случувањата, најверојатно дека не беше можно да се согледаат сите аспекти на односите со НАТО и јас верувам дека со време сето тоа ќе се надополни.

Тоа што е најважно, според мене, се гаранциите што НАТО ги дава иако се писмени во вид на изјави, сепак од тоа што се случуваше се гледа дека НАТО не дава празни изјави. Тоа што ќе го каже, ќе го спроведе. Мислам дека од овој аспект Република Македонија може да се чувствува безбедна и да продолжи во насока на подобрување на односите со НАТО.

Втора работа која сметам дека треба да се има во вид, е опциите кои се изнесуваат во однос на тоа како ќе се одвива понатаму самата криза на Косово и какви ќе бидат импликациите по однос на развојот на Република Македонија. Мислам до сето тоа што се случуваше пак поврзано со акцијата на НАТО и со решеноста на Северноатланската алијанса да го спроведе докрај тоа што го наумила покажува дека Северноатланската алијанса НАТО и САД се решени овој пат да одат докрај со стабилизација на регионот вклучително и на РМ и сите други земји околу Република Македонија. Во овој поглед мислам дека за среќа отидоа во вода сите лоши сценарија кои имавме можност да ги слушнеме овде во овој Парламент, за тоа како ќе се решава проблемот на Косово и какви лоши импликации ќе има сето тоа што се случува околу Косово за самата РМ. Ова што се случува овие денови, интензитетот со кој и самите бегалци инсистираат да се вратат што побргу во своите домови зборува за тоа дека сите тие сценарија паѓаат во вода. За среќа, единственото сценарио кое изгледа ќе се оствари по сето она што го гледаме овие денови сигурно ќе се оствари сценариото на НАТО алијансата и на државите членки на НАТО.

За среќа, пак повторувам, Република Македонија во оваа ситуација не гледа дека ќе излезе како губитник, туку напротив доколку имаме елементарно чувство за одговорно однесување кон тие што одлучуваат, мислам дека РМ дури може и да профитира.

Во склоп на сите овие односи ме радува што на крајот Владата, односно премиерот ги отвори очите и виде на каде треба да се види интересот на РМ, а тој е кон подобрување на односите со Албанците во регионот било да се на Косово, билово Албанија, било со Албанците внатре во РМ. Најтешкиот дел сепак останува внатре да се реши. Јас мислам дека доколку некој мисли дека со задржување на ситуацијата на статус кво со Албанците во РМ ќе се решат проблемите, многу се лаже.

Мислам дека наредната етапа треба да се однесува на подобрување на меѓуетничките односи внатре, односно на релацијата помеѓу Македонците и Албанците. Со тоа мислам дека РМ конечно ќе се извлече од редот на државите кои со примена на сила со не демократски начини ги решаваат проблемите и конечно ќе се приближи кон земјите од демократското општество.

Прашањата кои мислам дека сериозно треба да се имаат во предвид кога се расправа за односите со НАТО, мислам дека неколку дискутанти ја исфрлија на површина е ограничениот суверенитет, кој сега очигледно се наметнува од страна на Меѓународната заедница, односно јас мислам не од целата Меѓународна

заедница туку од НАТО алијансата и земјите членки на НАТО алијансата.

Оваа нова филозофија на делување на НАТО мислам дека треба да се има во предвид при градење на нашите односи со другите држави, а и при самото градење на внатрешните односи во Република Македонија. Иако многумина најверојатно жалат, за тоа што НАТО алијансата ја отфрла идејата за апсолутен суверенитет на државите, за кои тврдо се борат Русија, Кина и некои други земји кои мислат дека само на тој начин ќе го задушат демократското дишење на своите општества, сепак мислам дека РМ треба да се однесува одговорно и да го прифати овој нов однос во меѓународните рамки.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Продолжение)

Во овој поглед мислам дека сите тие што стравуваат за иднината на РМ, по мое мислење се тие што имаат ретроградни мислења за односите внатре во РМ. Секој кој има намера и понатаму да ја изигрува довербата на Албанците во својата држава, во РМ, сигурно може да очекува да се соочи со неслагање од страна на Албанците во РМ. Сите тие кои сакаат да градат односи на доверба и на почитување во РМ мислам на меѓуетнички односи можат да очекуваат дека нема да има никакви проблеми во РМ.

Но, една работа треба да ни биде јасна на сите нас овде. Нашата коалиција со СДСМ тешко одеше. По првичните реакции по се изгледа дека добро започна коалицијата меѓу ДПА и партнерите во коалицијата. Но, бидете сигурно во една работа. Доколку Албанците и овој пат не успејат во своите политички определби своите прашања да ги решаваат по институционален пат, тогаш сите треба да стравуваме за иднината на Република Македонија. Во спротивно мислам дека конечно ќе се приближиме до Европа.

На крајот би сакал да одговорам на некои тези кои беа изенсувани од оваа говорница од страна на одреден број на колеги пратеници.

Долго време се зборуваше за тоа дека не постои анти Нато расположение, туку анти воено расположение. Таа теза и понатаму се обидуваат да ја потуркаат вешто и непрекидно. Мислам дека една од тие тези пак ќе биде присутна и на митингот кој ќе се претстави на 24 овој месец. Но, бидете уверени колку да се обидува било кој да ја задскрие таа теза за анти Нато расположение, доколку на митингот се покаже едно елементарно несогласување со политиката на НАТО алијансата, мислам дека сепак ќе се работи за отворено анти Нато расположение, кое може да се одрази неповолно во односите меѓу НАТО и РМ.

Од одреден број пратеници беше изнесена тезата дека на Косово не се работи за нарушување на политичките права, туку само за човекови права. Мислам дека оваа флоскула треба да се одбегне и да се гледа точно така каква е генезата на самиот проблем. Генезата на самиот проблем беше одземањето на политичките права на Албанците на Косово и како резултат на тоа дојде до нарушување на човековите права поради што дојде и интервенцијата на НАТО. Додека не се вратат политичките права на Албанците на Косово кои ќе бидат во овој или оној вид и што се однесува до самата резолуција на Советот за безбедност и на другите релевантни меѓународни фактори по однос на иднината на Косово, јас сепак се надевам дека и покрај тоа што Меѓународната заедница сепак ќе настојува да се одржат одредени врски помеѓу Косово и Србија, сепак треба да им биде јасно на сите дека Косово ќе има голем степен на елементи на државност со самото тоа што ќе има Влада, претседател, судство и сето тоа што ќе следи и формалните граници кои еве на пример и Република Српска ги има во рамките на БИХ ќе бидат само формални и точно така треба да се гледа на тоа. Да не се залажува некој дека Србија ќе има и понатаму некаква контрола врз Албанците.

Има и други прашања кои мислам дека заслужуваат внимание, но ова што го изнесов мислам дека е од примарно значење за градење на односите на РМ со НАТО. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Благодарам на г-динот Мевљан Таири.

Има збор г-динот пратеник Радомир Карангелски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници, од неколку наши колеги имаше излегување од темата по Првата точка од дневниот ред, како што знаеме тоа се односите на РМ со НАТО. Затоа немојте да ми замерите, меѓутоа јас ќе се осврнам малку пошироко не само на оваа тема, туку и на некои тези кои се вклучија во оваа расправа.

Имаше тези дека во информацијата како основа за оваа расправа поднесена од Владата, без оглед што е помината на заедничката седница на двете Комисии за внатрешна политика и одбрана и Комисијата за надворешна политика, дека фактички е земен период на владеење на оваа Влада значи, историјатот на односите со НАТО не е обработен во информацијата.

Понатаму, имаше тонови на релација позиција опозиција каде нормално опозицијата секогаш може да си го користи правото да извлече некои сегменти од темата на дневен ред, за да промовира некои други работи независно дали се однесува на вчерашната ПРЕС конференција или било кои други тези, така што има една поларизација визави едно многу важно и комплексно прашање кое денеска го разгледуваме на Собранието, меѓутоа многу опасна поларизација е она што значи Македонци - Албанци и други ентитети во Република Македонија.

Како основни работи кои сметам дека во Собранието би требало да ги разгледуваме би ги посочил и она што се како теза оспоруваше од

страна на опозицијата од СДСМ, дека мандатот односно статусот на силите на НАТО не е определен и стално се инсистираше без оглед на неколку комисиски расправи што ги имавме, јас би потсетил, некои комисии не беа завршени, но се расправаше, имаше и една делегација на парламентарци пред започнувањето на кризата на Косово односно бомбардирањето на НАТО на Косово во својство на запознавање со организацијата на НАТО и во политичкиот дел и во оној што е воениот дел. Во таа делегација на парламентарци од Македонија беа и членови од опозицијата.

Меѓутоа, би се навратил на нешто што е особено важно, тоа е дека постои рамка, тоа неколку пати се повторуваше прво е СОФА аранжманот после тоа имаме Договор за Партнерство за мир, потоа имаме 11 анекси кои ни беа доставени на една од седниците на разгледување без оглед дали ќе ги наречеме технички или не, сега ќе направам една дигресија визави последната дискусија на г-динот Стојан Андов каде вели дека треба да се дадат во информацијата повеќе партикуларни работи во однос на програмите како се работи во рамките на Партнерството за мир, меѓутоа знаеме неколку души, можеби и тие што ги поставуваат прашањата дека постојат програми за Партнерство за мир годишни заедно со НАТО. Јас ќе потсетам ние имаме амбасадор во Брисел, тој е амбасадор на НАТО од Македонија, исто така имаме офицер кој ја претставува РМ, што го претставува делот на воените аспекти, имаме исто така уште еден офицер во ШАРП, тоа е она што значи Командата на НАТО, каде тековно се следат сите активности. Сега по број ако биле минатата година 128 или оваа година се планирани 120, што значат тие активности? Тие активности значат заеднички вежби, значат семинари, значат разни програми без оглед на чија територија и каде се обавуваат. Барањата и понудите за учество во разно разни активности во рамките на Партнерството за мир, па ако сакате и пошироко во НАТО.

Колку што сум запознат за оваа година е планирано преку 120 активности, значи постојат такви елементи, точно е тоа дека не се дадени во оваа информација, јас би ја нарекол техничка, бидејќи ги дава партикуларните активности што сметам дека не е основа за оваа расправа на Собранието. Меѓутоа, тука се зборуваше и за компатибилноста на оружјето во РМ со оружјето, тоа нема врска, нема врска компатибилноста на оружјето, има врска компатибилноста на организацијата на Министерството за одбрана и Армијата на РМ во смисла дали говорат наши офицери на тој јазик кој е команден јазик, дали сите стандарди се хармонизирани и усогласени на ниво на НАТО и она што е Министерство за одбрана со Армијата односно да не спомнуваме примери од кесичка за крв за трансфузија, до сите оние работи од воен аспект, каде мора да се смета на тоа дека во сите акции едниот ќе биде команден јазик, значи мора една партиципација да биде од двете страни усогласена и хармонизирана.

Понатаму би сакал да кажам и околу тие мисии. Добро е што ги има НАТО, сега е сосема друга ситуација отколку кога делегацијата беше таму, но мора на јавноста еднаш да се каже отворено дека за сите овие работи РМ троши финансиски средства. Зошто? Треба да се обучат редица офицери на нашата Армија за овие аспекти што ги зборував пред малку. Треба да се спроведат редица стандарди со технички, материјали и други средства, за да дојдеме до едно ниво.

Значи, треба да го одвоиме НАТО во смисла дека постои политичкиот и воениот дел. Ако постои таков дел еве јавно се декларираме како партии и имавме можност да слушнеме во ова Собрание повеќе пати дека сите партии консензуално сме за зачленување во НАТО, значи тука нема дилеми, меѓутоа мораме да знаеме дека тоа не е само политичка определба, тоа се голема работа на овие аспекти што ги зборував. Меѓутоа, се надевам дека ова што е една од основните определби, а тоа е зачленувањето брзо ќе дојде, бидејќи знаеме што значи тоа за една држава каква што е РМ не само во географски контекст, туку и спрема својата големина, опременоста и другите аспекти.

Мандатот. Спомнав, и спрема договорите и спрема гаранциите што ги добивме и спрема она што е резултат на целата работа визави Косовската криза се покажа дека немаше никакви други заткулисни или скриени работи во однос на статусот и мандатот на силите или трупите на НАТО кои престојуваа на територија на Република Македонија. Зошто? Знаеме дека еден дел беше во функција на извлекувачи, на верификаторите од ОБСЕ на Косово, а другите беа чисто КФОР, сега што ги викаат сили за имплементација по потпишување на мировниот договор на Косово, што на крајот на краиштата се виде и ништо не излезе од контекстот од она што се залагавме, што зборувавме и што на сите нивоа го кажувавме.

Значи, резултатите покажуваат една очигледно друга ситуација од она што се обидува некој да ја прикаже тука. Меѓутоа, она што го спомнав без оглед, да не навлегувам во тоа дека и вчера на Комисијата се обидовме, па еве опозицијата зборува дека стално поставуваат на дневен ред меѓутоа, на тие комисии каде првично треба да се разгледуваат вакви информации целата опозиција ја нема, ние треба да чекаме и да презакажуваме, но тоа не е толку битно, битно е дека заклучните работи се поларизираат работите во Собранието, а тоа може да има негативни импликации и на поларизирање во државата.

**РАДОВАН КАРАНГЕЛЕСКИ:** (Продолжение)

Во која смисла, она што реков, не е битно опозиција - позиција, тоа постојано ќе има, без оглед што тези дали тајванизација, Тајван, ви за ви оваа тема што ние односи на

Република Македонија со НАТО се спомнуваат сега економски, тајвани и други работи, средбата со Тачи и т.н., мислам дека тоа е еден широк контекст.

Меѓутоа, опасна е онаа друга теза каде што секогаш во вакви ситуации каде што се работи за сложена и многу сериозна тема дека се протнуваат некои теми во однос на поларитетот помеѓу ентитетите, особено помеѓу Македонците и Албанците. Во таа смисла својата дискусија би ја почнал, прво, како најбитна позиција за целата оваа работа од интересите на Република Македонија.

Од тука би тргнал, што не значи дека ние не сакаме и соседите да имаат благосостојба и стабилност и мир како и ние што сакаме да имаме и дека и соседите не сакаме да имаат демократија каква што ние ја градиме и сметаме дека во регионот сме на прво место во однос на развојот на тие процеси. Туку, затоа што е тоа нормално ние ќе бидеме побогати ако имаме побогати соседи. Ќе имаме поголема демократија, ако имаме демократија околу нас, затоа што ќе можеме и да се испровериме и ќе можеме, исто така, да размениме мислења ќе немаме негативен од страна на тие евентуално сиромашно или и не демократизирани општества. Со оглед на тоа јас и на комисијата и претходно ја проучив оваа информација, се навратив неколку пати, сметам дека информацијата со оглед на она што е функцијата на денешната седница е сосема во ред и по обем и по она што како содржина и структура го претставува и во оваа прилика кажувам дека се сложувам и со оној заклучок на заедничката седница на двете Комисии што ги спомнав за внатрешна политика, одбрана и Комисија за надворешна политика, каде што се предлага на Собранието да се усвои оваа информација за односите помеѓу НАТО и Република Македонија со, нормално имаше интересни идеи. Јас сметам дека тоа се подразбира, но еве ќе ги спомнам и околу тоа продолжување на гаранциите и т.н.

Владата на Република Македонија како резултат сега би заклучил, успеа во оваа ситуација и кризата на Косово да ја заштити земјата. Тоа е една од најголемите придобивки што сега ја имаме, ви за ви сите овие односи со НАТО и т.н. Земајќи го предвид развојот на настаните сигурно е дека Владата ќе го реши прашањето за враќање на сите бегалци назад во своите домови, што исто така е многу важна работа.

Исто така, досега не е нарушен ни односот со ниеден со соседите. Значи, ви за ви целата оваа работа што е од исклучителен значај за Република Македонија. И, нормално, дека треба да создаваме односно веќе имаме една појдовна основа да создаваме добри односи, реални односи со идната демократија во Србија или ако сакате во Југославија.

Во досегашниот период на траење на косовската криза опозицијата, реков главно, конструктивно се држеше, без оглед да ги земеме некои минори до вчера, би рекол минорни истапи, каде што ете така се некои партикуларни партиски интереси изнесени. Меѓутоа, треба да се спомене дека во текот на кризата и опозицијата беше на едно конструктивно ниво. Меѓутоа, сега веќе излегуваме од кризата, излегуваме од оваа состојба што беше воена и имаме една друга сложена ситуација, знаеме што е тоа економска и во друга смисла.

Се спомнуваше тука и околу приемот на претставниците од ОВК. Приемот и разговорите со политичкото крило на ОВК, јас само така сакам да го сметам тоа крило, кое што знаеме дека и меѓународната заедница, фактички на некој начин ги зема како партнери ги призна како сакате да го наречете тоа со самото партиципирање нивно во процесот во Рамбуе, кој што не беше успешен за двете страни, како и сега како партнер е земен и во ова што значи конкретно договор и за резолуцијата за Косово кажува дека тој фактор треба да се сфати како и сите други политички фактори, со кои ќе треба да се разговара во регионот. Владата би требало не само со овој фактор, туку да контактира и со други политички фактори во Југославија и други институции на Косово, Црна Гора и т.н.

Впрочем не гледам разлика ако и во поранешниот период дали претседателот на државата или другите званичници од нашата држава се сретнат со г. Ругова или другите партиципиенти, кои што уште не се официјално на некоја функција на власта во Сојузна Република Југославија или ако сакате на Косово.

Демократската Алтернатива очекува политиката ви за ви Косово да биде во склад со овој мировен договор и меѓутоа да не се дозволи претходно да се прејудицираат некои односи, особено земајќи предвид неколкуте, но најважниот е територијалниот интегритет на државата, зашто на некој начин мешањето и во таквите работи на соседите, бидејќи е од десет основни принципи има Париската повелба и од Хелсинки ако сакате тие се едни од основите принципи во меѓународните односи. А и самиот, ако следевте вчера и завчера г. Солана рече дека границите на Косово ќе бидат како што се односно во Сојузна Република Југославија, што нас не релаксира. Зашто јас еднаш спомнав тргнувам чисто од позиција, дека прво е битно одржување на стабилноста на Република Македонија, ви за ви целата оваа ситуација. Со оглед на развојот на односите треба да се негуваат и односите и со Белград.

Имајќи го сето ова предвид гледано од аспект на премиерот, тој постапил во склад со интересите на Република Македонија при средбата, но при што не смее со своите изјави или понекогаш не ускладените потези да се

вознемири јавноста непотребно или пак да им се овозможи на разни политички фактори во Република Македонија да ги извлечат работите надвор од оној општиот контекст во кој што се наоѓаме. Јавноста треба претходно да се подготвува и да се кажуваат политичките аргументи.

Исто така, потребно е да се вршат и продлабочени консултации и ако сакате и во коалицијата, па и да се отвори дебата и со опозицијата за да се избегнат драматизирања на вакви истапи и настапи и средби, со што сметаме дека ќе останеме на оној пат за стабилна и безбедна Република Македонија.

Јас ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Карангелески.

Збор има г-ѓата пратеник Јорданова Марика.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, ако знам дека трпениeто ни е при крај, се измачивме од овие мачни дискусии со почеток од вчерашниот ден, па до овој момент се уште ја црпиме првата точка од дневниот ред. Меѓутоа, токму заради тоа сакам да земам збор на некој начин да ја извадам од себе мачнината која што ја понесов уште од вчерашниот ден, слушајќи како една најважна точка, точката на информација на соработката и односите на Република Македонија со НАТО алијансата се потценува, претпоставувајќи ги личните партиски и политички интереси од страна на опозицијата. А сметам дека оваа точка е и те како важна, зашто се однесува за иднината на Македонија.

И, затоа што токму во тие односи и соработка со НАТО алијансата, всушност, се гради стабилноста, сигурноста, демократијата како основен пат на економскиот развој на нашата земја, што е и интерес на сите нас и интерес на нашиот народ.

Ме чуди што во овие моменти по завршувањето на војната во Косово без жртви, без урнатини за Македонија, наместо некој да се радува и да ја чувствува како дел од победата и и честита на власта за мошне мудро водената политика, се чувствува немир од страна на опозицијата, што се виде на вчерашната седница. Со доза на пакост кон сопствениот народ и сеење на безнадеж. И, така, ние слушавме за урнатините на економскиот, културен план во нашата земја и притоа некој заборави дека носител токму на тие катастрофи е самиот тој.

Господа, сакам да апелирам во иднина оваа говорница не е кампањска трибина, ниту пиедестал од каде понатаму ќе фрламе магла пред очите на народот, за да не види кој му ја цицаше сопствената крв, кој го водеше низ магла упатен кон еден излез по тунел, кон еден излез кон север, оставајќи ја со години границата спрема север отворена. И кој го оддалечи и направи бариера спрема соседите и пошироко во светот.

Господа оваа говорница е највисок законодавен дом и овде не можеме да зборуваме за наши претпоставки, визии, ние не сме гледачи на иднината, овде можеме да зборуваме за докази, аргументи, резолуции, договори и по однос на тие договори на тие информации, на тие резолуции да дискутираме и да дадеме свое мислење. Се додека некој гледам низ сопствената призма на политички и теснопартиски, етнички и верски дури интерес, занемарувајќи го интересот на државата и народот, се дотогаш ќе правиме паради од добри говорници и сееме магла. На народот почитувани колеги, му е стемнето од паради и од говори.

Дозволете оваа Влада на која таа и ја даде довербата и гледа со милни очи и го очекува својот благодет, да го стори својот аманет, а мандатот на оваа Влада, почитувани пратеници, не е шест месеци не е една година, но 4 години.

Со односите и соработката со НАТО алијансата и со светот и воопшто во светот, значи да бидеме на страната на земјите од Европската Унија и НАТО алијансата е немерливата добивка да бидеме дел од реалниот свет, во кој вредноста се мери низ демократските односи меѓу етнички, меѓу конфесционални вистинските слободи и права на граѓаните и каде вредноста се мери низ вистинскиот чесен и реален труд, со потребите технолошки квалитети и со потребната идеолошка, политичка, демократска зрелост, за да можеме да бидеме дел од големото семејство на Европската Унија и НАТО алијансата.

Јас верувам дека има и од двете страни доволно политичка зрелост за да се гледа актуелната политичка позиција на Македонија низ призмата на објективната проценка, а таа ветува многу. И не само тоа, тоа е и единствениот и најблагодетниот пат за Македонија, за да стане еднаш економски центар на Балканот. И сега е токму историскиот момент, својата гео стратешка положба која од секогаш и носела делби и катастрофи, да ја искористи како вистински центар на Балканот.

Затоа, со договорот со НАТО се овозможува само сигурност, стабилност, територијален суверенитет и услови за економски развој на нашата земја. И од војната на Косово некои кои не мислат така, треба да ја извлечат лекцијата дека помина времето на национализми, шовинизми и нереално величење на сопствената големина и сила, зашто тоа е искра на постојани конфликти и загрозување на безбедноста и стабилноста на Македонија. Зашто само со преобразба на сите нас и растење на нашата политичка

зрелост, на идеолошки, политички и демократски план, сите ние можеме да го дадеме придонесот во овој историски момент за побрз влез на нашата земја во Европската Унија и НАТО.

Затоа, информацијата што ни ја дава нашата Влада за односите и соработката на Република Македонија со НАТО алијансата, всушност, ни ја дава можноста за нашата стабилност и сигурност и економски развој.

Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата пратеник Марика Јорданова.

Овде е пријавен г. пратеник Томислав Стојановски, кој јас тука не го гледам.

Тоа значи дека или ќе се откаже или подоцна ќе дојде.

На ред е г. пратеник Сулејмани Оломан.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, очигледно е дека сме заморени, а исто така и темата за која расправаме мислам секој си го даде своето мнение. Јас имав прилика да зборувам и во комисијата, така што дадовме виза да се усвои со дополнување, текстуално би рекол, меѓутоа, ме поттикнаа дел од пратениците, еве нешто на кратко и јас да дадам мое мнение во врска со информацијата за соработка со структурите на НАТО.

Прво, на Република Македонија треба да и е јасно дека членството во НАТО и е во нејзина полза и за нејзино добро и јас се надевам дека Македонија ќе се учлени во оваа асоцијација, бидејќи стратешки ако гледате тоа е интерес на НАТО, а пред се и на Република Македонија.

Меѓутоа, денеска повеќе овој Парламент се бавеше со случаите односно новите збиднувања во Косово, така што нешто ме радуваше од сите вас што јавно кажувавте односно признававте дека ОВК е реална војска за разлика од вчера што од нашите усти и од оваа говорница се слушаше дека е таа терористичка организација, дека е така наречена ОВК и не знам што, меѓутоа, еве како што гледаме дека работите се одвиваат како на филмска лента и тоа во позитивна смисла, значи во Косово веќе имаме мир, може да се рече веќе почнува да се спроведува мирот. Сега, без разлика на тоа некој ронеше солзи за Србите кој го напуштаат Косово, а следеа одговори дека чесните Срби не го напуштаат Косово туку оние кои нанеле штета, односно нивните раце биле окрвавени.

Јас за Република Македонија ќе подвлечам дека стабилно Косово, односно за мене е република Косово, тоа е стабилна Македонија. Кој ја гарантираше оваа стабилност за двете земји, односно за регионот. Тоа е НАТО за кое тежнееме сите ние и како држава и како политички партии, можеби и како поединци.

Сите тие пратеници кои ронат солзи, јас не би рекол за Српскиот народ, затоа што и тие се луѓе, туку ронат солзи за диктаторската политика на Милошевиќ со компанијата, јас оваа работа ја гледам во многу позитивна смисла. Што побрзо одеше од политичката сцена на Милошевиќ, верувам дека доаѓаат нови снаги во Србија. Тогаш и Македонија ќе дише по нормално, бидејќи вие знаете дека имавме спор со Прохор Пчински. Тој проблем, не е случајно така оставен. Значи, имаме територијални претензии од соседна Србија кон Република Македонија.

Затоа да не одолговлекувам, да кажам дека имаме позитивни чекори. И вчерашната средба на премиерот Георгиевски со премиерот на Косово мене ми дава за право, затоа што верувам на господинот Љубчо Георгиевски дека и за Македонија и за Република Косово следат добри времиња. Затоа што тој не од оваа говорница, туку од поранешната говорница што ја имавме, уште од поодамна велеше дека Македонија ќе биде независна држава и да не зборувам во таа конотација дека ќе имаме и наша валута и наша репрезентација. Некој не веруваше во тоа, меѓутоа тоа се случи. Јас мислам дека младиот политичар има добар њух, па дајте да работиме заедно па што побрзо да влеземе во НАТО, а во НАТО има услови. Условите не сакам да ги набројувам овде, затоа што имаме и отворени прашања меѓуетнички, меѓу Македонци и Албанци. Веројатно и тоа во брза иднина ќе најдеме можност, начин да го надминеме и мислам дека Македонија има перспектива за да живее како мултинационална држава и богата држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Оломан Сулејмани.

Повторно се јави за збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Јас повторно се јавувам за збор, затоа што гледам дека нема апетит, некој говори тука, некој нешто не говори, се нешто завиено. Значи некој напаѓа од ваму, некој од таму. 39 до 40 пратеника сме присутни во салава, а се решава судбината на Република Македонија. Во прашање е, моето излагање беше во врска со НАТО, што, повторно ќе повторам - изјавено е од Косово, од паравојската која е таму, ОВК дека ќе се бара дел и од Македонија. Затоа мислам дека би требало да бидат присутни сите пратеници.

Друго, исто така треба да биде присутен и премиерот по ова важно прашање, претседателот на државата и да се изјаснат многу фино за да знаеме што ќе решиме и како ќе решиме во овој Парламент. Со 40 пратеника во овој законодавен дом, гледам јас колкав е интересот, кој за што е заинтересиран и кој е

присутен овде. Значи, претставници од Владата има присутни, но не се присутни претседателот на државата, а се решава за иднината на Република Македонија.

Затоа се прашувам дали претседателот на државата е ставен во аут пред избори, значи нема веќе право на се и не сака да доаѓа и не го интересира за државата што и како ќе биде затоа што не е седно сега ние што решаваме за НАТО овде. Значи, и премиерот е потребен овде и претседателот на државата, како и другите министри и пратеници, затоа што голема важност има ова прашање. Македонскиот народ е многу загрижен за оваа работа.

Исто така, ме интересира околу ветувањето на НАТО и присуството на НАТО колку финансиски и што е исполнето нивното ветување во Република Македонија. Дали само ветуваа или своите обврски ги изврши ја финансиски према нашата држава. Имаше доста ветување за Република Македонија, како од Комесаријатот за бегалци, така и од НАТО и од другите, а на крај по се изгледа тато ќе станеме овде ние. На крај пак ќе трпиме ние Македонците, пак ќе трпат Македонските државјани. Сите ќе си одат од тука, а ние може да останеме за никаде.

Затоа ако е можно, бидејќи министерот за надворешни работи е тука, министерот за финансии беше присутен сакам да се изјаснат и да кажат што и колку средства се пристигнати во Република Македонија. Дали е дојдено тоа што е ветено на Република Македонија, или ќе го очекуваме и никогаш нема да го дочекаме.

Исто така барам присуство доколку е можно претседателот на државата да биде присутен, премиерот и сите пратеници. Да видиме колку сме заинтересирани и кој како ќе гласа. Тоа да се знае.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам.

Сите овие што ги наброја личности се поканети, но поради одредени обврски сигурно дека не ќе можат да присуствуваат на седницава. Но, тука е министерот за надворешни работи, кој сигурно ќе одговори на вашите прашања.

За збор се јави господинот Исмет Рамадани, но господинот Љубен Пауновски бара збор процедурално.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Она што сакам да го кажам е следното. Да се бара да биде блокиран системот, што постојано овде се прави некој театар, дали е свесен некој за тоа што зборува за такви барања пред јавноста како да работи Парламентот, всушност станува збор за типичен театар на блокирање и бара да се блокира системот. Не може кога на вас на било каков начин ќе ви текне да зборувате за било која тема да бидат прекинати сите функционирања на системот, на институциите заради, ако сакате ќе ја отвориме и таа тема, некои работи што не ги имате лично расчистено. Тоа е едната работа.

Втората работа, би замолил иако се разбирливи емоционалните однесувања за сета оваа ситуација и онака ни останаа уште малку дискутанти да не се замајува јавноста, затоа што се прават тешки интриги во оваа ситуација, префрлувајќи ја целата состојба на конфликтот во Косово па и во Србија што се случува за сето тоа да биде виновна Република Македонија, односно овој Парламент.

Прво, тоа е крајно нечесно. Ние осум години не видовме загриженост за сето тоа. Разликата е очигледна. Станува збор за два концепти. Познато ви е која партија на кој припаѓа, јасно зборуваше за државотворноста дека можеме сами да ја поседуваме во овој Парламент лееја солзи и ние бевме упорни во тоа иако бевме обвинувани за националисти. И сега сме упорни за тој курс што сакаме да го спроведеме со НАТО. Ако имате вие дилеми соопштете ги, а немојте да ја интригирате јавноста дека е загрозена од некого, дека на Македонија и се заканува опасност, а посебно од НАТО. Имајте храброст кажете го тоа. Бегате од темата. Ние немаме право да се мешаме во работите, било како да се решаваат во Косово, иако разбирливо е дека ќе има и емоционални однесувања, но јас би замолил, бидејќи со тоа навистина се дразни јавноста да се определува за една или за друга страна.

Третата страна, на јавноста треба да и биде јасно дека сето ова што се прави од страна на опозицијата, всушност е нејзино дразнење за да биде во штрех во контекст на претседателските избори, бидејќи свесна е опозицијата ако нема успех на тој план четири години ќе биде во тотален аут. А, загриженоста на опозицијата, благодарам ја видовме. Според тоа, за останатите објаснувања на оваа тема ќе кажам кога ќе земам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Китановски бара збор процедурално.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ве молам, по втор пат ни се држи лекција за демократија.

Ако вие мислите да градите односи со НАТО како што вие мислите, свикајте го Централниот комитет, донесете резолуција и доставете ја до македонската јавност. Тоа значи не ви треба парламентарна демократија, не треба опозиција, нема да идете на избори.

Другиот начин е да се расправа во Парламентот, да се кажат мислењата на претставниците на граѓаните и да не инсинуирате дека овде го плаши народот од НАТО. Земете ги стенографските белешки ќе видите за што се се дискутираше денеска, а што е во врска со НАТО, меѓутоа и со проблемите кои се во регионот а се

врзани со НАТО и односите на Република Македонија со НАТО.

Мислам дека дискусијата беше добра, солидна и на политички план.

(Реагирање на пратениците од опозицијата).

Ајде да ги укинеме партиите и да станеме сите една партија. Да се вратиме во поранешниот систем. Тогаш нема да има проблеми. Тоа е вашиот предлог. Зошто сте толку нервозни. Па, ќе ве критикуваме нормално. Како очекувавте вие.

Инаку, навистина мислам дека сме заморени и ако нема доволно кворум да продолжиме кога ќе закаже претседателот наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За дискусијата не, меѓутоа при гласањето ќе видиме дали имаме кворум.

За збор се јави господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитуван Парламент.

Јас навистина не се согласувам со таквите што мислат дека кога расправаме за една ваква информација за нашите односи, односно односите на Република Македонија и соработката со НАТО може да се искористи за некој маркетинг, дали тоа е партиски или личен, затоа што денеска сум премногу убеден дека најдобриот маркетинг би бил кога некој би кажал дека овие денови се вработени толку и толку луѓе, овие денови имавме вработување, односно такво и такво производство, таква и таква добра економска ситуација. Тоа е најдобриот маркетинг што може да се направи, но на жалост ние расправаме за една тема која е премногу чувствителна и дури при нашите настапувања не треба премногу да бидеме и крути при нашите изјаснувања, односно при нашите оценки, затоа што ние имаме една коректна информација од Владата.

Со самиот факт дека не се претендира да се навлезе во некоја поголема политичка проценка или анализа, туку се наведуваат хронолошки работите како што се одвиваа додека дојдоа силите на НАТО во Република Македонија, еднаш 10 илјади, после 16 илјади, односно по потреба и така требаше да биде и така се случи. Што значи тоа. Значи дека генерално можеме да кажеме дека односите и соработката на Република Македонија со НАТО е добра, меѓутоа не се согласувам со таквите кои мислат дека добрите односи со НАТО отпочнуваат од кога тие почнаа да доаѓаат во Република Македонија. Тие односи со НАТО ние ги искажавме уште на време тука, уште кога ги направивме пратеничките групи и како генерална политика дека Република Македонија има опција, односно е за да биде во структурите на НАТО. Првиот чекор е направен, значи партнерство за мир.

Тогаш кога претскажувавме, односно кога кажувавме по децидно и по убедливо дека ќе дојде време кога ќе имаме заеднички воени формации во рамките на НАТО како партнери и т.н., и тоа заеднички сили и од Турција, Бугарија, Унгарија, Македонија, Албанија, како што и се случи во меѓувреме некој тогаш можеби во себе си заклучија зарем е можно. Што зборува овој? Меѓутоа тоа кажува дека сепак имавме и имаме за доброто за нас луѓе кои навистина биле и се визионери и навистина веќе кога тргнуваат работите на добро уште повеќе се потврдуваат тие визии.

Но сето тоа кога ви се случувало нешто кога на време би требало да се случи, се сеќавате вие многу добро кога албанските партии во Република Македонија одржаа еден голем собир и тогаш мотото беше НАТО во Косово. Ниту рековме покрај Косово, ниту до Косово, туку рековме уште тогаш НАТО во Косово. Тогаш имаше многу, божем иритирани луѓе, или не можеа тоа да го сфатат како нормално затоа што велеа веројатно во себе - зарем е можно? Зарем е можно НАТО во Косово? Гледате дека се случуваат, значи се одвиваат работите, еве го НАТО е во Косово. Но кога? Јас со тоа не се согласувам и дури со та интервенција која доцнеше премногу. Тука гледам некои односи. Зошто? Затоа што требаше да се случи еден холокаус, требаше да се случи една голема трагедија и таа интервенција се случуваше тогаш под велот на една хуманитарна криза, која се случи во Косово.

Во текот на доаѓањето и останувањето и инсталирањето на трупите на НАТО во Република Македонија од човек до човек, од функционер до функционер имавме различни оценки, односно различни мислења. Морам да ви кажам дека мораме ние да признаеме дека одредени функционери со нивните изјави дури и од позицијата и од опозицијата понекогаш даваа изјави кои беа штетни. И понекогаш дури и дозволивме за жал тоа што се случи и со амбасадата на САД, па во Куманово и на други места кога беа нападнати на еден начин формациите на НАТО.

Исто така мислам дека во тој период, кога веќе ги анализираме и со информацијата односите со НАТО понекогаш правевме грешки во тоа што се квалификува како уценување, односно јас би рекол правевме премногу питачење. Некој вели зошто? Затоа што ако претеруваш и агресивно настапуваш да уќариш во исто време кога се случува огромна трагедија со еден народ, тогаш секој тоа ти го зема како минус и несериозно те сфаќа, затоа што во одредено време треба да се случи нешто друго, а трката се прави за нешто друго.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Еве, доаѓа и време кога имаше еден, мислам дека вчера се одржа еден добар настап каде што Република Македонија конкурира како центар од каде сите тие

средства кои ќе бидат поделени за регионот. Тоа беше модерно претставено, мислам сериозно претставено и тој е начинот најдобар како треба да се настапи, како треба да се разговара со меѓународниот фактор, односно со тој што претставува нешто во овој свет.

Исто така, имаше дискутанти кои премногу трошеа енергија и знаење во врска со статусот на Косово, каков ќе биде, каков е и т.н. Немојте луѓе, ова е фаза, овие се денови кога почнаа луѓето од Косово да се враќаат во нивните домови. И тие кога се враќаат гледаат масовни гробишта, гледаат бунари со масакрирани, убивани роднини и ние сега им претскажуваме каков статус политички ќе има Косово. Не е време, ниту се бара од нас да им претскажуваме, односно да им кажуваме каков е тој статус. За тоа е период многу чувствителен, многу трагичен, а ние еве се занимаваме со тоа што и како ќе биде. Мораме да признаеме дека за жал кога поаѓаш од тоа што е искреност, од тоа што е човечно, верувајте ми дека мене ми смета дека и оваа трагедија косовска има профитери. Има луѓе имаат чест и некој за спомен ќе чува слики кога се сликал со Кларк, со Клинтон, со овој, со другиот, меѓутоа таму страдаа и еве се случија страдања на луѓе, а некој што најмногу тоа ми смета, се смешкаат и во моментот кога се сликаат заборават дека и таа средба и тие средби се резултат на една трагедија човечка, на една преголема трагедија на обичниот човек, на обичниот народ, на обичните луѓе. Јас така ги гледам работите.

Едно што можеби исто така треба да се продискутира, немојте да не ставате во ситуација нас Албанците во Република Македонија да не можеме да им одговориме на нашите електорати, односно на нашите избирачи на некои настапи тука. Зошто? Мене ме прашуваат, што станува со СДСМ, каков е начинот на настапот на лидерот на СДСМ во ова време.

Зарем така се настапува? Одговорот мој е многу тежок, затоа што сепак мислевме и како политичка партија и како Албанци дека нема да се оди до таа мера во овој случај да се искористи НАТО присуството, НАТО интервенцијата во Косово за создавање на анти албанско расположение. Исто така, ме прашуваат, па што станува со некогашната опозиција, како се конвентирало така позитивно и да речеме еве, вчера јас имав прилика да слушнам кога една госпоѓица Доста Димовска на говорница излегува и вели: Немојте да создавате анти албанско расположение. Јас се сеќавам кога бевме во првиот состав во ова исто Собрание. И сега се прашувам, што станува сега? Зарем ние ќе се однесуваме како луѓе зависно од тоа кога ќе бидеме во позиција или опозиција и ставовите кон тие што се од друга национална припадност таков ќе ни биде говорот, таков ќе ни биде критериумот за нашето однесување.

Тогаш доаѓаме до една ситуација дека борбата за власт во Република Македонија секогаш ќе се одвива со поткусурување на Албанците. И немојте, тоа е најлошото. Тоа многу ги иритира граѓаните и тоа понекогаш не носи до таква ситуација дури од тие што не сакате да го чуете, ние во себе да велиме, а мене ми е многу тешко, меѓутоа мораш понекогаш да настапуваш и така. Ние Албанците сега се доведуваме во ситуација како што господинот Таири пред малку спомна и не знам кој како го сфати, не сме ни со Вас, ни со Вас, туку сме со нас. Затоа што се доведуваме во ситуација која мислењата и ставовите значи ги градиме зависно од тоа кога имаме, или немаме власт.

Мислам дека треба да се оди на позитивно конвертирање, или сфаќање на тековите, трендовите и опциите што ги имаме, а не зависно од тоа дали сме во позиција, или во опозиција, туку да имаме едни стандарди, една константа во нашето однесување кон нашите сограѓани со државјани во овој случај тие сограѓани односно со државјани се Албанците во Република Македонија. И така треба да ги сфатиме работите и така треба да се однесуваме во секоја прилика. Имаме доста полиња, имаме доста прашања каде што ќе можеме да имаме и некакво натпреварување во однос на подобрување на состојбите во Република Македонија, каде што ќе дојде до израз и програмата и опцијата и знаењето и одговорноста и т.н.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата Ѓулистана Марковска има процедурална забелешка.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Без оглед на тоа што сме заморени да обрнуваме внимание на пратениците, доколку е можно се разбира за луѓе кои не се присутни без оглед дали се позиција, или опозиција, да не се разговара од причина што не може да им биде возвратено за искажаниот текст.

И кога веќе сме тука, госпоѓа Доста Димовска ниту во првиот мандат, ниту сега имала можност да зборува за и против албанско население во Македонија. Што значи и тогаш зборувала против ширење на анти албанско расположение, односно настапувала од позиции на кои што настапува и сега пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ за разгледување на проблемите такви какви што се и за разгледување на сите луѓе како луѓе и со посебни специфики на етничките малцинства кои што живеат во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, на дневен ред е точката Информација за односите и соработката на Република Македонија со НАТО. Темата ни е позната уште од месец јануари кога беше и поставено од одредени пратенички групи и лично од пратеници и се бараше уште тогаш извештај на Владата по оваа точка. Владата и тогаш излезе со едно образложение дека за оваа тема на една од наредните седници ќе излезе со свои ставови и информација.

Информацијата ја имаме онаква каква што е и лично, или групно на некој ќе му се допадне, на некој не. Оваа информација мене ми се допадна затоа што ја одредува едната функција на државата, односно на Владата која во дадени општествено политички, економски и воени состојби успеала да ја сочува државата и да го сочува мирот. Крилатица на СДСМ од 1992 година па до изборите им беше кога се водеше војна во Словенија, или Хрватска дека го сочувале мирот, дека ако беше ВМРО на власт ќе имаше војна. Денеска господа пратеници докажуваме друга работа. Војна има при нас, ние не направивме војна, не дојде до војна. Тие што заговараа дека ќе дојде војна и го сочувале мирот го заборавија тој феномен. Дали затоа што нивната идеологија пропадна, или не разбирале тогаш што говореле. Немало воена ситуација, а барале мир. Ние имаме воена ситуација, не заговараме мир, меѓутоа го задржавме и реално тоа го оств半ривме.

Сега навистина опозицијата има право овој текст каков е таков, да го напаѓа. И со цел респект ги почитувам. На кој начин, како, што ќе направат, тоа е нивна работа. Не сакам да правам ретроспектива на настанот од 1991 година, меѓутоа сега ме повлече да се сетам кога прв пат се јавив на оваа говорница и тоа го паметам на ден 8 јануари 1991 година. Од оваа говорница реков дека повеќе еднопартискиот систем го нема. Ако сакате да барате еден мотив за држава, еден мотив за самостојна Република Македонија како држава, тогаш реков дека политичкиот дел на Македонецот е како ВМРО. Во оваа сала од друг што го употреби еден претходен говорник со друг ентериер се слушна громогласно викање “уа“. Па се прашувам дали тогаш таа групација немаше свест, или не умееше да сфати дека ќе има самостојна држава Македонија. И се уверив сега во второто, дека не можеле да сфатат дека ќе има самостојна Република Македонија. Веднаш ќе се постави прашање, како тоа, па ние бевме тие што ја водевме Македонија и ја водевме државата кога побаравме самостојност. И Бадинтер одлучи дека Македонија ги исполнува условите.

Да, господа јас тоа го признавам. Јас една таква формулација и потпишав кога баравме за самостојност. Меѓутоа, господата кои имаа програма за зачувување на Југославија преку програмата на Глигоров - Изетбеговиќ, тие поднесоа барање за признавање на самостојноста на Македонија, не од што сакаа, не оти беа свесни, туку знаеја една работа: подобро прв во село, отколку последен во град. Увидоа дека во Белград иако им доцнеа возовите, иако одеа да се сликаат со генералите, дека таму пак ќе останат последни. Тоа беше мотивот да се бара самостојност на Македонија. Ова го извлеков од претходното кога за самостојна Македонија и независна држава овие на мојот интерес што го поставив тогаш како пратеник да не правиме разлика, заправо да правиме разлика политичка, меѓутоа единствениот наш национален интерес е државата. И штом на тој однос му викаа “уа", значи дека биле несвесни што барале држава, туку барале интерес. И јас им се заблагодарувам. Тој интерес што тогаш го имаа да бидат на власт, остана државата. Тоа е првиот дел за настаните од оваа говорница.

Вториот дел ако сакаа самостојност на држава овде од оваа ја раководеа државата два и пол часа и бараа да се свири македонската химна, ја немаа во македонската телевизија. Мораа да го викнат набрзина воениот оркестар да ни ја состави, да ја слушнеме овде. Што беше мотив да се слуша југословенската. Создаваме македонска независна држава, а слушаме “Хеј Словени". Па дојде до еден момент кога тие луѓе не можеле да се ослободат од некој душевен да не кажам друг притисок, душевен притисок, бидејќи биле зависни од некој друг. Сега кој што доаѓа се јавува: пропадна државата, ние ја напуштивме сега оваа држава, таа ќе падне од актуелната власт. Државата не може да пропадне. Може да падне власта.

Меѓутоа, јас сум уверен дека оваа власт не е еднаква и нема исти појдовни и идеолошки уверувања така да се води државата, како што ја водеше претходната власт. Меѓутоа, на тоа не им забележувам, тоа е нивен начин на работа. И тогаш тие молчеа, ние говоревме. Ја сфатив улогата, сега ние треба да молчиме, а тие да говорат. Меѓутоа, кога се говори нешто мора да се внимава на зборот кој се употребува. Јас немам ништо против што некој говори дека сме ја признале Република Кина - Тајван, дека било или не било добро. Ќе се покаже, затоа што мандатот не е еден ден, туку е 4 години. Дали сме направиле грешка, или не, ајде да дочекаме.

НАТО дојде овде и имаме договор, каков е таков е. Господа ќе Ве потсетам само на една околност. Во Рамбуе беа одредени кои ќе преговараат за разрешување на косовскиот проблем. Предложија одредена работа. Милошевиќ испрати таму луѓе преку Милутиновиќ и други и не дојде до заклучување

на тој договор, не дојде до потпишување. Ова е прашање за опозицијата. Кога тој договор не се потпиша дојде една друга форма на присилување, сила. Ние потпишавме со НАТО договор, реков каков е, таков. Ако некој не го исполни па не платил долгови, со која сила да му го наплатиме на НАТО тој долг.

Меѓутоа постојат едни морални, едни правни односи, ако некој користи, или има право од туѓ имот, тој е должен да го плати. Ако не го плати редовно, ќе го плати по редовен судски пат. Ако НАТО дозволи ние да водиме со него судски спорови за она што го направил и го преземал, алал да му е.

Третиот дел таму бидејќи ние се јавуваме сега поради оваа информација, одеднаш дојде дека ја продаваме националната кауза, по однос на источниот сосед.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Ќе се вратам назад во историјата. Кога на светот Атлантида му додеала, Атлантида пропаднала. Сега говориме за изгубен континент, како да ја натераме да пропадне Бугарија, а да опстане СДСМ на власт и да има мотив со кој секој ден ќе се јавува овде. Реалност е, ние не можеме да бегаме од реалноста кога таа постои, а имагинарни работи, истерани на не разум, тоа нека остане и нека му е чест на тој кој не може да сфати.

Понатаму, дали ние сме направиле ова или она, дали сега ќе оди договорот за обнова на државата. Па луѓе, кој донел одлука да престане војната, Македонија или некој друг?! Од нас не зависеше ништо. Ние се најдовме во тој виор, дали сега авионите на НАТО летале над Република Македонија територијално или не, јас велам да и тоа ќе биде неспорна работа. Меѓутоа, другото е вистина, што ние немаме инструменти да ги набљудуваме што се, какви се и какви мисии имаат. Дали летале за логистичка поддршка на силите кои се овде стационирани по договор за екстракција на поранешните верификатори или кога ќе се постигнат одредени услови и се потпише договор за спроведување на договорот за мир на Косово, тие да ги поддржуваат, тоа е работа на друг, а не на Република Македонија. Во тоа е проблемот како ние ќе анализираме одредени факти, и сега постои позитивна и негативна. Останува позитивна на нас како политичка партија, негативна на опозициската политичка партија.

Меѓутоа, каде е заедничкиот интерес, интересот постои на Република Македонија како држава. Дали во нашите два интереси, позитивен и негативен, или таа навистина да опстане и населението, без оглед на кого му припаѓа, а има гаранција од Република Македонија, да живее во едно спокојство и развој.

Во овој контекст ги повикувам господата од опозицијата да разговараме за позитивните односи, да направиме напредок. Меѓутоа, после секоја војна дајте ни некаде пример да се јави некоја политичка групација да повикува на протести и анти владини митинзи да пропадне, затоа што некој друг водел војна овде, затоа што оваа Влада била неспособна да ја сопре војната. Јас немам друго освен да кажам, или немаат што да работат или "село се плени, баба се чешла". Не знам што друго од ова да примам, освен таков заклучок. Ние одевме на митинг ние баравме да се измени, затоа што имавме пред нас гаранција од 250 илјади потписи. Баравме институционално да се распише референдум за избори, а овде е мотото "да ја срушиме државата", затоа што една Влада не го запрела НАТО. Во тоа е и мотивот, во тоа е и разликата меѓу нас и СДСМ.

Меѓутоа, уверен сум дека грешам кога говорам дека тие немаат интерес Македонија како држава да опстане. Тука може да сум партиски определен. Меѓутоа, цврсто, душевно, внатрешно сум определен затоа што се и тие Македонци и имаат интерес оваа држава да опстои. Ако е ова мое уверување точно, а тврдам дека е, тогаш ги повикувам на соработка. Нека одат на митинг, ама нека бараат од социјална сфера, од правата на граѓаните што немаат доволно средства за живеење и веднаш ќе мора таму да одговорат: господа, во оваа работа, во оваа положба ве доведоа тие што беа пред оваа власт 6-7 години на власт. Дај против нив што да преземеме. Ќе се постави прашање на политичка одговорност. Дали ќе има кој да ги поддржи. Вака треба да разговараме. Сакам да имаме соодноси на сила, на аргументи.

Еден од господата кажа, јас ќе бидам задоволен ако ми се дадат аргументи. Ќе ви кажам една народна приказна за аргументи. Некој сакал да биде шумар, ама се плашел од мечка. Морал да оди да бара лек. Одел по цел свет, се вратил од таму, нема лек. Пред врата го сретнала некоја стара баба и вели што е. Така и така, јас за тоа сакам лек. Е добро, ќе ме лечиш. Таа му рекла: јас ќе ти баам, кога ќе те сретне мечка да не се плашиш. Одговорот бил: Бабо, бај ми да не ме сретне мечка. Нека сфатат еднаш дека со државата не се игра така лесно.

Во однос на тоа зошто ќе ја поддржам оваа информација и предложените заклучоци од комисиите, оваа информација ни дава една гаранција со мирни и студени глави да продолжиме по патот по кој тргнавме, да ја обновиме државата. Војната друг ја направи, таа престана. Секогаш се е полошо после настаните. Да не си дозволиме сами да направиме настани, кои ќе не одведат на лоши дела.

Предлогот на господин Никола Поповски, кој за жал го нема, јас не го прифаќам затоа што треба да признаеме дека НАТО овде дошол на сила. Сите имаме заеднички интерес, заедничко решение, заеднички договор дека сакаме да бидеме членка во НАТО, Европската унија и другите меѓународни институции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Томислав Стојановски.

Господа пратеници, пред да ја заклучам расправата, господинот министер за надворешни работи побара пет минути збор.

Пред да ја затворам расправата, повторно за дискусија се јави господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г. претседател, г. министер, почитувани колеги, навистина сум импресиониран од овие убави зборови што ги слушнав овде од колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и навистина се радувам во еволуцијата на ставовите и погледите на таа политичка партија, после толку години.

Мислам дека тоа е добро за Македонија. Она што ние го говоревме пред многу години, денес е факт. Значи, сепак лекцијата е научена од плурализмот и тоа е добро. Не можам едноставно да поверувам луѓево кои скоро секоја недела низ Скопје и државата организираа протести, доаѓаа овде масовно да ја уриваат легалната власт, сега се исплашија од еден митинг. Зошто толку страв? Еве, пред мене господинот Стојановски само за митингот говореше, а друга беше темата.

Бидејќи тоа не е битно, јас ќе одам на темата за која станува збор.

Прво, мислам дека ова е многу значајно прашање, односите на Република Македонија за НАТО. Не можам да сфатам која беше целта, вистинската цел сега да се најде на дневен ред на Собранието. Пред се, не гледам во содржината на информацијата, особено она што се нуди како заклучок, јасна македонска стратегија, за што ќе треба да расправа овој Парламент. Дали оваа информација ќе имаше функција, да речеме доколку се уште траеја интервенциите или кампањата на НАТО на Косово. Бидејќи има само информативна функција, пратениците на Собранието да бидат информирани за нешто што го работи Владата, да ве потсетам, овој Парламент не е прв тој кој ја определи стратегијата на Република Македонија, мислам овој состав на Парламентот во однос на односите со НАТО и Европската унија.

Напротив, првиот состав на Собранието донесе Декларација за приклучување на Република Македонија кон НАТО и тоа беше поддржано од сите политички партии, парламентарно застапени во Собранието, но околу тоа прашање се постигна апсолутен консензус и меѓу сите политички партии, и оние кои беа во Собранието и оние кои беа надвор од Собранието.

Според тоа, нема никаква дилема дека во Република Македонија определбата за колективниот систем за безбедност во НАТО го гледаат сите политички партии, а бидејќи ги застапуваме интересите на граѓаните преку нив и граѓаните на Република Македонија. Тоа е многу логично решение една мала држава која била предмет на територијални претензии скоро на сите наши соседи својата трајна заштита да ја гледа во зачленувањето во тие колективни системи и се разбира во редот на големите европски држави, во чиј дел припаѓа и Република Македонија. Стремеж на секој граѓанин на Република Македонија, независно од националната припадност било Република Македонија да биде дел од тој развиен свет, да биде дел од големото семејство на европските држави и тоа не е изум ниту на оваа Влада, ниту на овој состав на Парламентот.

Очекувам повеќе да разговараме за тоа како да направиме се, каква стратегија, за да се доближиме до оваа цел. Како, доколку има спротивставени погледи меѓу политичките партии, тие да се доближат. Денешната расправа отвори една сосема друга тема, која јас лично не ја очекував, бидејќи исфрли на виделина едно нешто што отсекогаш било опасност за Република Македонија, за нејзиниот интегритет. Дали навистина зачленувањето во НАТО и како го гледаме НАТО и Европската унија, исто гледаат политичките партии без оглед на националната припадност. Морам да кажам дека многу ме изненади дискусијата од некои мои колеги Албанци, што се случува со СДСМ, дали СДСМ битно ги измени своите погледи во однос на статусот на Албанците и третманот на Албанците во Република Македонија за припадноста на својата држава, Република Македонија. Ниеден момент тоа не било спорно, бидејќи оваа партија што сега владее во Република Македонија не беше во претходниот мандат во Парламентот, а во континуитет во првиот состав на Парламентот, во вториот, се градеше однос на рамноправни граѓани во Република Македонија без оглед на националната припадност. Во Уставот пишува "и други". Така стои во Уставот и тоа ќе го почитуваме, а кога ќе пристапиме да го менуваме Уставот, ве молам, тогаш каква држава ќе профилираме во Уставот, така ќе ја организираме и така ќе се организира власта.

Според тоа, не било спорно во ниту еден момент, а јас ќе кажам и сега. Албанците ги чувствувам како граѓани на Република Македонија и претпоставувам дека тие ја чувствуваат Македонија како своја татковина. Ако ја чувствуваме Македонија како своја татковина, тогаш пред се ќе бидат на преден план интересите на Република Македонија не замерувајќи го она што се случува во нашето соседство. Ќе бидам малку и егоиста и субјективен. Навистина ми е многу повеќе станало да биде стабилна и сигурна Република Македонија, отколку регионот. А се разбира, не може да биде стабилна Република Македонија, ако не биде стабилен регионот, нашата околина.

Според тоа, да си ја гледаме работата пред се во нашата држава, а тоа значи да ги почитуваме правилата на игра на однесување. Меѓутоа, тоа значи да се почитуваат и меѓународните норми, меѓународните договори и

спогодби кои Република Македонија ги прифатила, а на кои сме потписници.

Јас тука сакам да се разбереме со моите колеги Албанци.

Ако тие меѓународни договори ги почитуваме, таму стои, покрај другото, дека ќе воспоставуваме дипломатски односи со држави кои меѓународната заедница ги признала како самостојни држави, како суверени држави. А видете што се случува. Ние признаваме провинции. Со сета почит, утре Косово ако стане Република, ако стане држава, Македонија ќе воспостави дипломатски односи, ќе размениме амбасадори и ќе разговараме како два рамноправни меѓународни субјекти.

Меѓутоа, факт е дека денес Косово тоа не е, и факт е дека Косово нема Влада, факт е дека се уште нема премиер на таа влада. Факт е дека - тоа можете да го прочитате на интернет, се врти постојано - тој премиер - сета почит, утре ако стане легитимен премиер на Косово, тој ќе дојде овде и со сите државни почести треба да се дочека, меѓутоа сега тој не е и не може да се дочека со такви почести, ПРЕС - конференции и т.н. Стои дека господинот Тачи јасно подвлече дека целта, основната, крајна цел на УЧК е независна Република Косово и дека во тој состав на независна Република Косово припаѓаат и делови на македонската територија. Тоа можете да го видите, тоа не го измислувам јас.

И сега, ако ние ги знаеме тие ставови, како Република овде, немам никаква забелешка на разговорот, апсолутно легитимно право е да се сретне господинот Георгиевски со кого сака да разговара за унапредување, за разбирање ако не за унапредување на односите, меѓутоа, мора да се положи сметка за тоа дали тоа мислење, сега кога разговара со нашиот премиер, уште го држи господинот Тачи или еволуирал, кога дошол во Македонија, да знаеме со кого разговараме. Зошто Македонија мора прва да го направи тоа. Еве сега слушаме, вчера се договарале заедно премиерот на Албанија и нашиот премиер веќе да се пристапи кон признавањето на Црна Гора која што е се уште во состав на Југославија.

Ве молам, да не ме сфатите погрешно. Имаме едно проклетство кое не следи Македонциве од историјата. Само ќе ви кажам дека имав можност да прочитам што мисли еден германски аналитичар, кој многу добро ја знае македонската историја и ќе си земам за право, бидејќи дискусијата доби таков тек само да ве потсетам, а текстот ако сакате можам и да го поделам. Дека Македонците се повеќе фрустрира ни од Албанците, не заради тоа што така вели тој аналитичар, тој најдобро ја познава од сите Германци Македонија, не затоа што многу им е криво што Албанците сакаат да бидат државотворен народ на Република Македонија и сакаат да имаат свој субјективитет, туку заради тоа што тие секаде, дали се наоѓале на Косово, дали се наоѓале во Македонија или во Албанија, имаат чувство на припадност кон една држава, што Македонците го немаат. Македонците денес се расправаат...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Зошто го немаат?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас реков на почетокот, тоа не е мој изум, тоа е на еден голем новинар, угледен, германски, кој многу добро ја познава Македонија (реакција до пратениците).

Добро имајте трпение, јас цело време ве слушав. Имајте трпение и вие да сослушате. Еве во што ми е поентата. Ако тие имаат такво чувство на припадност кон една држава, Македонците тоа го немаат и дури Македонците не осознаат кои се, дали се Бугари, дали се Јужносрбијанци, дали се Срби и т.н. така инфериорно ќе се однесуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е твоја теорија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е моја теорија. Тоа не е моја теорија и јас тој текст ќе ви го поделам.

Видете во што ми е поентата, што сакав да кажам, затоа што овде кога расправаме за стабилноста на Македонската држава, за нејзината безбедност, за улогата на НАТО и т.н., најжестоката острица на нападот се упатува пак кон партиите кои ги застапуваат легитимните интереси на оваа држава и на овој народ, заради тоа што мислам дека тоа проклетство не смее да продолжи и да ја следи нашата иднина на Република Македонија, бидејќи не смее да има ништо спорно околу врвните национални и државни интереси на Република Македонија.

Епа затоа да седнеме да разговараме, ако е нешто спорно. Меѓутоа, видете, кога се профилира надворешната политика на Република Македонија како едно од стратешките прашања за нашата држава, пред да се истрчи со некој исчекор, како ова што беше, беше ред да се седне, да се повикаа опозиционите партии, што мислите вие за воспоставување на едни вакви односи, дали ќе поддржи опозицијата, па да одиме на решавање на фундаменталните прашања на Република Македонија, врз основа на консензус, како што и досега сме го граделе кога станувало збор особено за надворешната политика.

Според тоа, поради тие причини сакавме да го пренесеме во Парламентот чувството на граѓаните кои се симпатизери на СДСМ, негови членови. Јас не говорев во името на граѓаните на Република Македонија, бидејќи немам право тоа да го говорам. Јас говорам во името на оние кои гласаа за нас и кои постојано не предупредуваат дека за такви работи вие немате наша поддршка, за тоа да го застапувате во Парламентот.

Како што впрочем навистина ова што денес го прави Владата на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционата Влада нема кредит од граѓаните на Република Македонија, бидејќи овие прашања едноставно не беа третирани во предизборната

кампања. Јас знам дека сите прашања не можат да се третираат во предизборната кампања, меѓутоа прашањата што задираат длабоко во перспективата на една држава, бидејќи заложници на една политика стануваме сите, независно дали сме на власт или опозиција. Ако е добра таа политика можеме да профитираме сите. Меѓутоа, ако не води кон лошо таа политика, заложници стануваме сите, дали сме на власт, во опозиција или воопшто не членуваме во политички партии.

Според тоа, никој во овој Парламент нема право да делегитимира пратеник од опозиционата партија, да искажува сопствено мислење. Ако навистина мислите, бидејќи вие ја добивте власта, треба ние само да слушаме, тогаш кажете претседателот воопшто да не не поканува на седницата. А ние сме овде за да го кажеме мислењето и да го пренесеме гласот на оние што нас не избрале.

Според тоа, тоа е легитимно право, а дали тие утре пак ќе гласаат за вас, тоа си е избор на граѓаните. И да оставиме, Врховниот судија во секој случај е граѓанинот на Република Македонија.

Кога говориме за интересите на Република Македонија, во случајот на НАТО политиката на Владата, било која Влада мора да биде транспарентна ако сакате граѓаните на РМ да ја поддржуваат. Не можеме да ги дезинформираме за многу суштински прашања.

Не сакам, навистина ми е банално да зборувам за Тајванскиот случај, како преку ноќ се случи тоа. Не знаевте ни вие пратениците од позицијата, не знаевме ни ние од позицијата. Никој не знаеше. Стаписани беа министрите од Демократската алтернатива барем од она што на телевизија можевме да видиме пратениците и т.н. Такви работи, такви гафови кои сега ни ги товари Европската Унија. Затоа Европската Унија упатува критики дека ќе не врати во прво одделение, бидејќи не сме ја научиле лекцијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кој го кажува тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа го пренесоа весниците завчера. Вчера или завчера скопски Дневник пишуваше за тоа. Тоа не е партиски весник. Дај боже да не е така.

(Пратеникот Томислав Стојановски негодува од место).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам господине Петковски, вие држете се за темата која е на дневен ред денес, бидејќи тешко можеме да ја привршиме расправата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, господине претседателе вие немате право да коментирате што јас зборувам и што јас ќе говорам.

Вие имате право да си земете збор како секој пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега да правиме ретроспективи за политиката.

Дајте зборувајте за конкретната тема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да бидам категоричен и затоа тоа го кажувам.

Република Македонија мора да избере или Европска Унија или провинција длабока. Средна алтернатива нема. Јас во тоа ве уверувам.

Вие имате можност да се сретнете и со многу амбасадори овде од Европската унија. Тие отворено ќе ви кажат дека тие одржуваат економски односи со Тајван, меѓутоа никој политички не го признал Тајван, а ние се уште немаме. Ве молам тоа што го говорам надвор од темата. Меѓутоа нашите односи со Тајван имаат импликација за нашиот прием во НАТО.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа ти го кажуваш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да бидеме живи па ќе видиме. Еве сето тоа што го предвидувавме многу години порано денес се остварува, не заради тоа што сме биле видовити, туку заради тоа што сме можеле да ги предвидеме процесите.

Според тоа и кога почнавме да расправаме во Собранието околу интервенциите на НАТО во Косово, предочивме покрај другото дека е многу битно Македонија да има јасна позиција, да има многу јасна правна рамка за дејствувањето. Апсолутно не е оправдан нашиот инфериорен однос, нашиот сервилен однос. Ние треба да си имаме достоинство како народ, како држава.

Ние имаме меѓународно правен субјективитет. Признати сме. Имаме право со секого на рамноправна основа да разговараме. Ниту имаме потреба нешто да криеме од граѓаните на Република Македонија. Едноставно мораше да се знае, штетите, евентуалните штети. Никој од СДСМ не отстапи од првобитната теза за нашето асоцирање со НАТО и Европската Унија. Напротив и денес стоиме цврсто, сметаме дека е тоа во интерес на Република Македонија и ја застапуваме и декларацијата што ја донесовме овде, а и денес сметаме дека треба да се отвараат перспективи за наше што побрзо доближување.

Меѓутоа, прашање е освен вербално за што овде разговараме што практично се чини на тој план. Затоа говорев дека е многу битно да се направи правната рамка. За последиците, еден банален пример. Доколку дојде, а ќе дојде до еколошка контаминација на овој простор, последиците, штетите, еве некој денес го спомна, не смееше Македонија да испали градобијни ракети, заради тоа што летаа авионите на НАТО. Некој тоа сепак мора да го плати. Ако тоа не е

договорено во правната рамка, ако не е договорено за последиците, на Вас можеби сега ќе ви изгледа чудно, меѓутоа јас сум сигурен врз основа на информациите од компетентни луѓе од земјата и од надвор дека нема да биде далеку времето заради еколошката катастрофа, кога производите од Република Македонија особено земјоделските производи и раноградинарските нема да имаа простор на Европскиот пазар. Не за друго туку заради последиците. Ако тоа беше ставено во договорот меѓу Република Македонија и НАТО тие штети ќе се надоместеа после тоа.

Според тоа правни рамки на дејствувањето меѓу Македонија и НАТО мора да постојат. Без утврдување на правни рамки штетите остануваат овде. Ништо не придонесуваме ако не ја промениме нашата законска регулатива, ако нашето законодавство не го доближиме до европското. За шест, седум месеци, дали ние донесовме закон во таа сфера. Според тоа, мораше овој Парламент повеќе да обрне внимание на законската регулатива и хомегенизирањето на македонското законодавство со законодавството на ЕУ. Што е најголемиот комплимент што надворешниот фактор Европската Унија и НАТО го изрекуваат кон Република Македонија. Еве сега барем тоа нема да го негирам.

Европската комисија кажа дека два услови се добри за започнување на наши преговори за асоцирање со ЕУ.

Прво, дека се направени демократски избори во РМ и тоа не ги направи оваа власт, ги направи поранешната.

Второ, дека почува да се уредуваат односите со соседите. Тоа се единствени две прашања за кои Република Македонија има преодна оценка пред меѓународната заедница.

Што сакам со ова да кажам. Ние можеме овде да останеме меѓу себе да се напаѓаме цела недела. Вербализмот не создава никакви услови за наше побрзо доближување до НАТО. Напротив доближувањето на стандардите внатре во законодавството, нашето наоружување, односите со соседите, меѓународната положба на РМ, правата на граѓаните, на малцинствата и така натаму, правата на граѓаните на малцинствата и т.н. Тоа е легитимацијата пред светот. За тие прашања да разговараме да ги унапредиме, а овде со паролаштво дека никогаш не било подобро во РМ, не му користи ниту на СДСМ ниту на ВМРО-ДПМНЕ ниту на било која политичка партија. Ние овде сме избрани токму заради почитување на граѓаните и тие од нас ќе бараат отчет. Јас не тврдам дека е совршено добро ние тоа што го работиме како што немате право и вие да кажете дека совршено добро работите.

Според тоа, секогаш има простор да ја спазиме основната линија на разграничување да биде македонскиот национален и државен интерес. На тоа прашање ве молам без оглед на националната и верска припадност да седнеме да разговараме, а не да се нудат информации кои отвораат простор само за дискусии, меѓусебна дисквалификација, а не водат кон подобрувањето на на позицијата на РМ. Со што ние со оваа информација еве читајќи ја содржината направивме чекор напред кон НАТО и ЕУ. Ништо. Едноставно само да се каже дека едни го поддржуваат НАТО други го напаѓаат.

Постоело анти албанско расположение. Категорично тврдам дека во СДСМ анти албанско расположение не постои. Само еден пример на што се темели една таква теза. Како што имаат право и Македонците да кажат со доаѓањето и реакцијата на некои групи јас не зборувам за поединци групи дека има такво расположение, дека поединци и групи и од бегалците и Албанци кои живеат во РМ, исто така прикажаа анти македонско расположение. Меѓутоа јас не можам да ги обвинам Албанците. Немам право. Тоа не е расположение на Албанците во РМ, туку е тоа манифестирање на незадоволство на група граѓани од албанска националност.

Според тоа, никој нема право да генерализира дека постои анти нато, анти македонско или анти албанско расположение. Тогаш не говориме во името на интересите на оние што ги застапуваме.

Ве молам, денес да се говори дека се загрозуваат интересите на РМ, со тоа што се бара да се отвори тема да се расправа, мислам дека гледано од политички аспект е не допусливо. Напротив можеби заради сознавањето на вистината ни требаат што повеќе вакви отворени дискусии. Но откако овде ќе се договориме тогаш Владата ќе оди на спроведувањето на политиката, бидејќи Собранието врши контрола на спроведувањето на политиката. Еве сега ќе видите што ќе одлучи Собранието, да речеме по оваа информација. Ќе ја прифати информацијата. И што на себе зема обврска Собранието со усвојувањето на оваа Информација. Ништо. Според тоа расправа заради расправа, или да кажеме еве ние во Македонија имаме едни кои не го поддржуваат НАТО, а имаме други кои што ептен се со НАТО. Прво тоа не е вистина. Нема граѓанин во РМ, освен во овие моменти кога почнува да се загрозува сигурноста, безбедноста, кога почнува мирот да се нарушува, луѓето размислуваат и во таа насока. Затоа што тоа не се случува некаде многу далеку, се случува во нашето соседство и последиците од тоа ние ги трпиме. Имајте во вид дека во оваа држава живеат и Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи. Според тоа секој да го гледа од тој аспект прашањето како припадници на РМ, како државјанин на РМ, како лојален граѓанин да не гледаме преку туѓиот плод.

Мотивот за моето јавување за дискусија беше токму тоа. Ако ја сакаме, ако ја чувствуваме РМ сите, како своја татковина, веројатно магистралните интереси ќе ни бидат заеднички. Дури да парафразирам и една мисла, се извинувам ако не ја кажам добро, бидејќи од порано. Она вели: "татковината на верникот е

онаа во која тој живее и ги ужива благодетите". Според тоа татковината и на оние што имаат поинаква вера од мнозинството во РМ, мора да биде во таа насока да ја чувствуваат Македонија како своја татковина.

Најавувањето на собирот е во функција само на предупредувањето до граѓаните во чие име сме овде, за виталните интереси на РМ, а не да се сруши Владата. За тоа сепак одлучува Собранието, не граѓаните на митинг.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Тито Петковски.

Господа пратеници, ако можеме да ја привршиме расправата.

Овде имаме пријавено уште двајца дискутанти.

Второ, кога земаме збор, да се придржуваме на темата и да не се повикуваме премногу на општите интереси, бидејќи се повеќе тоа ме уверува во онаа поговорка дека, патот за пеколот е поплочен со наредните желби намери или интереси.

Според тоа дајте да бидеме конкретни имаме конкретна тема, често пати да не дискутираме за најопшти работи и да бегаме од темата. Навистина тоа далеку би не однело.

Има збор г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, многу се оперираше во рамките на оваа тема со паушални изјави кои тврдат нешто што генерално може да се земе дека оваа владина коалиција не работи за интересите на РМ, па се до повикување на некои меѓународни информации кои влегуваат во контекстот на ставови на Европска Унија и т.н., значи на тие институции од меѓународната заедница кои за нас се многу битни. За такви работи навистина треба да се приложат аргументи, а не за тоа да биде критериум, јас бидејќи бев отсутен, ако добро разбрав, било кој медиум без никакво потценување па дури да бил и СИТЕЛ.

Меѓутоа, бидејќи јас се вратив од едно патување на седница на западно ЕУ и ќе ви кажам за ставовите и дискусиите кои се однесуваа токму на Македонија. Меѓутоа, ваквото дезинформирање кај јавноста и таквите тврдења генерално за голема загрозеност на РМ наликуваат на многу примери, меѓутоа еден што е карактеристичен што сега можам да се сетам е следниот.

Имено во една книга која трагаше по судбината на многумина судени, не завлегувајќи сега да враќаме истории кои системи биле, какво свои концепции имале, меѓутоа, факт е дека голем број на луѓе од Македонија биле судени за одредени несогласувања со системот, лични видувања на одредени политички прашања, можеби културолошки видувања за такви состојби и т.н., но факт е дека постојат голем број. Во едно од тие книги еден од фактите е следен. Дека човек е обвинет за следново, како соработник на 6-тата американска флота, чија подморница се појавила во Преспанското Езеро ова е запишано. Ова е регистрирано. Тој стил и метод на едно минато време денеска, во овој дел што го слушав на седницата, беше максимално употребуван. Само сега живееме, сепак во едно друго време и мораме да признаеме дека некој од нас можеби со потешко срце, некој полесно ќе ги прими тие состојби, дека сме во демократски процеси во Македонија и не може врз основа на тврдења на неколку личности кои ќе се повикаат од сопствена реална и умислена позиција, дека реално можат да влијаат од позиција на власт или индиректно преку позиции кои ги влечат по некои свои наследства, да дадат таква квалификација тој човек да биде затворен. Замислете, појава на подморница на 6-та американска флота во Преспанско Езеро. Целосна дискусија денешна наликуваше на тоа.

Она што е темата денешна, зошто Македонија и Нато имаат еден процес на воспоставување на добри односи, генерално од самиот почеток од фактот за барање да биде Македонија слободна, суверена, самостојна држава. Тоа е првиот знак кој е дефинитивен, кој е основниот аргумент од кого се тргнува дека оваа држава во принцип, со самиот аргумент на барање на самостојност и сувереност е определена за интеграции со Европа, со тој вид на институции на меѓународната заедница. Тој процес е граден, меѓутоа станува збор за реално однесување кога ќе се најде одредена политичка структура, во ситуација да го приложи сопствениот квалитет и реалните постапки со кои ќе покаже дека навистина нејзината ориентација е таква.

За жал на опозицијата, во овој период постапките кои се преземаат и начинот на кој тоа се прави е многу реален и многу конкретен, за разлика од еден претходен период во кој секако дека имаше дел од тој процес, меѓутоа тој беше, пред се, вербален, декларативен.

Според тоа, ако во оваа ситуација која претходеше на целата криза на Косово, која резултираше од страна на Меѓународната заедница со воздушната интервенција токму земјите членки на НАТО донесоа заклучок, кој потоа го реализираа. За тоа е сведок целиот свет. Силите на земјите членки на НАТО да бидат стационирани во Република Македонија. Значи, за што ние говориме? Говориме за загрозена држава или говориме за определба на еден таков моќен систем по секоја основа. Најмалку мислам на моќен систем во смисла на поседување на оружје и целокупниот тој систем во кој влегува арсеналот, туку мислам и на еден систем кој поседува неверојатен ум, кој поседува неверојатна методологија и неверојатен концепт на сопствена организација.

Значи, за што сега говориме дека е загрозена Македонија и дека токму овие земји на кои се повикуваме, кои многу одамна ги затворија

своите недоразбирања и кои имаат инсталирано демократија на која ние се повикуваме и која би сакале да биде да може да се случи што побргу во Македонија. Пред се мислам на институционалниот систем инаку верувам дека поединечно секој од нас е подготвен веднаш да ја прифати таквата демократија. Но, ние не можеме системски да ја спроведеме токму од ваквите начини на формулирање од типот на Шеста флота, цел ден обвинувања за политичкото дејствување во овој случај на оваа владина коалиција, а од друга страна имаме една рамнотежа која треба да ги донесе фактите и аргументите кои се сосема спротивни на тврдењата на опозицијата.

Се зборува за тоа дали сме Македонци, треба да расчистиме тука во Парламентот или имаше еден колега пратеник кој зборуваше дека Македонците се повеќе различни народи или барем така делува. Видете, господа во рамките на ВМРО-ДПМНЕ никогаш не постоела таа дилема. Ако ги имате фактите од самиот момент на проблемите на поранешна Југославија, на нејзиното распаѓање, јавноста е сведок кој ги постави тие принципи, кој се залагаше за нив максимално, па во контекст на тоа дури, ако не се лажам 1993 година комплетниот предлог и заложба за да се отпочне и како политички став, меѓутоа формализиран за нашата определба дека ние сме за интеграција со НАТО. Тоа се многу јасни работи. Јас не знам зошто, наместо да му помогнеме на овој народ, да им помогнеме на овие граѓани кои, факт е дека и покрај нашите големи расправии што ги имаме овде, тој покажа дека не подлегнува на фрустрациите, на страстите на емоциите. Овој период од три месеци беше многу тежок и тој не подлегна на тоа иако имаше обиди за политички сценарија за да биде мотивиран да се појават отпори, тоа не е тајно, да се отворат отпори кон НАТО.

Меѓутоа, факт е дека неговото однесување покажа максимална политичка зрелост за која јас сум свесен, а мислам и Вие сте свесни дека и во овој Парламент постои, но проблем е што по долг период да се падне од власта. Јас верувам дека е можеби токму вистина сето тоа, меѓутоа нештата се движат, процесите се движат, работите се менливи и некои, за среќа, во одредени периоди ги гледаат состојбите со проекција во иднината, а не ги гледаат состојбите со афери од едниот до другиот чош и се движат во еден сопствен херметичен затворен круг. Па, зарем да продолжи Македонија да го следи тој синдром на целиот Балкан низ историјата, каде што од себе како простор направи херметичен континент и со векови се коле.

Ова политичко однесување кое се случува во овој период, особено од кризата во последните три месеци каде имаше воено разрешување, покажува дека можеби држава која би се судрила со најтешкиот проблем факт е дека ова политичко раководство, оваа владина коалиција смогна сили да биде реална, реална во погледите, реално да ги толкува без разлика дали има недоразбирања, да пристапи така и да ја сочува целата атмосфера и да се справи со 360 илјади луѓе кои поминаа низ Македонија, а 80-тина илјади заминаа во други земји.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (Продолжение)

Во контекстот на оваа тема злоупотребата на проблемите кои беа долг период на Косово и кои резултираа со воздушната интервенција на НАТО, иако реков дека е тоа разбирливо емоционално не може да се одбегне да не се пристапува, меѓутоа навистина е не умесно толку политички да се злоупотребува сето тоа, а јасно е психолошки како делува во јавноста, дека токму со тоа можеме да направиме извесна можност на барем психолошко нетрпение меѓу етничките групации во Македонија.

Не е наша работа да ги дешифрираме работите за тоа, поведени се постапки, процеси, факт е едно можеби е наше место човечко па и политичко да имаме разбирање за страдањата на народот кој живее таму. Во тоа се и Албанците и Србите. Значи, можела да биде и сосема друга ситуација. Можело да биде во прашање еден мнозински народ, не знам кој можеме да го наречеме икс, а другиот да биде како што е во случајот граѓаните Албанци на Косово да бидат Србите, можеа и тие да бидат тука.

Но, очигледно станува збор за други толкувања и други намери. Таму страдаа сите, страдаа и Албанците, страдаа и Србите и во овој период ќе има страдања можеби ќе има и поединечни инциденти, за жал, сечиј живот е скапоцен, меѓутоа, можеби тоа ќе се случува, но наша. работа е едноставно да изразиме сочувство кон страдањето на сите тие луѓе, а не да правиме во овој Парламент конфронтации кој е во право на Косово, кој не е во право, кој е нашиот прилог во контекст на сето тоа.

Што се однесува до прашањата на нашиот однос кон НАТО, во овој период откако дејствува оваа коалициона Влада. Господинот Карангелески спомна дека пред три месеци, меѓу нив бев и јас, бевме во Брисел и во повеќе воено политички структури на НАТО и во таа екипа беше претставник и од СДСМ, имаше од најголемиот дел од политичките партии иако тоа беше на нивна покана и јас се надевам дека во рамките на Пратеничката група еве конкретно и кај СДСМ се пренесени тие седумдневни разговори и можности што ги имавме да ги погледнеме пред се за нас интересните политички аспекти.

Видете, нивното мислење е многу јасно, јас можам тоа да го разберам на следниот начин. Или Вашиот претставник погрешно Ве информирал и погрешна слика Ви дал за односот на НАТО кон Македонија, или Вие тоа го запоставувате кога е темата НАТО и Македонија.

Втората работа последната 44-та сесија на Западноевропската Унија на која, меѓу другото, се разговараше односно се поднесуваа извештаите од надгледувањето на состојбите на

Балканот, Извештај за состојбите на Косово и јавното мислење за придонесот на ЗЕУ во стабилноста на регионот и Албанија.

Во тие завршни излагања што беа прифатени од сите членови на Парламентарниот состав на Западноевропската Унија, оние кои го поднесуваа тој извештај, госпоѓата Пулгар и госпоѓата Скварчијалупи најмалку една третина од својот завршен говор го посветија на Македонија и во своите видувања рекоа вака, бидејќи имаше во таа делегација официјален претставник од Стручните служби на Собранието, дека тие лично и оние кои им ја доделиле оваа мисија се воодушевени од Македонија како успеа да се справи во оваа ситуација, но не мислеа на ниедна партија. Тоа мора да Ви биде јасно. Мислеа на Македонија, како се справи со целата оваа ситуација и дека е тоа примерот за целата меѓународна заедница, пред се мислеше на нејзините битни структури. Како може една земја да поднесе еден ваков товар и една ваква сложена ситуација.

Меѓу другото, беше констатирано и внесено во заклучокот дека овој Парламентарен состав ќе предложи на Министерскиот состав на Западноевропската Унија директно да влијае што поитно да бидат ветените средства за Македонија доделени, бидејќи нејзината реална ситуација има потреба од сето тоа, бидејќи тие претстојувале во Македонија, бидејќи сите претставници на институциите на системот од Владата, ресорните министерства онаму каде што имале средби вклучително и Парламентот, на тие средби учествувале луѓе од опозицијата - пратеници. Тие соопштија дека тоа секаде се предочува, значи не е точно дека оваа држава или она што опозицијата ја интересира, оваа коалициона Влада не соопштува пред меѓународните претставници кои доаѓаат тука или ние одиме таму во било какви состави за проблемите за кои тврдите, па тие тоа го изнесоа и го внесоа во заклучок.

Втората работа што беше на оваа 44-та сесија на Западноевропската Унија која заврши вчера во Париз, е тоа што таму беше присутен директорот за европски прашања на Националниот совет за безбедност на САД, кој ја замени госпоѓата Олбрајт која го најави своето присуство, но поради други обврски тоа беше нејзин заменик кој ги пренесе ставовите на Националниот совет за безбедност на САД, при што буквално го изнесе следното:

Кога беше прашан за состојбите во регионот за односот на земјите, бидејќи се дебатираше многу дека во некои земји факт е дека има дефицит од демократија и дека во некои земји факт е дека независно од интелектуалните потенцијали на личностите дека политичките потези и политичките движења со брзина и карактер се од минатиот век. Во рамките на сето тоа господинот Филип Гордон го рече следното: Македонија направи далеку повеќе отколку што ние самите очекувавме.

Тоа беа неколку факти што сакав да ги изнесам, кој воопшто не се совпаѓаа со тој политички маркетинг во рамките на Македонија и НАТО, оти во рамките на НАТО се членки земји кои учествуваат и во Европската Унија и се битниот дел од Меѓународната заедница.

Што се однесува до тврдењето за нашата соработка меѓу Македонија и НАТО и прашањето на територијата. Не знам зошто по кој пат мора да се регистрираат тие работи, кои немаат никаков допир со вистината. Парламентот расправаше за тоа, учествуваа сите и добро е што тој став беше прифатен од сите. Владата, меѓу другото, преку нејзиниот премиер во не знам колку наврати има соопштено дека, тој став го има донесено Парламентот и дека Македонија го почитува. Ако не се согласувате со тоа да се договориме на една од наредните седници да поставиме монитор и да ги извадиме тие снимки на кои тој јавно се обратил во низа прилики.

Соодветни министерства кои се битни и релевантни за вакви ситуации го соопштија истото, бидејќи треба да се почитува ставот на Парламентот. Па јас не знам зошто толку денеска дебатирање за тоа, кое е непријатно да го изусти човек зборот лага, кога јавноста знае во колку наврати соодветни министри и премиерот го соопштил истото дека тоа мора да се почитува и дека тоа ќе се почитува. Меѓу другото неговите меѓународни настапи.

Што се однесува до соработката меѓу Македонија и НАТО во контекстот на тоа апсолутно влегува целокупната ситуација, импликациите од Косово во регионот. Албанија и Македонија беа тие две земји, две држави кои беа најоптоварени со тие импликации со налетот на големи бранови на бегалци од Косово.

Македонија го прифати сето тоа и прими колку што прими Вие тоа го знаете, а го знаете и нејзиниот однос и треба да знаеме особено позицијата која беше шест и пол години во власта го знае потенцијалот на системот на институциите и не треба да ја обвинуваме ниту нејзе, во прашање е за некој случај девет години во кои немало можеби реална можност да речеме финансиска, во некои случаи стручна, треба луѓето да се оспособат, да се екипира тој систем на институции. Тоа подразбира дека изминатите три месеци оваа коалициона Влада можеби во некои ситуации 80% во некои денови беше преокупирана со тоа да ги згрижи тие луѓе, таму е тешка ситуација, на крајот на краиштата независно од разни концепции некој може да објаснува, станува збор за живи луѓе кои треба да живеат во камп од 20, 30, 40 илјади луѓе. Тоа го стори Македонија и тоа е дел од таа соработка. Тоа го почитува светот.

Уште нешто, тие луѓе кои беа во некој случај масовно истоварани од композиции, возови, на границата во Македонија беа згрижени и нивните животи беа сигурни. Доколку останеа на Косово не знаевме што ќе се случува со нив. Тука беа сигурни. Тој придонес во контекстот на целата

ситуација, па и најдиректното учество или најдиректната интеграција на Меѓународната заедница со балканските проблеми можеби во историјата. Ова е првиот случај во историјата, кога Меѓународната заедница целосно се интегрира со проблемите на Балканот. Тоа е основниот гарант и тука некои колеги ги поддржувам дека, Меѓународната заедница после вакво големо интегрирање со проблемите на Балканот, значи интегрирање во смисла да помогне да ги разреши. Очигледно ние не можеме сами, ни треба помош. После такво вклучување во разрешување на косовската криза и претходните учества, Меѓународната заедница нема да се повлече од Балканот. Мислам дека тоа е драгоцено и тоа е шансата за сите нас на Балканот, меѓу другото и за Македонија.

Што се однесува до некои размислувања кои според мене се многу паушални, дајте да видиме што да направиме со НАТО трупите, да земаат наши плодови односно да влезат во системот на нашата економија. Еве претходно Ви зборував за примерот седницата на Западноевропската Унија, на која тие соопштија дека во изминатите неколку месеци при нивните лични контакти дека тоа упорно се инсистира на сето тоа и токму претставникот на СДСМ го повтори во својата дискусија и пред него беше соопштено дека тие се свесни дека Македонската Влада упорно притиска тоа да се прави и дека тој дел е веќе започнат.

Има и конкретни податоци дневно колкав дел од економските капацитети користат трупите на НАТО во Македонија. Меѓутоа, има и една друга работа на крајот на краиштата се случи таа воздушна интервенција со брзо инсталирање на нивните сили. Имате во нашата пратеничка група луѓе кои беа министри на одбраната во Македонија и тие треба добро да знаат дека во такви сложени ситуации логично е дека можеби првиот и вториот месец таков сложен систем нема веднаш да прифати користење на економските ресурси на државата, наједноставно кажано за јавноста - храната, бидејќи замислете ако од не сакање, ако од случајност се појави некаква инфекција кај НАТО војниците тие се ќе направат да биде ризикот сведен на минимум во однос на здравствената состојба. Јас не ги оправдувам припадниците на НАТО, само зборувам за нешто што во рамките на Вашате партија имавте министри и треба да знаете особено во армискиот дел со каква претпазливост се водат тие анализи, а не за еден таков сложен систем каков што е НАТО.

Меѓутоа, секаде на формите е соопштувано дека Македонската Влада го бара, но и претставниците на Македонскиот Парламент, оние комисии кои контактираат со меѓународните делегации да одат таму. Меѓу другото е јасно дека имаме дневна сума која НАТО ја приложува кон Македонската економија за тие набавки. Меѓу другото имаме многу луѓе кои се услужен сектор од сето тоа преведувачи и т.н., така што таквиот вид на дискусии говорат, барате да побараме пари од НАТО да ја искористиме целата ситуација.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (Продолжение)

Мислам, прво, тоа не е етички, а политички не би сакал да коментирам, а што значи таквиот однос. Или, повелете, побарајте. За жал, очигледно станува збор навистина за различни концепти политички, кои во рамките на предизборната кампања и опозицијата ги приложуваше пред јавноста, односно ја убедуваше дека постојат два различни концепти, меѓу кои ќе бирате, едниот е добар, значи тоа е сегашната опозиција, а другиот е лош, тоа е сегашната позиција. Јас се согласувам дека се сосема различни концепти, затоа што едниот сега нуди милион рецепти, а шест ипол години најповеќе демагошки се расправаше, а другиот и кога беше во опозиција имаше доблест да каже дека може да има самостојна држава, мора да веруваме во сопствените потенцијали интелектуални и политички, целокупниот човечки ресурс во РМ е максимално работно способен, може да се воспостават цивилизирани однесувања во Република Македонија, тоа историјата го потврдила.

Меѓу другото и јас се согласувам дека во претходниот период Македонија учествуваше сериозно и длабоко во претходниот систем. Се согласувам дека имаше и постигна свои квалитети, меѓутоа треба да сме свесни дека имаше и некои не умесни однесувања од системот. Значи, и во тој период Македонија покажа дека умее да се справи и со сериозни моменти кога му се нанесуваат и на интелектуалниот потенцијал разни обвинувања, што би знаеле во разни контексти една идеологија, меѓутоа, наше минато и со тоа не треба повеќе да се расправаме. Само сакам да потенцирам дека една партија која сега е на власт тврдеше и реално го покажуваше тоа дека можеме да имаме самостојна држава. Имаше храброст да ги напушти изборите, да се расправа со факти и сега има храброст да се однесува на вакво начин со реален однос, а не распродавање на држава и во рамките на владината коалиција тоа е основниот елемент што дури ги донесе овие резултати да се истрае во една драматична ситуација, бидејќи преовладува реализмот и разумот како треба да бидат работите поставени, како треба да бидат планирани, како треба да бидат анализирани и како треба да бидат донесувани како ставови.

Што се однесува понудената информација, тврдењата дека во нејзе не се нудат не знам какви видувања според опозицијата, мене исто така не ми е јасно зошто многу од ваков вид на работи, значи независно дали ќе дојдела косовската криза, па и воената интервенција, ние имавме еден процес на отворена политичка поддршка, отворен политички став, формализиран кај нас дека ние сме за интеграција со НАТО. Зошто досега не се

форсираа формализирано, писмено тие потреби за регулирање на можните потреби на НАТО и пред тоа беа стационирани одредени нивни потреби во Македонија. Ова се однесува на дејствувањето на овие шест, седум месеци на ова владина коалиција. И конкретните работи кои не снајдоа во една тешка и драматична ситуација, која НАТО на ниедна земја не и ја кажа. Можеби тие имаа комплетни планови но можеби тие немаа конкретна намера дека во тој ден и во толку часот ќе бомбардираат.

Затоа што ако тврдиме така, тогаш ние ќе треба навистина да го прогласиме НАТО за тоа дека се игра со светот, планира кога и каде ќе бомбардира. Тоа бомбардирање, јас сакам да верувам она што се тврди од Меѓународната заедница, бидејќи јас се согласувам и мислам дека нема друг став за тоа дека не се однесува на Српскиот народ. Ние знаеме дека тој си има свои потенцијали кои се на сите планови докажани. Станува збор за десет годишна политика, која можеби од нивни агол била оправдана, но станува збор за четири војни на таа политика и меѓу другото една нерешена граница со својот јужен сосед, а тоа е Македонија. Таа граница не е решена ниту до ден денес. Еве, да речеме дека немале лоши политички намери или инспирации, меѓутоа можеше да се покаже до десет години добар гест да се регулира таа граница.

Тоа е во контекстот на добро соседството, што е битен елемент од соработката со НАТО. И, не е точно дека на Меѓународната заедница и на тие институции ниту им одговара да се решат некои проблеми, друго не ги интересира. Па, видете како што предлогот до граѓаните беше решен од самите граѓани за самостојна и суверена Македонија единствено така може да биде решено било кое друго прашање, па и тоа веќе заморно, заморно инсистирање дека некој ги продава државните интереси во Бугарија, а сега ги слушав најновите од ТВ настапите повторно од опозицијата дека оваа Влада нема право повеќе на Грција да и дава да влегува со капи|гал.

Значи, дека оваа Влада нема право повеќе на Грција да и дава да влегува со капитал. А, имаше право додека беше СДСМ на власт. Да, за принципиелните работи каде што треба да разговараме во ред, меѓутоа, ја прифаќаме таа соработка. Ја прифаќам? соработката со Бугарија што премости можеби неколку децении. Постојано зборуваме дека штом се инсталира демократскиот систем во Србија и во Југославија една од примарните задачи да ги воспоставиме добрите добро соседски односи со Србија и да ги воспоставиме добрите квалитетни економски соработки. Истото тоа се однесува и на Република Албанија. Јас не знам од каде, кои, барем во рамките на ВМРО-ДПМНЕ се изјаснил поинаку за да се зашеметува јавноста дека е донесена во ситуација ќе се случи, не знам, или војна, или ќе биде од некого земена. Нема да биде никој од никого земен. Тоа може да го реши само самиот народ, како што го даде мандатот и овој пат.

Според тоа, станува збор за квалитетно воспоставени односи меѓу Македонија, во овие 6, 7 месеци водени од оваа владина коалиција, квалитетно воспоставени односи и соработка со НАТО, со Европската унија, во рамките на нивните ставови тоа е максимално позитивно почитувано. Да ве потсетам на таа делегација каде што завршно во една од тие средби беше меѓу другото и г-динот Кларк, каде што пред сите претставници на овој Парламент како и од опозицијата го соопшти, меѓу другото што говореше го соопшти и следново.

Дека Меѓународната заедница, дека НАТО се длабоко свесни за процесите кои ги води Македонија во рамките на соработката со НАТО, но дека ова што отвореност и оваа кооперативност што се случува во контекстот на овој четврти конфликт на Балканот, дека тоа исклучително го почитува и дека никогаш нема да го испушти од предвид тој момент НАТО.

Според тоа, концептот, политичкиот концепт, политичкиот курс на оваа држава е многу јасен, а токму тој е иднината на оваа земја. Ако е тоа иднината на оваа земја, овие граѓани се сигурни и безбедни. Се согласувам со прашањето дека социјалната состојба, социјалниот аспект е тежок, но тој е тежок, бидејќи е наследен. Бидејќи се расправаме три месеци со ваква сериозна хуманитарна катастрофа, зашто се расправаме во овие три месеци со упорни обвинувања, што тоа лета над нашето небо. Ние знаеме дека тие технологии беа однесени оттука кога се враќаше таа бивша ЈНА, но нам не ни е доволно и не сакаме да изустиме ни еден збор од оваа говорница дека категорично членките на НАТО соопштија дека над македонското небо ќе летаат авиони, кои ќе бидат гарант во секој момент за територијалниот интегритет, за суверенитетот на Македонската држава и за безбедноста на граѓаните. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Пауновски Љубен.

Ние овде го имаме пријавено Етеми Фатмир за дискусија.

Молам, ако можеме да бидеме пократки во дискусијата.

**ЕТЕМИ ФАТМИР:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Прво, се извинувам можеби на крај, затоа што навистина сме изморени. Не знам колку се заинтересирани пратениците на опозицијата за односот и соработката на РМ со НАТО. Самото присуство на тројца пратеници покажува колку се заинтересирани или можеби тука од говорницата да ни држат политички маркетиншки говори. Мислам дека опозицијата има три карактеристики, како што е на пример првата карактеристика и е стилот на извртување на тезите и фактите.

Втора нивна карактеристика е дека со сите соседи кога ја водеа Владата немавме добри односи како што беше со Бугарија долго време не потпишаниот договор, познатиот јазичен спор со Бугарија, со Грција, така и со Албанија, тополо - ладно, а со Србија беа многу носталгични за Србија.

Што се однесува за толку подигната бука и прашина за посетата на г-динот Хашим Тачи во Македонија, само да им укажам дека тој произлегува од Договорот од Рамбује меѓу сите албански партии од Косово. Во тој Договор и во сите други договори, меѓународни договори за Косово е јасно ставено до знаење, дека Косово има свој Парламент, претседател и Влада. Тој е претседател на таа привремена Влада. Една наша карактеристика на нашата Влада е дека, нашата Влада работи транспарентно и секоја средба транспарентно пред јавноста кажуваме што сме се договарале. Таа  средба беше во полза на двата соседа на двата народа во функција на економска и политичка стабилизација. Во смисла на економска добивка на Македонија, бидејќи оваа Влада работи за преземање на пазарот во Косово, а не како минатата Влада кога во Босна им оставија на Хрватска и на Словенија целиот босански пазар тие да го земат, а нашите македонски фирми или претпријатија останаа преку трети или четврти фирми да влегуваат во босанскиот пазар.

И, самиот чин ка средбата на г-динот Тачи и премиерот, нашиот премиер Георгиевски, тоа значи самиот тој чин на средба значи дека во Македонија нема ОВК, и нема делување на ОВК во Македонија. Тоа е најголемиот влог и гаранција со самиот чин на средбата.

Од пратениците на СДСМ се изнесоа многу тези тука како и порано, како што рекоа дека депортираните бегалци ќе ја изменат етничката карта на Македонија. Како да не знаат дека тие депортирани бегалци се хуманитарни згрижени лица со регулиран престој од два до шест месеци. Сигурно тие тоа го знаат, меѓутоа, пред македонската јавност сакаат фактите да ги извртат.

Друга теза е покрената истрагата на Хашим Тачи за злозсторства. Јас се прашувам од кого е покрената таа истрага, дали од српскиот режим или од Меѓународниот суд за злосторства. А, не кажаа дека истрагата е покрената за Милошевиќ од Меѓународниот суд за злосторства.

Третата работа што денеска се спомнуваше често пати беше за масовните гробници што ОВК ги направила. Јас Ви велам дека до денес не знам за ниедна масовна гробница од ОВК што е направена. А, обратно, од пара милитарните или милитарните структури од режимот на Милошевиќ има над сто масовни гробници. Има ред други факти што секогаш сакате да ги извртувате. Така, на пример дека Македонија ќе беше инволвирана во војна или не знам што, а обратно се случи дека Македонија со напорна работа на оваа Влада ја избегна и војната што беше во првиот сосед.

Друга работа е дека претходните седници секогаш велеа дека еве НАТО влезе тука и со сила ќе влезе во Косово, без да се постигне договор меѓу НАТО и Југославија и не знам што. А, обратно излезе дека НАТО во Косово влезе со договор и со резолуција на Обединетите нации. Значи, секогаш пред јавноста сакаме фактите да ги извртуваме.

Другата работа е дека тајните состаноци меѓу Милошевиќ и Глигоров порано што беа и сега што можеби никој не ги знае ги правеше поранешната Влада за тивко анексирање на Македонија кон Србија.

За жал, мислам дека таа практика веќе е прекината со доаѓањето на власт на новата власт.

Има и многу други работи, но во интерес на времето не би сакал да Ве задржувам. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Фатмир.

Процедурално за збор се јави г-динот пратеник Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас најнапред, бидејќи во ова последна дискусија беше спомнат во неколку наврати СДСМ, би сакал почитуваните колеги да ги информирам зошто сме ние толку малку. Имено, благовремено беа закажани некои партиски активности и затоа поголемиот дел од пратениците мораа да заминат на еден состанок, меѓутоа, не Ве гледам дека и Вие сте како позиција во некој по замашен број. А тоа е толку важен состанок, бидејќи има извонредно голем интерес од припадниците на ВМРО за најавениот митинг за 24 јуни 1999 година. Затоа, мораме да ги задоволиме сите тие барања. Тоа е едно.

Второ, бидејќи г-динот на неколку пати го спомна СДСМ во врска со некои прашања, јас само да потсетам испуштив во мојата дискусија, во претходната дискусија да спомнам дека официјална изјава е на нашиот премиер г-динот Љубчо Георгиевски пред два месеци, можете слободно да видите, постојат видео записи, дека појавата на наплив на бегалци од Косово во Македонија дека може да дојде до пореметување на демографската карта на Република Македонија. Тоа не го кажал некој од опозицијата, па постојано гледам, се повикувате. Тоа е Вашиот премиер на вашата коалиција ги има официјално кажано, а да не зборувам за многу други претставници од Владата, министри, кои што укажувале на тој проблем.

Според тоа, тоа не е измислица на СДСМ и мислам дека со тоа треба да биде јасно дека тоа е изјава на премиерот. Мислам дека тоа сосема исправно човекот го кажа и има право, заради тоа што пред меѓународните фактори требало да се настапува и така меѓутоа и вистината дека е таква. Според тоа, мислам дека

јас да сум на негово место, ниту пак Вие од таа работа ќе бегате. Туку, Вие немате храброст на Вашите коалициони партнери тоа во лице да им го кажете или да реагирате на тоа.

Втората работа, исто така не ми е прифатлива во неколку дискусии беше, особено, припадниците на ДПА, на жалост и од ПДП, кои што укажуваа дека РМ се однесуваа не баш најдобро во односот со бегалците кои што веќе се спомнува бројка од 350 илјади кои што поминувале низ нашата граница.

Мислам дека тоа но е вистина, сега г. Пауновски сосема друго зборуваше и мислам дека не е фер, особено од претставници кои што седат во Владата да зборуваат дека Република Македонија со неколку шатори, и т.н., погледајте ги само изјавите на обичните бегалци кои деновиве го напуштаат Стенковец и другите кампови, кои се враќаат во Косово и изразуваат благодарност.

Со тоа сакам да кажам дека обичните граѓани од вас политичарите, кои што обично сме спремни да манипулираме, почесно ги сфаќаат работите и ги искажуваат искрените чувства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам г. пратеници немојте под процедурално да зборувате и да дискутирате.

Јас мислам дека со ова веќе ја исцрпивме листата на пријавени.

Пред да ја заклучам расправата го молам министерот за надворешни работи да се обрати, бидејќи побара збор, а потоа ги молам сите пратеници кои што се надвор да влезат во салата, затоа што ќе треба да гласаме.

Го молам министерот за надворешни работи г. Александар Димитров да се обрати накратко.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Претседателе, почитувани пратеници, навистина е тешко да се одговори на крај од една ваква расправа на темата "односите и соработката на Република Македонија и НАТО", кога во дискусијата, особено кога во делови од дискусиите најмногу се говореше за нешто друго, а најмалку за односите и соработката на Македонија и НАТО.

Тоа говори и за политичкото ниво и етичкото ниво на некои луѓе овде, но тоа нека ни остане за идна расправа, за идно размислување со обид да не се симнува дигнитетот на највисокиот законодавен дом. На неколку работи би сакал да одговорам, а уште на неколку да коментирам.

Расправавме, затоа што како Влада, како што кажав и на почетокот, оценивме дека пратениците треба да бидат информирани за завршувањето на една од етапите во соработката меѓу Македонија и НАТО. Се сеќавате дека на почетокот на воздушните напади 24 март, Парламентот расправаше врз основа на неколкуте усмени информации и тогаш донесе неколку мошне значајни заклучоци врзани со кризата на Косово и врзани со стратешката позиција и безбедносна позиција на Република Македонија во тоа време. Сакавме, заокружувајќи ја оваа фаза од извонредно квалитативно подигнатото ниво на односите меѓу Македонија и НАТО, пратениците да ги информираме.

Не се опфативме со детално елаборирање, бидејќи тогаш ќе беше енциклопедија, а не информација за односите и соработката, бидејќи не сакавме ниту да кажуваме дека од донесувањето на Декларацијата на Собранието 1993 година за членство на Македонија во НАТО она што најмногу требаше да ја направи Македонија и нејзината армија и нејзиниот систем на одбрана компатибилен до натовските стандарди, беше направено во октомври 1998 година и презентирано во паузата меѓу двата круга на изборите, пред се од домашни причини. Тој вакум од пет години сигурно во тоа време, а и сега ја отежнува стратешката определба на Македонија за доближување до Европската Унија и конкретно до Евроатланските структури, односно НАТО. Но успеавме како Влада, тоа не е некоја тајна и не треба никој од тоа да се страми да се каже дека во овие седум месеци се надмина мошне квалитативно нивото на тие односи.

Прво, беа одржани огромен број дијалози.

Второ, беше лоцирана и на договорна основа, повторувам, на договорна основа поставена правната рамка на соработката и беа доставени сите анекси некаде во април месец, за она што значи локација, употреба и престој на НАТО - трупите во Македонија. Тоа продолжува да се работи, како што видовте во информацијата.

Трето, одржан е индивидуалниот дијалог 19+1 и конечно што е многу важно, што покажува дека не се точни констатациите пред малку искажани дека не е ништо направено, направено е тоа што Македонија прв пат на Самиот во Вашингтон, Самитот на НАТО е ставена рамноправно заедно со други девет земји во можните членки на Алијансата.

Да повторам, 1993 година е донесена Декларацијата на Собранието, 1996 година е одржан Самитот во Мадрид и инаугурирана политиката на отворени врати, тогаш Македонија беше спомната само како дел од регионот, без име и презиме, без употреба на името на Македонија и беа спомнати само Словенија и Романија. За овој период, на Вашингтонскиот самит за прв пат Македонија е спомната рамноправно како една од можните членки на НАТО. Ако тоа не е ништо направено, не знам што е направено.

Второ, донесен е Акциониот план за членство кои Македонија заедно со сите други апликанти ќе мора да го исполнува, да го прави компатибилен сопствениот систем воен, внатрешен, економски, безбедносен и т.н., и ќе мора еднаш годишно да дава отчет за тоа. Владата, внатрешните органи се оспособија и веќе почнуваат да работат на исполнување или на "пополнувањето" на така поставениот план за членство и останува тоа да го прават сите органи онака како што е договорено во Владата.

Така што, уште еднаш се потврдува дека конструкциите или невистините не можат да поминат пред снагата на аргументите и на фактите.

Натаму, се спомнуваше фактот за стабилност врзано или неврзано со она што се случува околу нас и во нас и она што ја тангира и е од особено значење и за развојот економски, демократски и безбедносен и на Македонија и на регионот.

Од она што може да се прочита никаде Македонија не е спомната во повоените земји. Таа е рамноправна заедно со триесетина други земји како фактор за стабилност. Ја има затоа што е дел на регионот и е заедно со оние што се од влијание или имаат можност, потенцијали да придонесат за таквиот позитивен развој и претварањето на регионот на Југоисточна Европа во многу по компатибилен до европските стандарди. Така што се спомна суверенитетот и можноста за ограничен суверенитет, се спомнаа некои дополнителни гаранции од страна на НАТО врзани со промени на граници и т.н.

Би сакал да кажам дека и во пактот за стабилност и во резолуцијата на ОН и во ставовите на министрите на Самитот на групата осум, се дадени основните постулати или принципи на меѓународните односи, а тоа се главните документи на меѓународните организации, почнувајќи од ОН до КЕБС, ОБСЕ, до Советот на Европа каде што еден од принципите не променлив и не повторлив е не променливоста на границите и гаранциите на суверенитетот и интегритетот на секоја земја. Тоа го има и во Резолуцијата на Советот за безбедност, каде што се гарантира повторно суверенитетот и територијалниот интегритет на секоја од земјите во регионот и соодветно на тоа, не знам од каде беше загриженоста на дел од пратениците, мислам на г. Попов за не гарантирањето или можноста од растурање, бидејќи Косово е посматрано само како дел од Југославија на кој му е неопходен широк процес на автономија.

Второ, врзано со можните загрозувања на безбедноста или потребата од засилена безбедност, гаранции на безбедноста на Македонија би сакал само да потсетам дека во сите документи што пред малку ги спомнав и Резолуцијата на Советот за безбедност и Ставовите на групата осум меѓу другото се предвидува целосно повлекување на сите воени и паравоени снаги од Косово и разоружување на ослободителната армија на Косово. Според тоа не знам од каде такви стравувања кои овде провејуваат.

Од друга страна неодамнешната посета на политичкото раководство на времената Влада на Косово, на г. Тачи и средбата со премиерот мора да се посматра само како еден од начините за дијалог, како на еден од начините за градење на довербата и на еден од начините како да не се повторува тоа што досега го имавме на север, а беше резултат од отсуството на дијалог.

Уште две три работи.

Европска Унија. Некој спомна прво одделение, забаваче, јасли и не знам што. Некој тоа го поврза и со Тајван, па со глобтротерство, па со се не знам какви небулози, кои не се достојни за оваа говорница и не би сакал да ги повторувам.

Подигањето на нивото на договорните односи меѓу Република Македонија и ЕУ отпочна интензивно да се унапредува после одржувањето на двата политички дијалога. Едниот во декември, едниот во април. Ги водеше премиерот, бев и јас таму и после состанокот на Комитетот за соработка, каде што се оцени дека Македонија во последно време напредната е на планот на демократските и економските реформи, напредната е во развојот на односите со соседите во регионалната соработка, во унапредувањето на системот на владеењето на правото и почитувањето на слободата на медиумите и дека треба да отпочне процесот на подигање на нивото на односите. Тоа што е последно и заради тоа јас стравувам дека опозицијата стравува дека ќе се случи, бидејќи и натаму ќе ги загрози и така ослабените позиции, дека ќе дојде до формалната одлука за почеток на преговори за асоцијативно членство, а само да потсетам, во документите на идниот договор за асоцијација и за стабилност, чиј почеток за преговори се очекува мошне брзо да биде донесена одлуката стои дека е јасна перспектива кон целосна интеграција во ЕУ. Секој што тоа поинаку го чита или не сака да го прочита, или поинаку го прикажува, не вистинито може само да замолчи пред аргументите на она што ќе уследи.

Уште една работа, ова можеби е лична.

Се отвори цела теза за предавството, предавството, заштитата на националните интереси, државните интереси, заштитата на македонската надворешна и внатрешна политика, па дури се употреби, а тој се употребува скоро од почетокот на оваа година, зборот дисконтинуитет.

Морам да потсетам дека уште во инагурираниот говор на претседателот на Владата г. Георгиевски беа јасно подвлечени неколку стратешки надворешно - политички цели, целосна интеграција во ЕУ, целосна интеграција во НАТО, добри односи со САД, пријателски добрососедски односи со сите четири соседи, развој на односите и соработката со другите земји во светот, почитувајќи ги и од далечниот исток. Може да го прочитате експозето на премиерот.

Така што не станува збор за дисконтинуитет во стратегијата и во стратешките определби и цели, но ќе се согласам и молам да не бидам погрешно интерпретиран - постои дисконтинуитет во активноста во тактиката, во квалитетот, во стратегијата, во интензитетот. Тоа го покажа и овие шест месеци, бидејќи од она што беше Македонија во однос на ЕУ, а да потсетам немаше ни формално барање за членство, и тоа мораше да се регулира, во февруари месец дојдовме до формална одлука за почеток на преговори за асоцијативно членство, од она што не бевме никаде спомнати во документите на Самитите на НАТО, ако за потсетување само Самитите на НАТО определуваат кои ќе биде повикан и кога ќе биде примен во НАТО се најдовме рамноправна членка како апликант во идното членство на НАТО. Дисконтинуитетот е и во резултатите на она што значи добрососедска политика, бидејќи од една конзервативна политика на еквидистанца дојдовме до инзвонредно добри односи со Грција, и со Бугарија и со Албанија и од тој аспект само прифаќам дека има дисконтинуитет. Има дисконтинуитет во активното, квалитативно, искрено поставување на Владата, на органите и на овој Парламент, во мнозинство за подобрување на односите и за зацврстување на надворешната политика и позиција на нашата земја.

И конечно да завршам би повторил тоа што го кажав во воведните напомени.

Прво, во овие шест - седум месеци е зацврстена правната рамка на соработката меѓу Македонија и НАТО. Поставени се основите за идната соработка, договорна низ Меморандумот за соработка, кои се подготвува, зацврстени се гаранциите за безбедноста на Македонија, афирмирана е натаму меѓународната позиција на Република Македонија, манифестирана е извонредна солидарност за напорите на меѓународната заедница во разрешувањето и мирното изнаоѓање на решенија за споровите и конечно, доближена е Македонија до европските и Евроатланските структури. Само не објективен човек тоа не може да го види, кој не сака да го види или не сака да го признае.

И последно и пак лично, по трет пат од оваа говорница, прв пат ќе ја спомнам и прашината и часовниците. Веќе почнува да е јасно дека не е проблемот во прашината и во часовникот, туку е проблемот што некој ниту може ниту сака да види дека е ново време и нов ден. Оваа дискусија, посебно на мојата ценета пратеничка Митрева, која премногу негативна енергија или жолч употреби во излагањето (глоптротери, тајванци, предавници), заборавајќи дека постои и Гостивар овде пред две години во таа власт, заборавајќи каде била Македонија само пред 6 месеци, како и она што вчера беше направено од оваа говорница од аспект на лицитацијата на предавствата или не предавствата, предавствата или не предавствата, ножиците, картите, поделбите и т.н., само покажува дека за некои луѓе ова беше предвремено применување на ратификацијата што е точка на дневен ред бр.4, за заштитата на лилјаците. Благодарам. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор ја заклучувам расправата.

Ве молам, г. пратеници ние имаме два вида на заклучоци.

Едниот е предлог на заклучоци содржан во извештајот на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за внатрешната политика и одбрана, а вториот вид на заклучоци е поднесен од пратеникот Никола Поповски.

По редот на нештата ние прво ќе гласаме за заклучоците на комисиите, а потоа ќе се произнесеме и по заклучоците на пратеникот Никола Поповски, кои што ви се доставени во писмена форма и имавте можност да ги видите и прочитате.

Според тоа, во рок од 30 секунди да гласаме за заклучоците содржани во Извештајот на двете комисии.

Од присутни 68 пратеника, 56 гласаа за, 2 против и воздржани 2.

Значи вкупно гласале 60 пратеника.

Според тоа констатирам дека се усвоени Заклучоците во извештајот на двете комисии.

Истовремено ве молам да гласаме и за предлогот на заклучоците, доставени од г. Никола Поповски.

Во рок од 15 секунди да гласаме.

Присутни се 68 пратеници, од кои "за" гласале 6, "против" 56, воздржани нема.

Според тоа овие заклучоци се одбиени.

Констатирам дека заклучоците содржани во Извештајот на комисијата за надворешна политика и Комисијата за внатрешна политика и одбрана се усвоени.

Господа пратеници, денеска веќе работиме 8,5 часа.

Јас предлагам денеска да ја прекинеме 21-та седница, а на 23 (среда) во 11 часот да ја продолжиме седницата.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

(Седницата прекина со работа во 19,35 часот).